БИБЛИСКА ДОКТРИНА

јан. ■ фев. ■ март ■ 2018

# *Повереничка служба:* ПОБУДИТЕ НА СРЦЕТО



Христијанска адвентистичка црква

# ПОВЕРЕНИЧКА СЛУЖБА:
# ПОБУДИТЕ НА СРЦЕТО

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2018

**ПОВЕРЕНИЧКА СЛУЖБА: ПОБУДИТЕ НА СРЦЕТО**
Автор: *Џон Х. Метјуз*

Број 1/2018

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**Христијанска адвентистичка црква**
(Црква на адвентистите на седмиот ден)
во Р. Македонија, ул. Влае бр. 42, Скопје,
Одделение за саботна школа

*Превод и форматирање:*
Мелита Томовска

*Одговара:*
Томе Трајков

*За издавачот:*
Михаило Гурев

## СОДРЖИНА:

1. Влијанието на материјализмот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

2. Гледам, сакам, земам . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14

3. Бог или богатството . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

4. Избегни ги патиштата на овој свет . . . . . . . . . . . . . . . 28

5. Повереницитe по Едемската градина . . . . . . . . . . . . . 35

6. Особини на повереникот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42

7. Биди чесен кон Бога . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

8. Влијанието на десетокот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56

9. Дарови од благодарност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 63

10. Улогата на повереничката служба . . . . . . . . . . . . . . . . 70

11. Долг – секојдневна одлука. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 77

12. Навиките на еден повереник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 84

13. Резултати на повереничката служба . . . . . . . . . . . . 91

**Додаток**

Утрински стихови - јануари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 98

Утрински стихови - февруари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .99

Утрински стихови - март . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100

Секојдневно читање на Библијата . . . . . . . . . . . . . . . . .101

Текстови за вечерно Богослужение . . . . . . . . . . . . . . . .102

Табели за почеток на саботата во Македонија . . . . . . .103



## УВОД
# ЖИВОТОТ НА ПОВЕРЕНИЦИТЕ

Како христијани треба да ја препознаеме својата грешна состојба пред да ја увидиме потребата за промена. Таа промена целосно може да се оствари единствено преку Христовото дејствување во нас. Еден начин на кој доаѓа до израз Неговото дејствување во нас е токму повереничката служба. Иако оваа служба опфаќа различни облици на христијанскиот живот, ние сега ќе ја дефинираме како управување со опипливите и неопипливите добра на слава на Бога.

Според Библијата, меѓу останатото, повереникот станува моќно орудие против опасноста од материјализмот (љубов кон поседувањето), или световноста воопшто – големите духовни стапици кои непријателот на душата ги става пред нас. Многу луѓе не сфаќаат дека богатството и имотот се вештачки зачини кои немаат вистинска вредност и кои на крајот го губат својот вкус. За жал, многу души ќе бидат изгубени, бидејќи нема да се ослободат од љубовта кон светот. Патиштата на овој свет, „похотта на телото, похотливоста на очите и горделивоста на животот“ (1. Јованово 2,16), можат да бидат ублажени, па дури и избегнати, ако начелата на повереничката служба ги примениме во својот живот.

Затоа ова тримесечје ќе се сосредоточиме на повереничката служба и на тоа како таа може да ни помогне да живееме во согласност со Божјата волја, што ни овозможува да се ослободиме од љубовта кон светот во сите нејзини облици. Повереничката служба е секојдневен практичен израз на тоа што значи да се следи Исус; израз на љубовта кон Бога, начин во својот живот да ја прикажеме вистината која ни е дадена во Христа. Ние сме повереници затоа што Бог прво покажал љубов кон нас.

Според тоа, нашиот живот како повереници го вклучува нашиот став, обратување, посветување, самодисциплина и уште многу други нешта. Треба да станеме Божји верни слуги, слуги од доверба, да живееме несебичен живот поврзувајќи се со Исуса во сѐ она што го правиме или го говориме. Во Христовата школа откриваме дека тоа е последица на повереничката служба, задоволство кое го дава правилниот начин на живот. Треба да научиме да управуваме со Божјиот имот на Негова слава, материјално да ја потпираме Неговата мисија за да се заврши Неговото дело.

Божјите повереници сега гледаат „како низ огледало, нејасно“ (1. Коринќаните 13,12), но Исус јасно гледа. Тој ни го доверува своето дело. Ние сме одговорни за правилно управување со сопствените дарови и парични средства, за одржување на здравјето и односот кон околината. Оваа поука треба да ни открие кои се нашите одговорности како повереници и како,

со Божјата благодат, можеме да ги исполниме овие одговорности не само за да го заработиме спасението, туку затоа што веќе сме го примиле.

Нашиот живот како повереници го одразува Божјиот карактер во светот, особено во животот на оние кои се осмелуваат да се држат до библиските начела, а посебно на оние кои се спротивставуваат на општоприфатените мерила и текови на нашата култура. Сите се наоѓаат во искушение да живеат безбожен живот. Искушенијата се насекаде околу нас, на непосреден и на помалку забележителен начин. Како христијани, посебно како повереници, не ни е само покажано како да ги избегнеме овие искушенија, туку ветена ни е и сила тоа да го направиме.

*Повереничката служба е секојдневен практичен израз на тоа што значи да се следи Исус; израз на љубовта кон Бога, начин во својот живот да ја прикажеме вистината која ни е дадена во Христа.*

На самиот крај, ќе ни биде упатена една од следните две реченици: „Никогаш Јас не сум ве познавал; одете си од Мене вие, кои правите беззаконие“ (Матеј 7,23). Или „Добро, сакан и верен слуго! Си бил верен во малку, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар“ (Матеј 25,23).

Наша надеж и молитва е она што ќе го научиме за повереничката служба во текот на ова тримесечје да ни помогне да чекориме на правиот пат и да ни бидат упатени зборовите: „Влези во радоста на својот господар.“

*Џон Х. Метјуз е проповедник кој служел на Флорида, во Алабама, Ајова, Мисури, Тенеси и Небраска. Денес работи како секретар на Одделението за повереничка служба при Генералната конференција.*

**Поука 1**
**Од 30. декември 2017 до 1. јануари 2018**

# ВЛИЈАНИЕТО НА МАТЕРИЈАЛИЗМОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Јованово 2,16.17; Лука 14,26-33; 12,15-21; 5. Мојсеева 8,10-14; 1. Тимотеј 6,10; Јован 15,5; Галатјаните 2,20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја“ (Римјаните 12,2).**

Бог во својата Реч му упатува порака на својот народ да не се прилагодува со овој свет, но привлечноста на материјализмот, неумерената желба за богатство и за она што сметаме дека богатството може да го пружи, е многу силно. Мал број луѓе, било да се богати или сиромашни, се надвор од влијанието на материјализмот. Меѓу нив се и христијаните.

Нема ништо лошо во тоа некој да биде богат или напорно да работи за да постигне успех и да се обезбеди себеси и своите сакани. Меѓутоа, кога парите или стремежот за пари ќе стане опсежен и силен, значи дека сме паднале во стапицата на сатаната и почнуваме да се однесуваме според „овој свет“.

Во овој свет владее мислењето дека добар живот, живот во изобилство можеме да си осигураме исклучиво со парите. Меѓутоа, парите се маска зад која се крие сатаната за да ја придобие нашата верност. Материјализмот е едно од оружјата на сатаната вперени во христијаните. Впрочем, кој не ги сака парите, и она што тие можат да ни обезбедат овде и сега? Меѓутоа, најмногу што можеме да постигнеме со парите е само моментално задоволство, но со нив не можеме да ги задоволиме нашите најдлабоки потреби.

## БОГОТ НА ОВОЈ СВЕТ

Парите станаа бог на овој свет, а материјализмот негова религија. Материјализмот е префинет и лукаво поставен систем кој нуди моментална, но не и конечна сигурност.

Материјализмот, како што овде го дефинираме, настанува кога желбата за богатство и поседување ќе стане поважно и повредно од духовната стварност. Материјалните добра што ги поседуваме можат да имаат своја вредност, но нивната вредност не треба да нѐ поседува нас: „Кој ги сака сребрениците, никогаш ги нема достатно; кој го сака богатството, никогаш не му се доста приходите. И тоа е суета“ (Проповедник 5,10). Кога е во прашање желбата за овоземското, проблемот се состои во следново: колку и да имаме, никогаш не ни е доволно; постојано настојуваме да стекнеме што повеќе од она што никогаш не може да нѐ задоволи. Разговарајте за оваа стапица!

**Прочитајте во текстот во 1. Јованово 2,16.17. Според овој текст, што е навистина важно?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 14,26-33. Што кажува Исус во овие стихови за тоа што е од најголема важност за христијаните?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Можеби тоа би можеле да го изразиме на следниов начин: за оние кај кои парите или желбата за пари ја проникнува целокупната стварност, треба навистина да размислат за последиците „зашто, што му користи на човекот, ако го добие целиот свет, а на својата душа ѝ напакости?“ (Марко 8,36)

„Кога Христос дошол на Земјата, се чинело како човештвото бргу да се приближува до својата најниска точка. Самите темели на општеството биле поткопани. Животот ја загубил својата содржина и станал извештачен... Насекаде во светот сите религиски системи го губеле влијанието врз умот и душата. Исполнети со одвратност кон измислиците и лагите, не сакајќи да размислуваат, луѓето се свртеле кон неверство и кон материјализмот. Исклучувајќи ја вечноста од своите мисли, тие живееле само за сегашноста“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 74.75 оригинал). *Луѓето свртени кон неверството и материјализмот живеат само за сегашноста*. Ви звучи ли ова познато?

**Постои ли некој кој не сака да поседува нешто? Се поставува прашањето: Како можеме да знаеме дека она што го поседуваме, дури и ако тоа не е многу, нѐ поседува нас? Кој единствено треба да нѐ поседува, и како можеме да бидеме сигурни дека е така?**

# ПОЛНЕЊЕ НА ЖИТНИЦИТЕ

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 12,15-21. Каква порака ни е упатена овде? Како може да се примени споменатото начело на некој кој не е богат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Било да сме богати или сиромашни, желбата за поседување може да го одврати нашиот ум од она што навистина е важно и да го насочиме, наместо тоа, на она што е привремено и минливо, што сигурно не вреди толку за да го загубиме вечниот живот.

Ние веројатно никогаш не би се поклониле на вистински златен или сребрен кип за да го обожаваме. Сепак, и понатаму можеме да бидеме во опасност да го обожаваме златото и среброто, само во друг облик.

Оваа библиска приказна може да се примени во многу делови на светот во кои животот се посветува исклучиво на стекнувањето на имот. Рекламирањето на своите производи трговците го претвориле во уметност на глобално ниво. Нивната целокупна маркетиншка стратегија е изградена на настојувањето да нѐ увери дека не можеме да бидеме среќни или задоволни доколку го немаме производот којшто тие го продаваат. Успешните компании создаваат одреден производ, нѐ уверуваат дека ни е потребен, а потоа ни го продаваат. Вистина е дека тоа им успева! Дури и христијаните, чија надеж не е од овој свет, не се заштитени од оваа измама.

**Прочитајте го текстот во 5. Мојсеева 8,10-14. На кои начини сите верници можат да се најдат во опасност поради заканата против која нѐ предупредуваат овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Какви примери можете да пронајдете, било во Библијата или во сегашниот свет, во кои стекнувањето на богатства и материјални добра влијаело на растот на човековата духовност, љубовта кон Бога и желбата за она што е небесно и духовно? Изнесете го својот одговор во саботношколската класа.**

## ПРИВЛЕЧНОСТА НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА

Светот на рекламите е моќен. Компаниите трошат милијарди и милијарди за да можат сликите на своите производи да ги ставаат пред нас. Тие скоро секогаш користат убави и привлечни личности за рекламирање на своите производи што ги продаваат. Гледајќи ги тие реклами, се гледаме себеси не само со тој производ, туку и како всушност да сме како лицата од тие реклами.

Материјализмот не би бил ни приближно толку успешен ако во рекламирањето не е вткаено суптилното (понекогаш и не толку суптилно) влијание врз сетилата. Тоа е најмоќна техника на рекламата, и дејствува како отров на христијаните, односно на повеќето од нас кои се борат против опасностите на материјализмот.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 6,22-24. Според христијанската мисла и дело, што претставува окото? Како христијани, како треба да реагираме на сликите кои на посреден начин нè мамат да го пробаме она што всушност и не ни е потребно?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Рекламите во кои сетилата се поврзуваат со одреден производ, можат да станат моќно орудие. Трговците ја продаваат својата стока создавајќи возбуда во умот на потрошувачите. Таквото искуство претставува чиста фантазија, но дејствува. Да се поведат луѓето во некој друг свет, макар и на кратко, може да дејствува скоро и мистично. Тоа станува лажна религија која не нуди знаење ниту духовна вистина, па сепак, во тој миг е толку примамлива и привлечна што мнозина не можат да ѝ одолеат. Сакаме нешто, чувствуваме дека тоа го заслужуваме, па зошто и да не го имаме? Никој, освен Бог, не знае колку пари се потрошени и уште колку допрва ќе бидат потрошени на производите за кои огласувачите нè уверуваат дека ни се потребни.

**„А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото“ (Галатјаните 5,16). Иако сме склони за „страстите на телото“ да размислуваме само во рамките на сексуалноста, на кои други начини можеме да дојдеме во опасност поради исполнување на овие желби?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ЉУБОВТА КОН НАШЕТО ЈАС

**„Зашто, преку благодатта што ми е дадена, му велам на секој еден помеѓу вас: да не мисли за себе повеќе отколку што треба да мисли - туку мислите нека ви бидат насочени кон разумно размислување, според мерата на верата, која Бог му ја доделил секому“ (Римјаните 12,3).**

Бог рекол: „Срцето ти се возгордеа заради твојата убавина, ја занемари својата мудрост, заради своето богатство!“ (Езекил 28,17) Луцифер се залажувал самиот себеси мислејќи дека е повозвишен отколку што е. Кога во своето срце рекол: „Ќе бидам еднаков со Севишниот“ (Исаија 14,14), ја открил својата славољубивост, барајќи ги правата кои не му припаѓале. Самозалажувањето и славољубивоста биле две одлики на Луциферовото паднато срце.

Овие текстови за падот на Луцифер зборуваат дека првобитниот грев бил нарцизмот, самодопаѓањето, кој речникот го одредува како „неумерено одушевување со себеси, самољубие, суета“. Кои особини, во секое паднато суштество, можат да бидат поголем показател за самоизмама од овие?

Сепак, овие особини се јавуваат многу почесто отколку што би помислиле. Навуходоносор горделиво сметал дека е повозвишен отколку што е (Даниел 4,30). Фарисеите верувале во оваа привлечна вообразеност (види: Лука 18,11.12). Ако не сме внимателни, и богатството може да нè наведе на оваа измама.

**Прочитајте го текстот во 1. Тимотеј 6,10. На каква опасност нè предупредува Павле во овој стих?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Павле го поучува Тимотеј да се чува од бројните лоши луѓе (2. Тимотеј 3,1-5), вклучувајќи ги и „среброљубците“. Љубовта кон парите може да поттикне претерана самодоверба и моќен став на самољубие и вообразеност. Ова се случува затоа што оние кои поседуваат многу добра, материјализмот ги исполнува со претерано чувство на важност. Лесно е кога некој има многу пари, да има високо мислење за себе. Всушност, секој сака да биде богат, но само неколкумина успеваат во тоа. Затоа богатите лесно можат да станат самољубиви, горделиви и фалбациски настроени.

**Прочитајте го текстот во посланието до Филипјаните 2,3. Како овој стих ни помага да сфатиме зошто материјализмот, и ставовите кои тој ги поттикнува, е толку спротивен на христијанските идеали?**

## КРАЈНАТА БЕЗВРЕДНОСТ НА МАТЕРИЈАЛИЗМОТ

Многу луѓе го сакаат Бога. Нивната личност е толку тесно поврзана со Него што материјалните добра не можат да извршат никакво влијание на нив.

**Прочитајте ги следните текстови: 5. Мојсеева 7,6; 1. Петрово 2,9; Јован 15,5; Галатјаните 2,20. Што значи да се биде Божја своина и каде да го пронајдеме својот вистински идентитет?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Бог вели: „Јас сум лозата, а вие прачките... без Мене не можете да направите ништо“ (Јован 15,5). Оваа врска е непосредна и сигурна. „Секоја вистинска послушност доаѓа од срцето. Тоа значи да се работи со Христа со цело срце. Ако сакаме, Тој ќе се изедначи со нашите мисли и цели, нашите срца и умови ќе ги доведе во хармонија со својата волја и ние, слушајќи го него, всушност постапуваме со согласност со нашите природни поттици“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 667 оригинал).

Од друга страна, материјализмот ни нуди идентитет кој е сличен на она што го имаме. Со други зборови, себеси се проценуваме врз основа на она што го имаме и што можеме да го купиме со овоземните добра. Јаков нѐ предупредува против следното: „Вашето злато и сребро за’рѓа; и нивната ‘рѓа ќе биде сведоштво против вас, и како оган ќе ги проголта вашите тела. Насобравте богатство во последните денови“ (Јаков 5,3). „Насобравте“ значи да се собираат и натрупуваат големи богатства; што е уште поважно, во овие богатства, било да се малку или многу, мнозина го пронаоѓаат својот идентитет (Лука 12,19-21).

Материјализмот е облик на конфузија на идентитетот. Тоа значи дека идентитетот на многумина меѓу нас е изедначен со она што го поседуваме. Нашиот имот станува наш бог (Матеј 6,19-21). Како што една личност рекла: „Јас сум ништо без мојот имот“. Тажно е кога се поистоветуваме само со овоземските добра кои ги имаме. Тоа е плиток, минлив и во крајна смисла ништовен начин да се живее еден живот, особено за некој кој тврди дека е христијанин. Дали се поистоветуваме со Бога или со нашиот посед? На крајот ќе го избереме едното или другото.

**Во колкава мера вашиот идентитет е поврзан со она што го поседувате?**

____________________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Непријателот во денешно време на мошне евтин начин ги купува душите. 'Бевте продадени за ништо' – вели Светото Писмо. Еден ја продава својата душа за да прими пофалба од светот, друг за пари, трет за да ги задоволи своите ниски страсти, четврт за световни задоволства. Вакви продажби се изведуваат секој ден. Сатаната го бара она што е купено со крвта на Христа и го купува евтино, иако за нивното спасение била платена бескрајна цена“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 5. книга, стр. 133).

Целта на сатаната е да ги купи душите со материјалните добра и со површните стапици кои се привлечни за секое срце. Материјализмот не зборува, но го знае секој јазик. Знае како да им пружи задоволство и на богатите и на сиромашните, и ги инспирира да кажат: „Имам сè што ми е потребно; зошто би се грижел за нешто друго“? Значи, материјализмот го изопачува умот; ги поттикнува луѓето да се потпираат на она што го имаат, а не на Бога. Меѓутоа, лекот се наоѓа во следните зборови: „Не со сила ни со снага, туку со Мојот Дух! - слово е на Господа над Војските“ (Захарија 4,6). Материјализмот не може да се спротивстави на контролата на Светиот Дух кога себеси му се предаваме на Бога и кога со Неговата благодат ќе одлучиме да не му дозволиме на материјализмот да владее со нашиот живот.

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кои сè начини можеме да бидеме изложени на опасностите кои ги разгледавме оваа седмица, иако сме сиромашни и немаме многу материјални добра?**

**2. Некои луѓе велат: „Не се грижам за парите. Парите ништо не ми значат. (Често пати оние кои ова го кажуваат имаат многу пари). Зошто, во повеќето случаи, тоа не е вистина? Финансиите се важни; тие имаат одредена улога во нашиот живот. Прашањето гласи: Како можеме парите и потребата за пари да ја посматраме од вистинското библиско гледиште?**

**3. „Не собирајте си богатства на земјата, каде што молецот и рѓата ги уништуват, и каде што крадци поткопуваат и крадат; туку собирајте си богатства во небото, каде што ни молец, ниту 'рѓа ги уништува, и каде што крадци не поткопуваат и крадат; зашто каде е твоето богатство, таму ќе биде и твоето срце“ (Матеј 6,19-21). Внимателно прочитајте ги овие Исусови зборови. Како тие претставуваат добар начин да се заштитиме себеси од опасностите на материјализмот?**

**Поука 2**
**Од 6. до 12. јануари 2018**

# ГЛЕДАМ, САКАМ, ЗЕМАМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 8,1-7; Матеј 13,3-7.22; 1. Мојсеева 3,1-6; Исаија 56,11; Матеј 26,14-16; 2. Петрово 1,5-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А посеаното меѓу трње е оној, кој го слуша словото, но грижите за светов и измамата на богатството го загушуваат словото, и станува неплоден“ (Матеј 13,22).**

Љубовта кон парите и материјалните добра може да биде поттикната од различни страни. Елена Вајт го опишува настојувањето на сатаната да нè намами во стапицата на материјализмот. „’Одете и оние кои се сопственици на земјишта и пари направете ги пијани од грижите на овој живот. Прикажете им го светот во најубава светлина за да го сочувате своето богатство овде и да ги зацврстите своите чувства кон земните работи. Мораме да направиме најмногу што можеме за да ги спречиме оние кои работат во Божјото дело да добијат средства кои ќе се употребат против нас. Држете ги тие пари во нашите редови. Колку повеќе средства ќе добијат, тие ќе му нанесат поголема штета на нашето царство крадејќи ни ги луѓето кои се под наша власт. Потрудете се повеќе да се грижат за парите отколку за изградба на Христовото царство и за ширење на вистината која ние ја мразиме, и тогаш не треба да се плашиме од нивното влијание, бидејќи знаеме дека секоја себична и алчна личност ќе падне под нашето влијание и дека конечно ќе биде одвоена од Божјиот народ’“ (*Совети за повереничка служба*, стр. 154.155 ориг.).

Се чини дека овој план, за жал, е успешен. Затоа, да ги согледаме сите овие опасности и што ни порачува Божјата реч за да ја избегнеме оваа духовна стапица.

# ЕВАНГЕЛИЕ НА ПРОСПЕРИТЕТ

Еден познат телевизиски говорник изнесува едноставна порака: Бог сака да ве благослови, а доказ за Неговиот благослов е изобилството материјални добра кои ги поседувате. Со други зборови, ако сте верни, Бог ќе ве направи богати.

Оваа мисла, или нејзините различни облици, е наречена евангелие на просперитет: *Следи го Бога и Тој ќе те направи богат со овоземни добра*. Тоа не е ништо друго, ами само лажно теолошко оправдување за материјализмот, бидејќи всушност вели: *Сакаш ли да бидеш материјалист и да се чувствуваш добро поради тоа? Па, имаме „евангелие“ за тебе.*

Сепак, поврзувањето на евангелието со загарантирано богатство доведува до заблуда. Ваквото верување не е во согласност со Писмото и одразува егоцентрична теологија која не е ништо друго освен полувистина преоблечена во библиски јазик. Во срцевината на оваа лага е прашањето кое лежи во сржта на целокупниот грев. Тоа е нашето јас и желбата првенствено да си удоволиме себеси.

Според учењето на евангелието на просперитетот, ако му се предадеме на Бога, за возврат ни е загарантирано материјално богатство. Меѓутоа, тоа Бога го прави автомат за продажба и нашата заедница со Него само ја претвора во една спогодба: *Јас го правам ова, а Ти ветуваш дека ќе го направиш тоа за возврат*. Ние даваме, не затоа што тоа е правилно да го правиме, туку поради она што ќе го добиеме за возврат. Тоа е евангелие на просперитетот.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 8,1-7. Што се случува? Кои начела ги забележуваме во овие текстови, а се спротивни на идејата на евангелието на просперитет? Што подразбира Павле под благодатта на давањето (види: 2. Коринќаните 8,7)?**

___

Овие луѓе, иако во „длабока сиромаштија“ (2. Коринќаните 8,2), сепак биле мошне великодушни, давајќи повеќе отколку што можеле да си дозволат. Текстовите слични на овие и на многу други, помагаат во побивањето на лажното учење на евангелието на просперитетот, според кое, ако живееме правилно пред Бога, ќе стекнеме многу материјални добра.

**Кои примери можете да ги пронајдете за оние кои му се верни на Бога, но не изобилуваат со овоземни добра, и за оние кои не му се верни на Бога, но се богати и поседуваат многу материјални добра? Што ни кажува тоа за користењето на богатството како показател за Божјите благослови?**

## ЗАМАГЛЕН ДУХОВЕН ВИД

Не ни е потребна Библијата за да воочиме една очигледна вистина: грижите на овој свет и неговото изобилство се привремени. Ништо на Земјата не трае долго. Како што рекол апостол Павле: „Зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото - вечно" (2. Коринќаните 4,18).

Видот на христијаните станува ограничен кога повеќе се сосредоточени на грижите на овој свет отколку на патеката која води во Небото. Но и малку од тоа може во голема мера да ги заслепи нивните очи и да не можат да ја видат таа патека од измамливоста на богатството. Хелен Келер, која била слепа, го рекла следното: „Најнесреќната личност на светот е онаа која има сетило за вид, а не гледа". Во Библијата има многу примери на личности кои можеле да гледаат, но биле духовно слепи.

„Некои луѓе толку многу го сакаат овој свет што таа љубов ја потиснува љубовта кон вистината. Како се зголемува нивното богатство, така нивниот интерес за небесното богатство слабее. Колку се поголеми нивните овоземни добра, толку повеќе ги присвојуваат за себе како да се плашат дека тоа сакано богатство ќе им биде одземено. Колку повеќе имаат, помалку на другите им даваат, бидејќи колку повеќе имаат чувствуваат дека се сè посиромашни. О, мамливо богатство! Тие нема да ја увидат ниту почувствуваат потребата за Божјото дело" (Елена Вајт, *Spiritual Gifts*, 2 книга, стр. 267).

Заматениот духовен вид го изложува на опасност вечното спасение. Не е доволно само да го имаме Исуса предвид, мораме да бидеме и живо сосредоточени на Него.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 13,3 - 7.22. На каква опасност нè предупредува Исус? Зошто сите лесно можат да паднат во оваа стапица, и богатите и сиромашните?**

---

Како прво, Исус нè предупредува против „грижите за светов" (Матеј 13,22). Тој знае дека сите ние имаме грижи, вклучувајќи ги и финансиските. Сиромашните се грижат што немаат доволно, богатите се грижат за тоа што уште би можеле да имаат. Мораме да бидеме сигурни таквите грижи да не „го задушуваат словото" (Матеј 13,22) во нашиот живот.

Второ, Исус нè предупредува против „примамливото богатство" (Матеј 13,22). Иако богатството само по себе не е лошо, тоа и понатаму има моќ да нè залаже и да нè поведе кон конечно уништување.

**На кои начини ја забележувате „измамата на богатството" во својот живот? Кои практични одлуки можете да го донесете за да се заштитите од оваа измама?**

## ПАТОТ НА ЛАКОМСТВОТО

Како и сите гревови, лакомството почнува во срцето. Настанува во нас, а потоа дејствува надвор од нас. Токму тоа се случило во Едемската градина.

**Прочитајте ги стиховите во Мојсеева 3,1-6. Што направил сатаната за да ја намами Ева да стори грев? Како тој со векови го користи истото начело за да нè измами и нас?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Жената виде дека дрвото е добро за јадење, пријатно за очите и дрво пожелно за да се постане мудар: набра од неговиот плод и го јаде. Му даде и на својот маж, кој беше со неа, па и тој јадеше." (1. Мојсеева 3,6).

Некој би можел да помисли дека рекламната индустрија земала пример од извештајот за Едемската градина за тоа како да се продадат одредени производи. Плодот од забранетото дрво сатаната го претставил на таков начин што кај Ева создал желба да сака повеќе отколку што веќе има, и да ја увери дека ѝ е потребно нешто што всушност не ѝ е потребно. Прекрасна идеја! Нејзиниот пад е приказ на трите чекори кои секој од нас ги прави кога ќе нè обземе лакомството: *Гледам, сакам, земам*.

Лакомството, секако, може да биде незабележителен грев. Како и страста, скриен е зад наметката на нашето тело. Меѓутоа, на крајот, кога ќе го донесе својот род, тој може да биде разорен. Може да ги уништи односите. Да остави лузни на саканите и подоцна да нè оптовари со вина.

Ако дозволиме лакомството да избие на површината, тоа ќе го прегази секое начело. Царот Ахав го забележал лозјето на Навутеј и посакал да го има. Чувствувал незадоволство сè додека царицата не наредила Навутеј да биде убиен (1. Царевите 21). Ахан не можел да одолее кога ги здогледал плаштот и парите. Во него се јавила страст кон тоа, па ги зел (Исус Навин 7,20-22). На крај можеме да кажеме дека лакомството е само друг облик на себичноста.

„Ако себичноста е облик на гревот кој преовладува, лакомството може да се смета за преовладувачки облик на себичноста. На ова посебно укажува апостол Павле кога, опишувајќи дека во последните денови ќе настанат 'тешки времиња' (2. Тимотеј 3,1), ја прикажува себичноста како плодоносен корен на сите зла кои тогаш ќе преовладеат, а лакомството како негов прв плод. ‚Зашто луѓето ќе бидат саможиви, среброљупци'" (Џон Харис, *Mammon,* [New York: Lane and Scott, 1849], стр. 52).

**Зошто е важно да ја препознаеме во нас секоја склоност кон лакомство?**

## АЛЧНОСТ – ДА СИ ПРАВИМЕ СÈ НА СВОЈ НАЧИН

**Прочитајте го текстот во Книгата за пророкот Исаија 56,11. На каков грев се однесува оваа опомена?**

______________________________________________________________

За нас, како паднати суштества, алчноста може да биде лесна исто како и дишењето. И подеднакво природна. Меѓутоа, тешко е да се замисли нешто друго во човековиот карактер што помалку го одразува Христовиот карактер како алчноста. „Зашто позната ви е благодатта на нашиот Господ Исус Христос, како заради вас од богат стана сиромашен, за да се обогатите вие преку Неговата сиромаштија“ (2. Коринќаните 8,9)

Само Господ знае каква штета предизвикала алчноста во текот на историјата. Алчноста ги повела луѓето во војни. Алчноста ги поттикнала луѓето да извршат злодела кои им донеле пропаст ним и на нивните семејства. Алчноста може да биде како вирус кој се прилепува за својот домаќин и ја исцицува секоја доблест сè додека не остане само уште поголема алчност. Алчноста е болест која сака сè: страст, сила и имот. Повторно забележуваме три чекори: *Гледам, сакам, земам*.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 26,14-16. Што можеме да научиме за силата на алчноста од овој тажен извештај?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Забележете ги зборовите на Јуда: „Што ќе ми дадете, за да ви го предадам?“ (Матеј 26,15). Ова е пример за тоа што се случува кога ќе дозволиме алчноста да потисне сè останато. Јуда уживал предност како малкумина во целата историја: живеел со отелотворениот Исус, бил сведок на Неговите чуда, слушал како ги проповеда зборовите на животот. Па сепак – погледнете што го натерале алчноста и лакомството да направи.

„Колку нежно постапувал Спасителот со својот иден предавник! Во своето учење Исус се задржувал на начелата на доброчинствата што удирале во самиот корен на алчноста. На Јуда му го изнел гнасниот карактер на лакомството и повеќепати овој ученик разбрал дека е оцртан неговиот карактер и истакнат неговиот грев, но не сакал да признае и да ја напушти својата неправда“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 295. оригинал).

**Кој, доколку не бил внимателен, не покажал алчност во својот карактер? Како, со Божјата благодат, можеме да ја држиме под контрола оваа вродена склоност?**

## ВЛАДЕЕЊЕ СО СЕБЕСИ - САМОКОНТРОЛА

**Прочитајте ги следните текстови. Како тие можат да ни помогнат да сфатиме на кои начини можат луѓето, било богати или сиромашни, да се заштитат себеси од опасноста кои за христијаните ја претставуваат алчноста, лакомството и љубовта кон парите и материјалните добра?**

**Дела 24,24-26.** ____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**Галатјаните 5,22-25.** ____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**2. Петрово 1,5-9.** ____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Овие текстови имаат богато значење и изобилуваат со божествени налози во врска со тоа како би требало да живееме. Меѓутоа, забележете една заедничка нишка: владеење над самиот себе. Оваа особина е тешко да се има, особено кога станува збор за алчноста, лакомството и желбата да поседуваме работи. Само ако владееме со себеси, првенствено со своите мисли а потоа и со делата, можеме да се заштитиме од опасностите за кои зборувавме.

Ние можеме да владееме со самите себе само до онаа мера до која се предаваме себеси на Господовата сила. Никој од нас, сам, не може да ги победи овие грешни особини, посебно ако долго се негуваат. Нам навистина ни е потребно натприродното дејствување на Светиот Дух во животот ако сакаме да извојуваме победа нас овие силни измами. „Никакво искушение не ве постигна, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите“ (1. Коринќаните 10,13).

**Прочитајте го повторно текстот во 2. Петрово 1,5-9. На што укажува Петар? Какви чекори се во прашање и како можеме да ги следиме, посебно во нашата борба против алчноста и лакомството?**

____________________________________________

____________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Крајната цел на човекот е да биде среќен и задоволен. Меѓутоа, ако материјализмот нè исполнува, нема да ја оствариме оваа цел. Луѓето длабоко во себе знаат дека ова е вистина, па сепак и понатаму се упорни во својата обземеност за поседување: *Гледам, сакам, земам*. Што може да биде поедноставно од ова? Христијаните адвентисти, како и сите други, се соочуват со искушението да ги прифатат вредностите на материјализмот. Сепак, постојаното стекнување на добра не донесува среќа и задоволство. Напротив, тоа создава проблеми, како што гледаме во примерот кога богатиот младич го напуштил Исуса несреќен, натажен и потиштен затоа што не го слушнал или не го добил тоа што го сакал. „Материјалистичките вредности се поврзани со продорно нарушување на човековата благосостојба, од слабо животно задоволство и среќа до депресија, вознемиреност, физички проблеми како главоболка, до нарушување на личноста, самобендисано и асоцијално однесување“ (Tim Kaser, *The High Price of Materialism* [Cambridge, Mass.: The MIT Press, 2002], стр. 22).

Христијаните кои се обземени со материјалистички дух, со други зборови, гордо пијат од изворот на богатството, но тие се духовно дехидрирани. Меѓутоа, никогаш нема да ожедниме ако пиеме од водата што ни ја нуди Христос (Јован 4,14).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе за поимот евангелие на просперитетот. Кои текстови, оние кои веруваат во оваа замисла, можат да ги употребат за да го поткрепат својот став? Во исто време, кои примери можеме да ги пронајдеме во Библијата за верните луѓе кои со својот живот го побиваат ова лажно учење?**

**2. Кога неговото прво дете имало неколку години, еден човек рекол: „Научив две важни библиски вистини од моето дете. Прво, дека сме родени како грешници. Второ, дека сме родени алчни“. Кои примери можете да ги наведете за тоа, како дури и децата откриваат колку се алчни по својата природа? Што ни кажува тоа за потребата од божествената благодат?**

**3. „Ако го бараме изворот за своите неволји“, напишал некој, „не треба да ги испитуваме луѓето за дрога, туку за неразумноста, незнаењето, алчноста и желбата за моќ“. Зошто алчноста е толку разорна, не само за алчната личност, туку и за оние околу неа? Какви примери можете да наведете во кои лакомоста предизвикала страшна штета кај сите кои на одреден начин биле вклучени во тоа?**

**Поука 3**
**Од 13. до 19. јануари 2018**

# БОГ ИЛИ БОГАТСТВОТО?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 33,6-9; Матеј 19,16-22; 1. Петрово 1,18; Евреите 2,14.15; 2. Мојсеева 9,14; Псалм 50,10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа и Бог го превозвиши и му подари име, што е над секое име, и во Исусовото име да се поклони секое колено на оние: кои се на небото, и на земјата, и под земјата; и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото“ (Филипјаните 2,9-11).**

Бог не зборува опширно објаснувајќи го своето гледиште за претераната обземеност со парите и материјалните добра. Христовите зборови упатени до алчниот богаташ, кој, иако Господ го благословил, сè повеќе го натрупувал својот имот, треба да нè исполни со Божјиот страв: „Безумниче, ноќеска ќе ти се побара твојата душа! Чие ќе биде тоа, што си го приготвил?’ Така бидува со оној, кој собира благо за себеси, а не се богати во Бога“ (Лука 12,20.21).

Служењето на Бога и служењето на парите меѓусебно го исклучува едното или другото. Го бираме или едното или другото, или Бога или богатството. Се залажуваме себеси ако мислиме дека можеме да ги имаме и двете, бидејќи двојниот живот порано или подоцна ќе нè стаса. Можеме да ги лажеме другите, можеби дури и себеси, но не и Бога пред кого еден ден ќе полагаме сметка.

Треба да одлучиме, и колку повеќе се двоумиме, бараме оправдувања, одложуваме, парите и љубовта кон парите ќе извршат посилно влијание на нас. Верата бара да донесеме одлука.

Одлуката полесно ќе ја донесеме ако се сосредоточиме на фактот кој е Бог, што прави Тој за нас и што му должиме.

## ХРИСТОС, СОЗДАТЕЛ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,1; Псалм 33,6-9; Исаија 45,11.12; Еремија 51,15; Јован 1,3. Што ни кажуваат овие текстови за добрите страни на материјалниот свет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Христос бил тој кој ги распрострел небесата и ги положил темелите на Земјата. Неговата рака била таа што ги поставила световите во просторот и го обликувала полското цвеќе. 'Ги утврдуваш горите со својата сила.' „Негово е морето, Тој го создаде' (Псалм 65,6; 95,5). Тој е Оној кој ја наполнил Земјата со убавина и воздухот со песна. Тој ја напишал пораката на љубовта на Отецот на сите дела на Земјата, во воздухот и на небото" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 20. ориг.).

Сами по себе, материјалните добра не се лоши. За разлика од некои религии, кои учат дека материјалниот свет и самата материја сами по себе се зли или лоши и дека само духовните работи се добри, Библијата го вреднува материјалниот свет.

Всушност, Исус лично го создал. Како, тогаш, може да претставува зло? За жал, и тој, како што е случај со сите Божји дарови, може да биде изопачен и употребен за зло, но тоа првобитниот дар не го прави лош. Библијата предупредува против злоупотреба и изопаченост на она што Бог го создал на овој свет, а не на самите дела на создавањето.

Напротив, Бог го создал материјалниот свет со желба Неговиот народ да ужива во плодовите и предностите на овој свет: „Уживај ги сите добра со кои Господ, твојот Бог, те опсипа тебе и твојот дом" (5. Мојсеева 26,11; види: 5. Мојсеева 14,26).

Исус е Создател (Јован 1,1-3), а Земјата е вистински пример кој го потврдува тоа што го создал. Неговата создателска способност Му пружа единствено согледување на животот и на оние кои живеат на неа. Тој ја познава вредноста на материјалните добра кои ни ги подарил за наша полза, дури и кога би уживале во нив. Тој исто така, знае што се случува кога човек ќе ги изопачи овие дарови или ќе ги постави како крајна цел, иако би требало првенствено да се употребат на слава на Бога, како и сè останато.

**Погледнете ги околу себе неверојатните богатства на создаденот свет. Дури и по разорното влијание на гревот, и понатаму во голем дел на сè она што е создадено можеме да ги воочиме првобитните добра. Што ни кажуваат тие добра на создадениот свет за добрината на Создателот?**

# БОЖЈИОТ СИН/СИНОТ ЧОВЕКОВ

Како христијани, ние веруваме дека Исус во потполност бил и Бог и човек. Ова соединување на божественото и човечкото Му овозможило да стекне единствено гледиште за тоа што е важно на Земјата и што е важно за вечноста. Тоа што не сфаќаме како Тој можел да има и божествена и човечка природа не ја поништува оваа вистина, како што ни нечие неразбирање на аеродинамиката не влијае на тоа авионот да полета.

„Постојат две меѓусебно поврзани тајни – постоење на повеќе личности внатре во единствениот Бог и заедница на божественото и човечкото во личноста на Исуса Христа... Ништо измислено не е толку неверојатно како оваа вистина за отелотворувањето“ (J. I. Peker, *Knowing God* [Downers Grove, Illinois: InterVarsity Press, 1973], стр. 53).

Една од причините зошто Исус дошол на овој свет била да ни покаже колку Бог е грижлив, полн со љубов и колку се грижи за секој од нас. Исус ни го открил вистинскиот карактер на нашиот небесен Татко, кој во никој случај не е рамнодушен ниту далечен Бог, како што некои верувале.

Меѓутоа, сатаната се обидел да го одвои човекот од Бога. Се обидел да го обезличи Бога, прикажувајќи го како некој кому не му е грижа за нас. Тој прави сè што е во негова моќ, со сите можни средства, да не попречи да ја запознаеме и да ја искусиме стварноста на Божјата добрина и благодат. Неограничената љубов кон материјалните добра претставува успешно средство во настојувањата на сатаната да ја постигне ваквата цел.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 19, 16-22. Што ни кажува овој извештај за тоа како сатаната може да ја употреби нашата љубов кон материјалните добра за да нè оддалечи од Господа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Замислете го Исуса лично, Бог во тело, како му се обраќа на овој младич кој очигледно знаел дека Исус бил посебна личност. Па, сепак, што се случило? Тој дозволил неговото големо богатство, љубовта кон материјалните работи да го одвои од Бога лично. Љубовта кон светот и кон материјалните добра толку го заслепила што, иако бил тажен, таа тага не била доволна да го натера да го направи она што е правилно. Тој не бил тажен затоа што го губел својот имот (не го губел). Бил тажен затоа што, поради материјалните добра, го губи животното определување.

**Како можеме да бидеме сигурни дека негуваме правилен однос кон овоземните вредности, без разлика дали сме богати или сиромашни?**

## ХРИСТОС, ОТКУПИТЕЛ

Долгот не е небесно начело. Меѓутоа, Адам и Ева згрешиле, а прекршениот Закон значел смрт. Според тоа, човекот станал должник на божествената правда. Сè сме изгубиле и во духовна смисла не сме можеле да го отплатиме долгот.

Бог во својата љубов кон нас го започнал планот на откупување. Исус станал нашиот „Залог“ (Евреите 7,22). Токму Исус, со својата улога на Откупител, го покренува најважното порамнување кое некогаш било направено. Само жртвувањето на Неговиот живот можело да ја плати бараната цена на божествената правда. Исус го платил нашиот долг за гревот кога правдата и милоста се соединиле на крстот. Универзумот никогаш не видел такво богатство какво што било положено при плаќањето на откупот за човечкиот род (Ефесјаните 5,2).

„Истресувајќи ја целокупната небесна ризница на овој свет и давајќи ни го во Христа целото небо, Бог ги откупил волјата, чувствата, умот и душата на секое човечко суштество поединечно“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 326, оригинал).

**Прочитајте ги следните текстови и наведете од што нè спасил Христос: Колошаните 1,13; 1. Солуњаните 1,10; 1. Петрово 1,18; Евреите 2,14.15; Галатите 3,13; Откровение 1,5.**

---

Грчкиот збор *tetelestai*, кој се споменува во Евангелието според Јован 19,30, се смета за најважен збор кој некогаш бил изговорен. Неговото значење „свршено е“ биле последните зборови што ги изговорил Исус на крстот. Неговата последна изјава значи дека Неговата мисија е остварена, а нашиот долг во потполност платен. Тој не ја изговорил како Оној кој нема надеж, туку како Оној кој успеал да го откупи изгубениот свет. Со набљудување на крстот на откупувањето, откриваме настан од минатото чиишто последици се чувствуваат и во сегашноста, и кој ни нуди надеж во иднината. Исус го дал својот живот за еднаш засекогаш да ги уништи гревот, смртта и делата на сатаната. Тоа значи дека сме откупени, иако тоа не го заслужуваме (Ефесјаните 1,7). Да го гледаме чудото на спасението значи да стапнеме на свет терен.

Христос, како Откупител, е највозвишена слика на Бога. Тој бил заинтересиран да нè откупи. Тоа го открива Неговиот став кон човечкиот род, а посебно фактот колку ја вреднува заедницата со нас. Откако правдата била задоволена, Христос го насочува своето внимание кон нашиот одговор на Неговата жртва.

**Размислете за следното: Христос во потполност го платил долгот за сите зла што некогаш сме ги направиле. Како треба да одговориме на тоа? (Види: За Јов 42,5,6)**

## ЉУБОМОРЕН БОГ

Во судирот со фараонот, Бог изјавил: „Ако не го пуштиш, сите свои зла ќе ги навалам овој пат врз тебе, врз твоите службеници и врз твојот народ, така да сознаеш дека нема никој, на целата земја, каков што Сум Јас" (2. Мојсеева 9,14).

**Што мислел Господ кога рекол: „Нема никој, на целата земја, каков што Сум Јас"?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Ограничениот човечки ум не може во целост да ги сфати карактерот и делата на бесконечниот Бог. Дури и за најпроникливиот ум, за најсилниот и најобразован дух ова свето Битие засекогаш ќе остане обвиено со таинственост" (Е. Вајт, *Testimonies for the Church*, 5. книга, стр. 698.699).

Бог нема рамен на себе (1. Царевите 8,60). Тој размислува, помни и дејствува на начин кој ние не го разбираме. Колку и да се трудиме да Го обликуваме според нашата замисла, Бог останува Бог. Токму Тој е Оној кој ја создал секоја снежна снегулка, ум, лице и лични особини како единствени и „нема друг" (1. Царевите 8,60). Впрочем, Тој е Создател, и како Создател сигурно се разликува од делата на создавањето.

**Што ни кажуваат следните текстови за тоа колку Бог е поинаков од делата на создавањето? 1. Самоилова 2,2; Псалм 86,8; Исаија 55,8.9; Еремија 10,10; Тит 1,2.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога ќе погледнеме сè она што Бог е, што поседува и што прави, би било необично да се натпреварува со некого. Па, сепак тоа го прави, во смисла дека мора да се „натпреварува" за човековата љубов и наклонетост. Можеби затоа што Тој вели дека „љубоморен" Бог, Бог „Ревнител" (2. Мојсеева 34,14). Бог ги создал луѓето како слободни суштества, што значи дека имаме слобода на избор да му служиме Нему или на нешто друго. Тоа, на многу начини, е основниот човеков проблем: избира да им служи на други богови, без оглед на тоа во кој облик се јавуваат, наместо да му служи на единствениот Бог, кој е достоен човек да Му служи, Единствениот кој го создал и во чија сопственост е целиот универзум. Затоа можеме да кажеме дека Тој навистина е љубоморен Бог.

**Што во вашиот живот, ако постои такво нешто, се натпреварува со Бога за да ја освои вашата наклонетост?**

## ВИСТИНСКО СОПСТВЕНИШТВО

Ние му припаѓаме на Бога и според создавањето и според откровението. И не само што му припаѓаме на Бога, туку и сѐ она што го поседуваме. Ние лично не поседуваме ништо, освен нашите одлуки.

Наспроти тоа, главното начело на световниот начин на размислување е дека ние сме сопственици на сѐ што имаме. Меѓутоа, тоа не е вистина. Ако христијаните сметаат дека се крајни сопственици на она што го поседуваат, тогаш не размислуваат во согласност со учењето на Божјата реч.

Бог поседува сѐ, а не ние (За Јов 38,4-11). Ние сме само „странци и гости“ (3. Мојсеева 25,23), како што биле Израелците во Ветената земја. Ние зависиме од Бога дури и кога е во прашање следниот здив (Дела 17,25). Она што мислиме дека го поседуваме, го поседува Тој. Ние сме Негови повереници, и како такви, треба да управуваме со својот опиплив и неопиплив посед на слава на Бога.

**Од следните стихови наведете некои подробности кои Бог ги поседува: 5. Мојсеева 10,14; Псалм 50,10; 104,16; Езекил 18,4; Агеј 2,8; 1. Коринќаните 6,19.20. Што ни кажуваат овие текстови за тоа како би требало да гледаме на материјалните работи што ги поседуваме?**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

„Сѐ му припаѓа на Бога. Но, луѓето можат да го занемарат тоа. Додека Бог обилно ги опсипува со своите благослови, луѓето често ги употребуваат Неговите дарови за свои себични задоволства; но тие ќе бидат повикани да дадат сметка за тоа како ја извршувале должноста како повереници“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 9. книга, стр. 246).

Бог, како сопственик на сѐ, и нашата повереничка служба се во одреден заемен однос и, благодарение на тоа, Тој може да нѐ подготви за Небото и да им донесе добро и благослов на другите. Меѓутоа, неверните слуги на Сопственикот можат да му го ограничат пристапот до Неговиот имот. Како што видовме во отсекот за среда, Бог не ни ја наметнува својата волја. Тој нѐ создал и ни дал наместо Него да управуваме со материјални добра во овој свет, додека Тој не се врати. Како постапуваме кон нив, тоа го одразува и нашиот однос кон Него.

**Размислете што всушност значи да не поседувате ништо од она што го имате, туку дека сѐ му припаѓа на Бога. Што ни кажува тоа, како треба да се однесуваме кон она што е во наша сопственост?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Повереничката служба, според нашето сфаќање, започнала кога Бог ги поставил Адам и Ева во преубавата градина да ја чуваат и да работат во неа (1. Мојсеева 2,15). Во тоа совршено опкружување тие требало да ја направат градината пријатна за живот, што и не била тешка задача. Бог им ја објаснил нивната нова улога и ги поучил за одговорностите. Грижата за Едемската градина им дала смисла и му донела среќа на новото семејство.

Еврејскиот збор преведен како „господар" (1. Мојсеева 1,26.28) значи да „управува, владее". Врз основа на текстот, оваа власт не била сурова, туку благонаклоно владеење и грижа за Божјите дела на создавањето. Таквата одговорност ни до ден денес не престанала. Во тоа опкружување Адам и Ева требало да научат дека Бог е Сопственик, а тие негови управители или повереници. Уште од самиот почеток Бог имал намера Адам и Ева да имаат одредена одговорност и да им биде укажана доверба, но не како сопственици. Требало да му покажат на Бога дека се верни на задачата што им била доверена.

„На Адам и Ева им била доделена задачата да се грижат за Едемската градина, да ја обработуваат и да ја чуваат. Биле среќни додека ја извршувале таа работа. Умот, срцето и волјата дејствувале во совршена согласност. Работата не ја сметале за заморна и тешка. Нивните часови биле исполнети со корисна работа и меѓусебна заедница. Бог и Христос ги посетувале и разговарале со нив. Им била дадена потполна слобода... Бог бил сопственик на нивниот Едемски дом. Тие управувале со него" (Елена Вајт, *Manuscript Releases*, 10. книга, стр. 327).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Свесни за фактот дека светот е Божја сопственост, што можеме да научиме за нашата основна одговорност кон животната околина? Иако треба да ја избегнуваме политичката крајност на некои луѓе кои се залагаат за зачувување на животната средина и кои безмалку ги обожаваат самите дела на создавање, каков став како христијани би требало да заземеме во поглед на зачувувањето на животната средина?**

**2. Размислувајте повеќе за Бога како „љубоморен" Бог. Не е секогаш лесно да се сфати оваа замисла, особено кога љубомората, гледано од човечки агол, е нешто лошо, нешто што треба да го избегнуваме. Како тогаш можеме да ја сфатиме оваа идеја, кога ќе се примени на Бога, без негативното значење кое светот обично ѝ го припишува?**

**3. Како можеме да правиме разлика меѓу соодветната употреба на физичките работи кои Бог ги создал, и уживањето во нив и нивната злоупотреба? Зошто е важно да ја правиме оваа разлика?**

**Поука 4**
**Од 20. до 26. јануари 2018**

# ДА ГИ ИЗБЕГНЕМЕ ПАТИШТАТА НА ОВОЈ СВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм, 119,11; Ефесјаните 6,18; Римјаните 8,5.6; Евреите 11,1-6; 1. Царевите 3,14; Езекил 36,26.27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Богатството не помага во денот на Божјиот гнев, а правдата избавува од смрт... Кој се надева на богатство, пропаѓа, а праведните ќе цветат како зелено лисје“ (Мудри изреки Соломонови 11,4.28).**

Иако сатаната не успеал да ги оствари своите намери против Исуса, успеал во врска со сите останати. Тој ќе продолжи да прави така, доколку не се бориме со Божјата сила и со Неговото оружје, бидејќи Бог е единствениот кој нуди слобода од привлечноста на овој свет.

Значи, мораме нашето внимание да го сосредоточиме на својот небесен Дародавец. Давид, сфаќајќи ја вистинската вредност во овој живот, забележал: „Младите лавови трпат беда и гладуваат, а кои го бараат Господа не трпат оскудица“ (Псалм 34,10). Соломон увидел дека мудроста и разумот се поскапоцени од среброто и златото (Мудри изреки 3,13.14). Кога нашиот поглед ќе го свртиме од она што го имаме и ќе го насочиме кон живиот Христос, чија сопственост сме, тогаш во нашиот живот ќе настапи вистинска среќа и правилен начин на живеење.

Нашата единсвена надеж да ја избегнеме привлечноста на овој свет е жива и успешна заедница со Исуса. Оваа седмица ќе ги проучуваме основите на оваа заедница и колку е важно за нашата добра духовна состојба да ја препознаеме силата која се крие зад маската на овој свет и да увидиме дека Христос е вистинската смисла на животот.

## ЗАЕДНИЦА СО ХРИСТА

Љубовта кон овоземните добра, дури и од страна на оние кои немаат многу, може да претставува силен синџир кој ја врзува душата за светот наместо за Христа. Дури и ако немаме многу овоземни добра, силната желба да стекнеме материјални добра може да стане страшно проклетство, кое, ако не се стави под Господова управа, ќе ја поведе душата далеку од спасението. Сатаната ова го знае и затоа ја користи љубовта кон материјалните добра за да може што поголем број луѓе да се фатат во таа стапица.

Која е нашата единствена заштита?

**„Мислете за она што е горе, не за она што е на земјата“ (Колошаните 3,2) Како го спроведуваме ова што Павле ни кажува да го правиме? (Види: Псалм 119,11; Ефесјаните 6,18)**

______________________________________________________________________

**Кои текстови ни зборуваат за тоа на што треба да го сосредоточиме својот ум? (Види на пример: Филипјаните 4,8)**

______________________________________________________________________

Единствениот лек против световноста, во каков било облик да е тој, е постојано да се посветуваме на Христа (Псалм 34,1) во подемите и во падовите во животот. Мојсеј „хулењето на Христа го сметаше за поголемо богатство од египетските богатства“ (Евреите 11,26). Христос мора да биде на првото место, пред секој друг однос. Христос бара посветување втемелено на убедување, не на предимства; односно, мораме да му бидеме посветени на Христа поради она што Тој е и она што го прави за нас, а не поради моменталните предности кои ни ги даваат верата и нашата посветеност Нему.

Нашиот живот треба да биде скриен во Христа, а Неговите планови треба да бидат наши планови. Вистинска посветеност покажуваме кога ќе ја положиме раката на плугот и не се вртиме назад (види: Лука 9,62). Кога сме во толкава мера посветени, Исус нè издигнува до нашите највисоки можности. Кога ќе му се предадеме, ги скршиме стегите со кои овој свет ја држи нашата душа. Во центарот на нашиот живот мора да биде Христос, а не материјалните добра; само Тој може да ја исполни празнината во нашиот живот.

**Сетете се на моментот кога сте стекнале одредени материјални добра, нешто што навистина многу сте го сакале. Колку траеле радоста и исполнетоста пред да избледат и вие сте се нашле токму таму каде што сте биле на почетокот?**

## ВО РЕЧТА

Повеќе од шест милијарди Библии се поделени насекаде во светот, но колку луѓе ја сметаат за Реч на живиот Бог? Колку луѓе ја читаат со искрено срце, подготвени да ја дознаат вистината?

Соодветното проучување на Библијата го насочува нашиот духовен компас и нè оспособува да се движиме во светот полн со лаги и измами. Библијата е жив документ со божествено потекло (Евреите 4,12), и како таква ни укажува на вистината која не можеме на поинаков начин да ја запознаеме. Библијата е мапа со која Христос ни го покажува патот во секојдневниот живот, таа нè просветлува збогатувајќи го нашиот разум и облагородувајќи го нашиот карактер.

**Прочитајте ги текстовите во Евангелието според Јован 5,39; 14,6 и 20, 31. Библијата, посебно Евангелието, со најголем авторитет ни открива подробности за Исуса. Што ни кажуваат за Исуса овие текстови од Евангелието според Јован? Зошто Тој е толку важен за нас и за сè она во што веруваме?**

___

Ние ја проучуваме Библијата бидејќи таа е основен извор на Вистината. Бидејќи Исус е Вистината, во Библијата дознаваме за Него онолку колку што во неа ни е откриено. Тука, во Божјата реч, Стариот и Новиот завет, дознаваме кој е Исус и што прави Тој за нас. Во нас потоа се јавува љубов кон Него и ние му го посветуваме својот живот и душа на Неговата вечна грижа. Со тоа што го следиме Исуса и ја извршуваме Неговата реч, се ослободуваме и од оковите на гревот и од овој свет, како што е откриено во Неговата реч. „И така, ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни“ (Јован 8,36).

**Прочитајте го текстот во Посланието според Римјаните 8,5.6. Какво предупредување наоѓаме во овој текст и како проучувањето на Божјата реч може да ни помогне во таа борба за нашиот ум?**

___

Љубовта кон светот, посебно љубовта кон овоземните добра, лесно може да нè оддалечи од Бога ако не сме внимателни. Затоа мораме да се држиме цврсто за Речта, која ни укажува на вечните и духовните стварности кои се толку важни за христијанскиот живот.

Љубовта кон световните работи никогаш не го издигнува умот кон духовната моралност; наместо тоа, таа ги менува библиските начела со алчност, себичност и страсти. Љубовта, каква што е откриена во Библијата гради односи, учејќи нè колку е важно да се посветиме на другите. Наспроти тоа, световноста претставува земање сè за себе, што е спротивно на сè она што Исус всушност е.

## ЖИВОТ НА МОЛИТВА

„А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исуса Христа, кого си го испратил“ (Јован 17,3). Воопшто не е чудно што христијаните често велат дека нивната вера се темели на заедницата со Бога. Ако познавањето на Бога е „вечен живот“ тогаш тој живот можеме да го стекнеме преку заедница со Него. Секако, суштинско во тој однос е разговорот. Во поуката од одделот од понеделник видовме дека Бог ни зборува преку својата божествена Реч. Ние, за возврат, му се обраќаме Нему преку молитва.

Како што видовме, ако треба да го насочиме својот ум и своето срце кон небесните вредности, наспроти вредностите на овој свет, тогаш молитвата е клучна. Всушност, клучна е бидејќи молитвата има таква природа која укажува на царство кое е повозвишено од овој свет.

Сепак, и овде мораме да бидеме внимателни затоа што понекогаш нашите молитви можат да бидат само израз на нашата себична природа. Затоа мораме да се молиме покорувајќи се на Божјата волја.

Пред многу години, една жена пеела песна чиишто зборови гласеле: „О, Господе зар нема да ми купиш мерцедес–бенз“? Ова било нејзин начин да се нападне материјализмот на оние кои велат дека веруваат во Бога. Ние, исто така, мораме да бидеме сигурни дека кога се молиме, што во суштина претставува чин на покорување на Бога и умирање за светот, ја бараме Божјата волја, не само својата.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 11,1-6. Кој клучен фактор мора да биде дел од сите наши молитви? Што значи да дојдеме кај Бога со вера и да се молиме со вера?**

---

Ако нашите молитви не ги следи вера, ќе се јават претпоставки, сатанско кривотворење на верата. „Молитвата и верата се тесно поврзани и треба заедно да ги проучуваме. Во молитвата, проникната со вера, се наоѓа божествена наука. Тоа е наука со која мора да завладее секој кој сака неговото животно дело да биде успешно. Христос вели: ‘Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека го примивте, и ќе ви биде’ (Марко 11,24). Тој објаснува дека нашите молби мораат да бидат во согласност со Божјата волја; мораме да го бараме она што Тој го ветил, и што и да примаме, мора да биде употребено така да се исполни Неговата волја. Ако се исполнат условите, ќе се исполнат и ветувањата“ (Елена Вајт, *Prayer*, стр. 57).

**Обрнете внимание на својот молитвен живот. За што се молите? Што откриваат вашите молитви за вашите приоритети? За што уште би требало да се молите?**

## ЖИВОТ ИСПОЛНЕТ СО МУДРОСТ

Еден од најубавите извештаи во Библијата е извештајот за Соломоновата молба упатена до Бога, првенствено да му даде „проницливо срце за да може да му суди на Твојот народ, да разликува добро од зло, зашто кој би можел да управува со Твојот народ кој е толку голем?“ (1. Царевите 3,9).

**Кои важни зборови му ги упатил Бог на Соломона, а кои, кога би ги послушал, би го поштеделе царот од пропаста што ја предизвикало неговото богатство? Зошто тие Божји зборови се толку важни за сите нас? 1. Царевите 3,14: види: 1. Јованово 5,3; 1. Петрово 4,17.**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Соломон бил обдарен со голема мудрост, но мудроста сама по себе, ако не се применува во животот, не станува ништо друго освен бескорисен факт. Во библиска смисла, мудроста според која не постапуваме, не е вистинска мудрост. Мнозина ќе бидат изгубени, иако знаат многу правилни факти за Бога и за Неговите барања. Соломон, поради својата непослушност, скршнал од патеката на која Господ го повикал. Дури подоцна во животот се прибрал и, исполнет со понизност, напишал: „Зашто мудроста е поскапоцена од бисери, и никакви скапоцености не можат да се споредат со неа“ (Мудри изреки 8,11).

Мудроста е примена на знаењето и разумот. Знаењето претставува факти; разумот претставува разборитост; мудроста настанува во процесот на применувањето на разумот и знаењето во животот. На мудриот повереник не му се потребни само знаење и разум, туку и искуство кое произлегува кога живее со согласност со нив.

Соломоновиот пример покажува дека и најмудрите и најразумните луѓе лесно можат да бидат вовлечени во празнината на материјалистичкиот начин на живот, ако личноста во својот живот не го примени знаењето што ѝ е дадено.

**Споредете ги текстовите од 1. Коринќаните 3,19 и Мудри изреки Соломонови 24,13.14. Во што е разликата меѓу двата вида на мудрост за кои се зборува во овие текстови? Изнесете го својот одговор во саботношколската класа.**

## СВЕТИОТ ДУХ

Големата борба е стварна; две страни се борат за нашата согласност. Едната нѐ привлекува кон Христа (Јован 6,44), другата кон светот (1. Јованово 2,16). Силата на Светиот Дух во нашиот живот може да нѐ насочи на вистинската насока ако Му се предадеме.

„А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина" (Јован 16,13; види и Јован 14,16). Светиот Дух нѐ оспособува да живееме со вера и според начелата, а не водени од барањата и чувствата кои во голема мера владеат со светот. Успешната подготовка за животот на Небото претставува верен живот во овој свет под водство на Светиот Дух.

Павле советува: „Та вашата вера да не биде основана на човечката мудрост, туку на Божјата сила" (1. Коринќаните 2,5). Привлечностите на овој свет, често во вид на материјални добра, нѐ оддалечуваат од Господа. Спротивно на тоа, ако не се спротивставиме на влијанието на силата на Светиот Дух, Тој ќе нѐ приближи кон Христа.

**Успехот во борбата со светот и неговите привлечности може да се оствари само однатре. Прочитајте ги следните текстови: Езекил 36,26.27; Јован 14,26; Ефесјаните 3,16.17. Кога ќе му дозволиме на Светиот Дух да нѐ води, што ќе направи Бог што ќе осигура да извојуваме духовна победа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Сатаната го заробува умот со лажни теории и преданија. Насочувајќи ги луѓето кон лажни мерила, тој го расипува карактерот. Светиот Дух му зборува на умот преку Светото писмо и ја врежува вистината во срцето. Така Тој ја открива заблудата и ја истерува од душата. Со Духот на вистината кој делува преку Божјата реч, Христос го задобива својот избран народ" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 671. оригинал).

Светиот Дух е известувач на вистината и најголем дар кој Исус можел да го даде за да го претставува божеството на Земјата по Неговото вознесение. Светиот Дух настојува да ни даде сила да ги победиме можните искушенија на светот и она со што тој нѐ „маѓепсува".

**Светот сѐ повеќе нѐ привлекува кон себе, зар не? Кои одлуки можат да ви помогнат токму сега да се предадете на влијанието на Светиот Дух, кој единствено може да ви подари сила да се спротивставите на овоземните искушенија?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Повереникот дејствува поттикнат од начелата за близнаците. Тоа се должноста и љубовта. „Не заборавајте дека должноста има сестра близначка - љубовта; кога се соединети можат да постигнат речиси сѐ, но кога се раздвоени, ниедна од нив не е способна да прави нешто добро“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 4. книга, стр 62). Должноста е љубовта на дело. Потребно е да размислуваме за Христовата жртва за да може љубовта во нас да ја разбуди должноста.

Спротивно на тоа се наоѓаат начела на овој свет: омразата и нејзината близначка, бунтот. Бунтот е омразата на дело. Луцифер се побунил против Бога (Езекил 28,16.17) и нема да престане да го прави тоа сѐ додека не биде уништен. Тој ја пресвртел власта на љубовта во љубов кон власта. Верските водачи во Израел ја презирале власта и силата што ја имал Исус (Матеј 22,29). Дури и кога побегнале од Храмот и се повлекле пред Неговиот прониклив поглед, не ги промениле своите патишта.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе за идејата на љубовта и должноста. Што сакала да каже Елена Вајт кога, нарекувајќи ги близнаци, рекла дека една без друга не се способни да прават добро? Како изгледа љубовта без должноста, а како должноста без љубовта? Зошто мора да бидат заедно?**

**2. Текстот што требаше да го запомниме за оваа седмица гласи: „Богатството не помага во денот на Божјиот гнев, а правдата избавува од смрт... Кој се надева на богатство, пропаѓа, а праведните ќе цветат како зелено лисје“ (Мудри изреки 11,4.28). Што значи овој текст: Што ни кажува тој за богатството, а што не кажува?**

**3. Разговарајте за Соломоновиот живот во својата саботношколска класа. Запрашајте се како можел да отиде толку далеку од вистинскиот пат. Пронајдете ги во книгата Проповедник текстовите кои ја откриваат бескорисноста и суетноста на овоземните добра, дури и кога, како Соломон, ги имаме многу. Што научивме оваа седмица за молитвата, за проучувањето на Библијата, за односот со Христа што може да нѐ држи на вистинскиот духовен пат?**

**4. Како луѓето кои не поседуваат многу овоземни добра, сепак можат да бидат фатени во стапицата што им ја подготвува сатаната?**

**5. Каков одговор дадовте на последното прашање од отсекот за среда во врска со различните видови мудрост?**

**Поука 5**
**Од 27. јануари до 2. февруари 2018**

# ПОВЕРЕНИЦИТЕ ПО ЕДЕМСКАТА ГРАДИНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 22,14-18; 1. Коринќаните 4,1.2; Колошаните 2,2.3; Ефесјаните 6,13-17; 2. Коринќаните 5,10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Туку како што Бог нè испита да ни го довери Евангелието, така зборуваме не угодувајќи им на луѓето, туку на Бога, кој ги испитува нашите срца“ (1. Солуњаните 2,4).**

Првата работа на Адам и Ева ја опфаќала повереничката служба. Им било дадено да се грижат за градината и за делата на создавањето, да уживаат во нив и да владеат со нив (1. Мојсеева 2,15), иако ништо не било во нивна сопственост. Тие биле повереници на она што Господ им го доверил.

Оваа седмица подетално ќе ја проучиме дефиницијата на повереник по падот во грев, откако нашите прародители биле истерани од Едемската градина. И ние сме повереници, но во средина сосем поинаква од онаа во која Адам и Ева првобитно престојувале.

Што подразбира повереничката служба? Одредени библиски личности со својот живот откриваат што значи да се биде повереник. Поедини библиски книги тоа јасно го одредуваат. Кога стануваме Божји повереници, средиштето на нашето внимание се поместува од светот и неговите материјалистички вредности на Создателот и Неговата мисија. Како и во случајот со Адам и Ева, Бог ни доверува одговорности кои имаат божествено потекло. Меѓутоа, од падот во Едемската градина, задачата на повереничката служба се променила затоа што, покрај одговорностите да се грижиме за материјалниот свет, нам ни е доверена и задачата да бидеме добри повереници на духовните вистини.

## ПОВЕРЕНИЦИТЕ ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ

Самиот збор „повереник“ се јавува само неколку пати во Стариот завет. Во повеќето случаи се користи изразот кој го означува оној што „управува со домот“, кој е задолжен за водење на домаќинството (1. Мојсеева 43,19; 44,1.4; 1. Царевите 16,9). Повереницките имале одговорност да управуваат со работите во домаќинството и со имотот на својот господар, извршувајќи го сè она што се бара од нив. Дефиницијата повереник во Стариот завет можеме да ја утврдиме препознавајќи ги карактеристиките на повереницките. Повереницките не можат да се издвојат од својата повереничка служба, бидејќи таа го открива нивниот идентитет.

Некои од особините на повереницките јасно се претставени во Стариот завет. Прво, положбата на повереникот подразбирала голема одговорност. (1. Мојсеева 39,4). Повереницките биле бирани во согласност со своите способности. Нивните господари им укажувале почит и доверба за добро завршената работа. Второ, повереницките знаеле дека сè што им е доверено припаѓа на нивниот господар (1. Мојсеева 24,34-38). Ова е најголемата разлика меѓу повереникот и господарот. Повереницките ја сфаќаат својата положба. Трето, доколку повереницките лично за себе би го искористиле она што им е доверено, односот меѓу нив и господарот би бил нарушен и тие би биле прогонети (1. Мојсеева 3,23; Осија 6,7).

**Прочитајте го текстот во Книгата на пророкот Исаија 22,14-18. Во време на владеењето на Езекил, Сомна бил именуван за повереник и ризничар. Бил поставен на две многу важни положби. Што му се случило кога ја злоупотребил својата положба?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Повереникот се поистоветува со својот господар. Тој ја прифаќа должноста како повереник и го застапува својот господар, постапувајќи онака како што би постапувал господарот кога лично би управувал со имотот. Интересите на неговиот господар стануваат негови интереси. Положбата повереник е благородна положба, бидејќи неговиот господар има доверба во него. Ако во кој било поглед постапи себично, ако за себе ја искористи добивката што ја заработил тргувајќи со богатството на својот господар, повереникот ја злоупотребува укажаната доверба“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 9. книга, стр. 246).

**Како можеме подобро да го сфатиме важниот факт дека сме повереници на сè она што поседуваме во овој живот? Како ова сознание треба да влијае на сите наши постапки?**

## ПОВЕРЕНИЦИТЕ ВО НОВИОТ ЗАВЕТ

Двата основни збора за „повереник" во Новот завет се *epitropos* и *oikonomos*, од кои првиот се јавува трипати, а вториот десет. Овие два збора ја опишуваат положбата која ја вклучува одговорноста на раководење што му е доверена на повереникот од страна на господарот.

И во Стариот и во Новиот завет поимот повереник се одредува според тоа што го работи. Новиот завет го опишува повереникот во смисла на одговорност (Лука 12,48) и очекување (1. Коринќаните 4,2). Стариот завет повеќе се сосредоточува на објавување на Божјото сопственишство отколку на непосредното дефинирање на нас како Негови повереници. Значи, иако поимот повереник е многу сличен и во двата завета, Новиот завет го проширува концептот надвор од рамките на самото управување со домаќинството.

Во параболата за неправедниот слуга (Лука 16,1-5); Исус ја проширува дефиницијата за повереник. Неговата поука не зборува само за повереникот кој избегнал финансиска катастрофа. Таа може да се примени и на оние кои ја избегнуваат духовната катастрофа со мудро изразување на верата. Мудриот повереник ќе се подготви за претстојното Исусово доаѓање (Матеј 25,21).

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 4,1.2; Тит 1,7; 1. Петрово 4,10. Што ни кажуваат овие стихови за поверениште и повереничката служба?**

„Дали ќе го отворам своето срце за Светиот Дух за да може да го покрене секој дар и способност што Бог ми ги доверил? Јас сум сопственост на Христа, и работам во Неговата служба. Јас сум повереник на Неговата благодат" (Е. Вајт, *Fundamentals of Christian Education*, стр. 301).

Во Евангелието според Лука 12,35-48, Исус го користи изразот „повереник" во метафоричка смисла. Тој зборува за мудриот слуга кој бил подготвен за враќањето на синот човеков, а го опишува неверниот повереник како оној кој престанал да ги извршува своите должности бидејќи господарот го одложил своето враќање. Неверниот повереник се претворил во тиранин кој лошо се однесувал кон луѓето околу себе. Тој повеќе не бил пример за добродетелство или управител на благодатта.

Кога ќе го прифатиме Христа, ние сме повереници, повикани да управуваме со Божјите средства. Но, што е уште поважно, треба да управуваме со духовните стварности на христијанскиот живот подготвувајќи се за Небото.

**Прочитајте го стихот во Лука 12,45. Зошто како христијани адвентисти, кои често се борат со чувството на „доцнење", мораме да бидеме посебно внимателни да не потклекнеме пред оваа заблуда?**

## ПОВЕРЕНИЦИ НА БОЖЈИТЕ ТАЈНИ

**Прочитајте ги текстовите во Колошаните 2,2.3 и 1. Тимотеј 3,16. Што е прикажано како „тајна“ во овие текстови? Фактот дека е во прашање „тајна“, што ни кажува за ограничените можности да дознаеме повеќе за тоа?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Софар Нааматецот му вели на Јов: „Можеш ли да проникнеш во Божјите длабочини?“ (За Јов 11,7). Зборот „тајна“ значи збунувачко, нејасно, непознато, необјаснето или неразбирливо. Божјите тајни се забележани во Писмото, иако ја надминуваат нашата моќ на сфаќање. Затоа се тајни. Тоа е како секој од нас да е кратковида личност која го набљудува небото надевајќи се дека ќе здогледа и најмала подробност. Ние не можеме да видиме толку далеку освен ако Бог тоа не ни го открие.

**Што ни кажува текстот во 5. Мојсеева 29,29 за она што ни е откриено?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Ние сме повереници на подробности кои не ги сфаќаме во потполност. Знаеме само онолку колку што ни е откриено преку откровението и Писмото. Нашата највозвишена повереничка служба подразбира да живееме како „повереници на Божјите тајни“ (1. Коринќаните 4,1).

Бог сака ние, како Негови повереници, да ја чуваме божествената вистина која ни е откриена, да ја штитиме, поучуваме и да се грижиме за неа. На тој начин ја извршуваме највозвишената повереничка служба и ја имаме „тајната на верата со чиста совест“ (1. Тимотеј 3,9).

Дека можеме да стекнеме искуство со Христа, „надежта на славата“ - тоа е најголемата од сите тајни. Планот на спасението е натприродно дело и ние не можеме во потполност да го сфатиме. Фактот дека Создателот на сè што е создадено (Јован 1,1-3) дошол на оваа Земја и „се покажа во тело“ (Елена Вајт, *Manuscript Releases*, 6. книга, стр. 112), за себеси да се принесе како жртва за гревовите на човечкиот род, содржи тајна која веројатно ниедно создадено суштество никогаш нема целосно да ја разбере. Дури и ангелите настојуваат да ја сфатат тајната зошто Исус дошол на Земјата (1. Петрово 1,12). Сепак, она што го знаеме прави да го славиме Господа за Негова слава и добрина (види: Откровение 5,13).

**Повикан си да бидеш повереник на Евангелието. Кои одговорности ги имаш со самиот тој повик?**

## ПОВЕРЕНИЦИ НА ДУХОВНАТА ВИСТИНА

Кога размислуваме за повереничката служба, размислуваме за нешто опипливо, и тоа со право. Меѓутоа, како што видовме, повереничката служба опфаќа и повеќе од тоа. Исто како опипливите дарови, така и неопипливите дарови потекнуваат од Бог. Тоа се духовни добра коишто Бог ни ги дарува (1. Петрово 4,10) за да можеме, во Христа, да го развиеме христијанскиот карактер и да бидеме луѓе какви што можеме да станеме во Него. Значи, со неопипливите дарови мораме многу повнимателно да управуваме отколку со опипливите, бидејќи имаат бескрајно поголема вредност.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Ефесјаните 6,13-17. Што ни дал Бог а треба да се грижиме за тоа како повереници? Зошто правилното управување со тие дарови е толку важно за нас?**

---

„Благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23). Светот, и сѐ што ни нуди тој, не може да ни го обезбеди откупот што го имаме во Христа. Откупот, дар што Бог ни го дава, претставува наше најдрагоцено добро. Ако вистината за откупувањето секогаш ја имаме пред себе, тоа ќе ни помогне во нашата повереничка служба да одржиме правилен став кон другите добра што сме ги примиле од Бога.

„Поуките од природата можат правилно да се прочитаат само во светлината која блеска од Голгота. Историјата за Витлеем и крстот нека покаже дека доброто ќе го надвладее злото, и дека секој благослов што го примаме е дар на откупувањето“ (Е. Вајт, *Воспитување*, стр. 101. ориг.).

Откупувањето ни е овозможено само затоа што Исус ја платил конечната цена. Павле јасно кажува: „Во кого имаме откуп преку Неговата крв, прошка на гревовите, според богатството на Неговата благодат“ (Ефесјаните 1,7). Зборот „имаме“ значи дека имаме „избавување“. Го имаме само затоа што Бог ни го дарувал. Тогаш, колку е важно да се облечеме во „сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,11), за да не дојде лукавиот и да ни го одземе. Единствен начин тоа да го направи е да му дозволиме, односно да не го послушаме она што ни е откриено во „Божјата реч“ (Ефесјаните 6,17). Нашата најголема заштита е да бидеме послушни, верни и да живееме во согласност во светлината што ни е дадена.

**Прочитајте го повторно текстот во Посланието до Ефесјаните 6,13-17. Како се опремаме со Божјото оружје и како можеме да бидеме повереници на сѐ она што ни е дадено во сликата на тоа оружје?**

## НАШАТА ОДГОВОРНОСТ КАКО ПОВЕРЕНИЦИ

Мудрите повереници се подготвени да го прифатат и да го извршуваат моралното начело на лична одговорност. Прифаќањето на личната одговорност се огледува и преку изборот што го правиме, делата кои ги твориме и препознавањето на односот меѓу причината и последиците. Подготвеноста да ја прифатиме личната одговорност е клучна особина која не може да биде занемарена кога одредуваме кој е повереник, бидејќи повереницитe мораат да бидат решителни во своето срце да го негуваат она што е во најдобар интерес за Господарот. Според тоа, таквата подготвеност е избор кој го дефинира саканиот однос на повереникот со Бога.

„Бог сака луѓето да ги доведе во непосредна врска со Себе. Во целокупното постапување кон човечките суштества, Тој се придржува до начелото на лична одговорност. Тој тежнее да го поттикне чувството на лична зависност и да ја втисне потребата на секој поединец за Негово водство. Неговите дарови луѓето ги примаат како поединци. Секој човек е повереник на светите вистини, секој мора да ја извршува својата служба во согласност со упатствата на Дародавачот и секој мора да положи сметка пред Бога за своето повереништво“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 7. книга, стр. 176).

Кога стануваме повереници, својата одговорност нема да ја префрлиме на друга личност или на некоја организација. Ние сме лично одговорни пред Бога и таа одговорност ќе се покаже преку односите со луѓето кои живеат околу нас (1. Мојсеева 39,9; види: Даниел 3,16). Ќе ја прифатиме оваа задача и ќе ги вложиме сите свои способности. Успехот, во Божјите очи, ќе зависи повеќе од нашата вера и чистота, отколку од интелигенцијата и талентот.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 5,10. Како ги сфаќаме овие зборови во рамките на тоа што значи да се биде мудар повереник?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Теолозите и филозофите со векови се расправале за тешкото прашање на слободната волја. Меѓутоа, Светото писмо е јасно: ние како човечки суштества имаме слободна волја и слобода на избор. Во спротивно, идејата да ни се суди според нашите дела не би имала смисла. Оттука, имаме лична одговорност преку Божјата благодат да донесуваме правилни одлуки во сè што правиме, а тоа подразбира да бидеме верни повереници на сите добра на својот Господар.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Зборот преведен како „повереник“ во неколку старозаветни текстови не потекнува од еден збор, туку од изразот *asher al bayt,* „оној кој е над домот, кој управува со домот“. На пример, текстот од 1. Мојсеева 43,19 може да се преведе на следниот начин: „Заради тоа му се приближија на повереникот кој управуваше со Јосифовиот дом и, при влезот на куќата, му проговорија.“ Според тоа, повереник е некој кому му е доверено нешто вредно што не му припаѓа. Тоа, на повеќе начини, одговорноста ја прави поголема отколку да е задолжен за своите добра.

Оваа идеја продолжува и во Новиот завет. „Новиот завет ги презема старозаветните идеи и ги спојува со идеите, поимите и зборовите на првиот век, збогатувајќи го и проширувајќи го на тој начин учењето за повереничката служба. Најчестите грчки зборови употребени во врска со повереничката служба се изведени од зборовите *oikos* и *oikia*, „дом“. *Oikonomos* е некој кој води сметка за домот: повереник или управител. *Oikonomia*, „управување со домот“, е апстрактна именка и нејзиното значење е често пати многу пошироко“ (*Handbook of Seventh-day Adventist Theology* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing Association, 2000], стр. 653).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Наместо да преземе одговорност што го вкусил плодот од забранетото дрво, што му рекол Адам на Бога кога го запрашал што сторил? 1. Мојсеева 3,12. Интересно е што една од најраните човечки реакции предизвикана од гревот е стремежот да ја префрлиме вината од себеси на некој друг. Што ни кажува одговорот на Адам за неговата подготвеност да ја прифати личната одговорност за своите постапки? Што ни открива тоа за нашата подготвеност? Како можеме да го избегнеме вообичаениот начин на постапување да ги кривиме другите за своите грешки?**

**2. Во класата размислувајте повеќе за тоа што значи да се биде повереник на она што не е опипливо туку духовно. Што значи тоа? Како да „управуваме“ со тоа?**

**3. Размислувајте повеќе за Тројната ангелска вест од Откровение 14, 6-12. Кои важни вистини се изразени овде, а за кои сме одговорни како повереници?**

**4. Зошто е важно да веруваме во она што е духовно, иако можеби не го сфаќаме потполно? На кои начини тоа секако го правиме кога се во прашање овоземните работи?**

**Поука 6**
**Од 3. до 9. февруари 2018**

# ОДЛИКИ НА ПОВЕРЕНИКОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 11,8-12; Римјаните 4,13.18-21; Матеј 6,24; Евреите 9,14; 1. Јованово 5,2.3; Лука 16,10-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, секој човек нека нѐ смета за Христови служители и за управители на Божјите тајни! А од управителите натаму се бара секој да се покаже верен“** (1. Коринќаните 4,1.2).

Поверениците се препознаваат по своите особини, по својствените карактеристики, како што се трговските продавници познати по своето лого или марка. Всушност, многу луѓе станале славни претворајќи се себеси во продажен бренд.

Бренд или марка на христијанскиот повереник е отсјајувањето на Христовата љубов преку заедницата што ја имаат со Него. Кога во својот живот ги покажуваме Христовите особини, го откриваме својот бренд. Нашето обележје е Негово обележје, нашиот идентитет е помешан со Неговиот (1. Коринќаните 6,17).

Оваа седмица ќе ги разгледуваме карактерните особини според кои ги препознаваме Божјите повереници. Овие особини нѐ вдахнуваат да го очекуваме Христовото доаѓање и да ја извршуваме работата што ни е доверена како верни повереници на Неговата вистина. Секоја карактеристика укажува на длабоката заедница која можеме да ја оствариме со Оној кој дошол да ги бара и да ги спаси изгубените. Колку повеќе ги проучуваме овие особини, толку подлабоко тие ќе бидат вкоренети во нашиот живот. Божјиот карактер на љубовта, во сета своја движечка сила, ќе стане наш бренд, наше облежје, и ќе изврши сеопфатно влијание во нашиот живот, денес и во вечноста.

## ВЕРНОСТ

„А од управителите натаму се бара секој да се покаже верен“ (1. Коринќаните 4,2). Да се бориме и да победиме во „во добрата борба на верата“ (1. Тимотеј 6,12) е клучно за верниот повереник. Верноста е Божја особина и особина која треба да ја стекнеме со Неговото дејствување во нас. Да бидеме верни, тоа значи да останеме посветени на она што знаеме дека е правилно, посебно во жестокоста на духовната борба.

Духовните судири меѓу правилното и погрешното, доброто и злото, сигурно ќе настапат. Тие се дел од борбата на верата. Одлуката да остане верен, е обележје на повереникот во сите пригоди. Ако сакате богатство, останете верни на Бога и на она што Тој ни кажува за опасностите на љубовта кон парите. Ако копнеете за слава, останете верни на она што го кажува Божјата реч за понизноста. Ако се борите со страстни мисли, останете верни на ветувањата за светоста. Ако сакате моќ, останете верни на Божјата поука да бидете слуги. Одлуката да бидеме верни или неверни често се донесува во делче од секундата, иако последиците можат да бидат вечни.

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 11,8-12.17-19; Римјаните 4,13.18-21. Што можеме да научиме за верноста од овие стихови?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

На еврејски „верен“ значи да се верува. Од истиот еврејски корен потекнува и зборот „амин“, и значи „цврст“ или „постојан“. Верност искажуваме кога сме изложени на проверки и искушенија, а остануваме цврсто посветени на Божјите планови.

Подготвувајќи се да зборува пред царот, реформаторот Мартин Лутер ја „прочитал Божјата Реч, ги погледнал своите списи, и настојувал да одговори на соодветен начин... Го приближил Светото Писмо... и исполнет со чувства, полагајќи ја својата лева рака врз светиот спис а десната подигајќи ја кон Небото, се заколнал дека ќе остане верен на Евангелието, дека слободно ќе ја исповеда својата вера, дури и ако своето сведоштво треба да го запечати со својата крв“ (J. H. Merle d’Aubigné, *History of the Reformation* [New York: The American Tract Society, 1846), 2. свеска, 7. книга, стр. 260).

**Прочитајте го текстот во Откровение 2,10. Што значат зборовите „верен до смрт“ во нашето секојдневно живеење со Господа?**

## ВЕРНОСТ

**„Никој не може да им служи на два господара; зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или ќе му биде приврзан на едниот, а другиот ќе го презира. Не можете да им служите на Бога и на мамона" (Матеј 6,24). Што можеме да научиме од овој текст за извонредната важност да му бидеме верни на Бога?**

___

Сознанието дека Божјото име значи „Ревнител" (2. Мојсеева 34,14), односно „љубоморен", треба да ни упати јасен повик на верност. Верноста кон „љубоморниот" Бог значи верност од љубов. Во борбата на верата, преданоста ни помага да одредиме кои сме и нè охрабрува да останеме во борбата. Нашата преданост му е важна на Бога (1. Царевите 8,61). Таа не претставува договор кој може да ја предвиди секоја ситуација, ниту е само листа со правила, туку видлив израз на нашите лични верувања, на верата и посветеноста.

**Прочитајте го текстот во 1. Дневникот 28,9. Што можеме да научиме од овој текст за тоа колку е важна преданоста?**

___

Меѓутоа, онаму каде што постои верност, постои и можност да дојде до предавство. Преданоста, исто како и љубовта, мора да биде слободно понудена или не е вистинска преданост. Во војната трупите кои се во првите линии на фронтот понекогаш се присилени да заземат положба и да се борат; во спротивно, нивните претпоставени би наредиле да бидат убиени. Овие луѓе мораат да ја извршат својата должност, но не нужно поттикнати од верност. Тоа не е верност каква што Бог ја бара од нас.

Да го погледнеме животот на Јов. Тој не ги предвидел несреќните настани кои ќе уништат целото негово семејство, неговиот имот и здравјето. Тој не можел да се откаже од довербата, љубовта и посветеноста, но неговата верност кон Бога била непоколеблив избор на моралност. Чесен и храбар јавно да го прослави Бога, ги изговорил познатите зборови: „Тој може да ме убие: немам друга надеж" (За Јов 13,15). („Глеј, и да ме убие, повторно ќе се надевам во него" - заб. прев. според преводот на Даничиќ). Неговата преданост, соочена со несреќата, претставува суштина на верноста и ги прикажува верните повереници во најдобра светлина.

**Запрашајте се: Колку сум верен на Господа кој умрел за мене? Како можам на подобар начин да ја покажам мојата мојата верност кон Него?**

## ЧИСТА СОВЕСТ

Можеме да поседуваме многу драгоцености. Здравје, љубов, пријатели, големо семејство – сето тоа претставуваат благослови. Меѓутоа, можеби најважната од сите е чистата совест.

**Прочитајте ги текстовите од Посланието до Евреите 10,19-22 и 1. Тимотеј 4,1.2. Што значи да се има „лоша совест“ и да се биде „жигосан на својата совест“?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Нашата совест дејствува како внатрешна контрола на надворешниот живот. Совеста треба да се поврзе со возвишеното и совршеното мерило: Божјот закон. Бог го напишал својот закон во Адамовото срце, но гревот речиси го уништил – не само во него, туку и во неговите потомци. Останале само деловите на Законот. „[Незнабошците] покажуваат дека делото на Законот е напишано во нивните срца, за што сведочат: нивната совест и нивните мисли што меѓусебно се обвинуваат или се бранат“ (Римјаните 2,15). Исус извојувал победа во она во што Адам бил поразен затоа што Божјиот закон му бил Нему „во срцето“ (Псалм 40,8).

**Павловите зборови се единствено решение за оптоварената совест? Види: Евреите 9,14.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Секое катче во храмот на душата станало повеќе или помалку извалкано, и потребно е чистење. Мора да се влезе во делот на совеста каде што се зафатила пајажина. Прозорците на душата мора да се затворат кон земјата и ширум да се отворат кон небото за да можат блескотните зраци на Сонцето на Правдата да имаат слободен пристап... Умот мора да се одржува чист за да може да прави разлика меѓу доброто и злото“ (Е. Вајт, *Mind, Character and Personality*, 1. книга, стр. 327.328). Кога Божјиот закон е напишан во срцето на верникот (Евреите 8,10) и верникот со вера настојува да го следи тој Закон, чистата совест е извесна последица.

**Ако некогаш ве мачела грижа на совеста, знаете колку страшна може да биде таа, постојано присутна, не давајќи ви ниту малку мир. Како сосредоточеноста на Исуса и Неговата смрт на крстот поради вас и вашите гревови ви помага да се ослободите од проклетството на грижата на совеста?**

## ПОСЛУШНОСТ

Авел послушно клекнал крај олтарот, принесувајќи јагне на жртвата како што наложил Бог.  Од друга страна, Каин гневно кренал крај својот олтар принесувајќи на олтарот билни плодови. И двајцата донеле дарови, па сепак само едниот брат ја послушал Божјата заповед. Убиеното јагне било прифатено, а плодовите на земјата одбиени. И двајцата браќа го сфатиле значењето и упатствата во врска со принесувањето на жртвите, но само еден го послушал она што Господ го заповедал (1. Мојсеева 4,1-5).

„Смртта на Авел била последица на Каиновото одбивање да го прифати Божјиот план во школата на послушноста, да биде спасен со крвта на Исуса Христа, претставена со жртвите кои укажувале на Христа. Каин одбил да пролева крв, која ја симболизирала Христовата крв која ќе биде пролеана за светот“ (Е. Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6 книга, стр. 1109).

Послушноста почнува во умот. Таа опфаќа деликатен процес на умно прифаќање на одговорноста да ги извршуваме заповедите наложени од страна на повисок авторитет. Послушноста произлегува од односот со личност од авторитет и подготвеноста да ја послушаме. Кога станува збор за нашиот меѓусебен однос со Бога, нашата послушност е доброволна. Таа е дело проникнато со љубов, кое го обликува нашето однесување во согласност со моралните обврски. Послушноста кон Бога мора да биде токму онаква каква што Тој наложува, а не каква што ние сметаме или сакаме да биде. Случајот на Каин е вистински пример кога личноста дејствува според својата волја, наместо онака како што Бог бара.

**Прочитајте 1. Јованово 5,2.3 и Послание до Римјаните 1,5; 10,16.17. Што можеме да научиме од овие текстови за тоа што значи послушноста за христијанинот кој е спасен преку вера без делата на Законот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ние не сме послушни за да бидеме спасени; послушни сме затоа што веќе сме спасени. Послушноста е практично изразување на верата. Самоил му рекол на Саула: „Дали Му се на Господа помили палениците и приносите од послушноста кон Неговиот глас? Знај, послушноста е поскапоцена од најдобрата жртва, покорноста е подобра од овни“ (1. Самоилова 15,22).

**Што  мислел Самоил со следната изјава: „Послушноста е поскапоцена од најдобрата жртва“? Како овие зборови како христијани можат да ни помогнат да не го прифатиме лажното евангелие на евтината благодат?**

## ДОВЕРБА

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 16,10-12. Каква поука ни даваат овие стихови за довербата? Зошто оваа особина е толку важна за верниот повереник?**

Ова начело на доверба може да се воочи во целата Библија. На пример, во еден извештај, на четворица главни вратари Левити им било доверено ноќе да го чуваат старозаветното Светилиште. Тие имале задача да ги чуваат собите и ризниците и да ја отклучуваат вратата секое утро (1. Дневникот 9,26.27). Ним им била доверена оваа задача бидејќи сметале дека се достојни за доверба.

Човек од доверба, тоа е особина на добриот повереник. Тоа значи дека повереницте, на кои може да им се укаже доверба, го сфаќаат големото значење на својата улога; сфаќаат дека Бог е верен и затоа настојуваат да бидат слични Нему (5. Мојсеева 32,4; 1. Царевите 8,56).

Кога е во прашање довербата, таа подразбира низа карактерни особини. Таа претставува највисоко ниво на карактерност и знаење која една личност може да ги постигне во очите на оној што посматра. Да го одразуваме Божјиот карактер, тоа значи да го правиме она за кое кажуваме дека ќе го правиме, без оглед на околностите или луѓето кои вршат притисок на нас да постапиме поинаку (2. Царевите 12,15).

Владетелите на две светски царства сметале дека Даниел е достоен за доверба. Угледот што го уживал во својот живот како доверлив советник кој бестрашно ја изнесувал мудроста и вистината за царевите, бил во непосредна спротивност со угледот на дворските пророци и гледачи. Да се биде човек од доверба, тоа е најскапоцениот бисер на моралност; веродостојноста доверливоста да се биде достоен за доверба, тоа ги прикажува вашите морални начела во најчист облик. Оваа особина на повереницте не се јавува преку ноќ, туку настанува со време, доколку сме верни и во најмалите подробности.

Другите ја забележуваат нашата верност. Покажуваат почит кон нас и се потпираат на нас затоа што знаат дека не може лесно да нè разниша туѓото мислење, одредени хирови или ласкави зборови. Ако сме достојни за доверба, тоа укажува на усовршување на нашиот карактер во одговорностите кои ни се доверени на оваа Земја, место на кое се подготвуваме за Небото. „Треба да бидеме верни поданици на Христовото Царство, достојни за доверба, за тие кои ја имаат мудроста на овој свет да можат да имаат вистинска слика за изобилството, добрината, милоста, нежноста и љубезноста на граѓаните на Божјото царство" (Елена Вајт, *Testimonies for the Church,* 6 книга, стр. 190).

**Размислувајте за некој кој е достоен за доверба и лично го познавате. Што можете да научите од таа личност а може да ви помогне и вие да бидете човек од доверба?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Уште едно обележје на добриот повереник е личната одговорност.

„Сатаната отсекогаш имал намера мислите на луѓето да ги одврати од Исуса и да ги насочи кон човекот, а во душата да го уништи чувството на лична одговорност. Неговиот план не се остварил кога го искушувал Божјиот Син, но имал поголем успех кога му пристапил на паднатиот човек. Христијанството брзо се изопачило“ (Елена Вајт, *Early Writings*, стр. 213).

Кога Христос се наоѓа во центарот на нашиот живот, ние сме отворени за Неговото водство. Тогаш во нашиот живот се откриваат верноста, преданоста, послушноста, чистата совест, достојноста за доверба и личната одговорност. На овој начин, како повереници, стануваме потполни во Божјите раце (Псалм 139,23.24).

Личната одговорност е основно библиско начело. Додека бил на Земјата, Исус бил лично одговорен пред својот Татко (Јован 8,28). Ние сме одговорни за секој празен збор (Матеј 26,36). „Кому му е дадено многу - ќе се бара многу“ (Лука 12,48). Најголемата закана за личната одговорност е склоноста својата одговорност да ја префрлиме на некој друг. „Мораме да имаме на ум дека она што ни е доверено не е наша сопственост. Кога би била, тогаш би можеле да сметаме дека имаме неограничена власт, дека можеме да ја префрлиме нашата одговорност на другите и на нив да ги пренесеме нашите повереннички должности. Меѓутоа, тоа не може да биде така, бидејќи Господ секој од нас поединечно го поставил за свој повереник“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 7. книга, стр. 177).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Потсетете се на сите особини на повереникот кои ги проучувавме оваа седмица: лична одговорност, достоен за доверба, послушност, преданост, чиста совест и верност. Каква е нивната меѓусебна поврзаност? Како слабоста во една област би довела до слабост во другите? Или, како цврстата приврзаност во една област би довела до приврзаност меѓу другите?**

**2. Размислувајте повеќе за тоа како ветувањата на Евангелијата би можеле да им помогнат на оние кои се борат со чувството на вина. На кои ветувања можат да се повикаат?**

**3. Често поимот „верност“ го сметаме добар сам по себе. Меѓутоа, дали секогаш е така? На кои начини можеме да бидеме верни некому или на нешто што не е добро? Зошто тогаш, поимот „верност“ секогаш мора да биде сфатен во посебна рамка за да видиме дали таа преданост е добра или незабележителна?**

Поука 7
Од 10. до 16. февруари 2018



# БИДИ ЧЕСЕН КОН БОГА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 16,10; 3. Мојсеева 27,30; 1. Мојсеева 22,1-12; Евреите 12,2; Лука 11,42; Евреите 7,2-10; Немија 13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А она на добрата земја - тоа се оние, кои ќе го чујат Словото, го чуваат во добро и чисто срце и донесуваат плод во трпение“ (Лука 8,15).**

Какво е тоа чесно, добро срце и како се открива? Во современата култура чесноста често се смета за некое нејасно, релативистичко морално начело; повеќето луѓе, понекогаш се нечесни, но тоа го сметаат за прифатливо сè додека престапот не е преголем. Исто така, се смета дека посебните околности можат да ја оправдаат чесноста.

Вистината и чесноста секогаш се јавуваат заедно. Сепак, ние не сме родени со склоност да бидеме чесни: чесноста е стекната морална доблест и се наоѓа во срцевината на моралниот карактер на повереникот.

Кога сме чесни, добри нешта произлегуваат од тоа. На пример, никогаш не мораме да се грижиме дали ќе бидеме фатени во лага и дека ќе мораме да ја прикриваме. Од оваа и од многу други причини, чесноста е скапоцена особина, посебно во тешки прилики, кога искушението лесно може да нè наведе на нечесност.

Во поуката за оваа седмица, ќе го проучуваме духовниот поим чесност преку давањето десеток и ќе видиме зошто десетокот е од клучно значење за повереникот и повереничката служба.

## ПРАШАЊЕ НА ЕДНОСТАВНАТА ЧЕСНОСТ

Една подробност е заедничка за сите нас - да не го сакаме нечесното. Посебно да не го сакаме кога тоа се открива кај другите. Меѓутоа, не е лесно да го воочиме во самите нас, а кога тоа ќе се случи, настојуваме да пронајдеме изговори за своите постапки, да ги оправдаме, да го намалиме нивното значење: *О, тоа не е толку страшно; тоа е само ситница; ништо важно*. Себеси, главно можеме да се залажуваме, но не и Бога.

„Нечесноста често се наоѓа во нашите редови, и тоа е причина за млакоста на голем дел од оние кои тврдат дека веруваат во вистината. Тие не се поврзани со Христа и самите себеси се залажуваат" (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 4. книга, стр. 310).

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 16,10. Кое важно начело Исус го споменува овде, а кое ни помага да увидиме колку е важно да бидеме чесни, дури и „во најмалото"?**

___

___

___

Меѓутоа, Бог знае колку лесно можеме да станеме нечесни, посебно кога се работи за она што е во наша сопственост. Затоа, кога станува збор за материјалните добра, ни дал силен лек против нечесноста и себичноста.

**Прочитајте ги текстовите во 3. Мојсеева 27,30 и Книгата на пророкот Малахија. Што можеме да научиме од овие текстови и како тие можат да ни помогнат да останеме чесни?**

___

___

___

„Повикот на благодарност или дарежливост не е упатен. Тоа е исклучиво прашање на чесноста. Десетокот е Господов; и Тој ни налага да Му го вратиме она што е Негово... Ако чесноста е битно начело во деловниот живот, зар не би морале да ја признаеме и својата обврска кон Бога – обврска која е основа на сите останати"? (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 138.139 оригинал).

**Како давањето на десетокот може да ви помогне да не заборавите, кој, во крајна смисла е сопственик на сè што имате? Зошто е важно никогаш да не заборавиме во чија сопственост се сите наши добра?**

## ЖИВОТ ИСПОЛНЕТ СО ВЕРА

**Прочитајте го текстот во 1. Мојсеева 22,1-12. Што ни кажува овој извештај за Аврамовата вера?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Животот исполнет со вера не е краткорочен настан. Со силното изразување на својата вера само еднаш, ние не докажуваме дека сме навистина предани и верни христијани кои живеат според благодатта и кои се покриени со Христовата крв.

На пример, верскиот свет и понатаму, по повеќе илјади години, останува восхитен од чинот на верата што ја покажал Аврам на горaта Морија во врска со принесувањето на Исак како жртва (1. Мојсеева 22).

Сепак, овој чин на верата Аврам не можел да го спроведе во дело само кога му било потребно. Неговиот живот на верност и послушност пред овој момент, го оспособил така да постапи. Ако бил неверен пред овој настан, никогаш не би го положил овој тест на тој начин. Исто така, нема сомнение дека човекот со таква вера сигурно и по овој настан останал верен.

Во суштина, верата на повереникот исто така не е еднократен настан. Таа со време или сѐ повеќе ќе расте и јакне или ќе опаѓа и слабее, во зависност од тоа како таа вера ја покажува оној што ја исповеда.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 12,2. Што ни кажува овој стих за изворот на нашата вера и како да се сочува?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Наша единствена надеж како верни повереници е да гледаме на „Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера, кој, поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот, презирајќи го срамот, и седна оддесно на Божјиот престол“ (Евреите 12,2). Зборот „Исполнител“ е употребен само во овој еден пример во Новиот завет и може да се преведе како „Усовршувач“. Тоа значи дека Исусовата намера била нашата вера да се доведе до зрелост и совршенство (Евреите 6,1.2). Значи, верата, животот исполнет со вера, е динамично искуство: верата расте, созрева и се зголемува.

**Како растела и созревала вашата вера со текот на времето? Дали било така?**

## ИСПОВЕДАЊЕ НА ВЕРАТА

Верата, како што видовме во отсекот од понеделник, е процес, динамично искуство кое би требало да се развива и созрева. Давањето десеток е еден од начините на кои Бог ја „завршува“ нашата вера и ја доведува до потполност. Враќањето на десетокот на Бога, правилно сфатено, не е легализам; кога даваме десеток ние не се трудиме и не тежнееме да го заработиме своето заминување на Небото. Наместо тоа, десетокот претставува исповедање на верата, тој е надворешен, видлив личен израз на нашата вера.

Всушност, секој може да тврди дека има вера и дека верува во Бога, па дури и дека верува во Исуса. Како што знаеме, „и злите духови веруваат“ во Бога (Јаков 2,19). Но, да го земеме десеттиот дел од своите приходи и да ги вратиме на Бога? Е, тоа е чин на верата.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 11,42. Што значи кога Исус вели дека не треба да се изостави давањето на десетокот? Како десетокот е поврзан со останатите важни прашања на Законот?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога даваме десеток понизно изразуваме дека се потпираме на Бога и оти имаме доверба дека Христос е наш Откупител. Тоа е признание дека сме благословени „со секаков духовен благослов од небесата во Христос“ (Ефесјаните 1,3) и со ветување дека ќе примаме уште повеќе.

**Прочитајте го текстот во 1. Мојсеева 28,14-22. Како одговорил Јаков на Божјото ветување?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Божјиот план на одвојување на десетокот е прекрасен во својата едноставност и праведност. Секој може да се придржува за него со вера и храброст, бидејќи тоа има божествено потекло. Во него се сплотени едноставноста и корисноста и не бара длабоко учење за да се разбере и спроведува. Секој може да почувствува како со својата улога учествува во скапоценото дело на спасение. Секој може да стане Господов ризничар и средство преку кое се задволуваат барањата поставени пред ризницата“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба*, стр. 73 оригинал).

**На кои начини сте ги откриле вистинските духовни благослови кои произлегуваат од давањето на десетокот? Како одвојувањето на десетокот ви помогнало да се зајакне вашата вера.**

## ЧЕСЕН ДЕСЕТОК: СВЕТ НА ГОСПОДА

Често разговараме за давањето десеток на Бога. Меѓутоа, како можеме да му го дадеме на Бога она што веќе е негова сопственост?

**Прочитајте го текстот во 3. Мојсеева 27,30. Кои две важни подробности ги пронаоѓаме во овој стих во врска со десетокот?**

____________________________________________________________

„Десетокот му припаѓа на Бога и затоа е свет. Тој не станува свет благодарение на заветот или на чинот на посветувањето. Тој е свет по својата природа и му припаѓа на Господа. Никој, освен Бог, нема право на него. Никој не може да го посвети на Господа, затоа што десетокот никогаш не е дел од личната своина“ (Angel Manuel Rodrigez, *Stewardship Roots* [Silver Spring, Md.: Stewardship Ministries Department, 1994], стр. 52).

Ние не го правиме десетокот свет. Бог го нарекол свет. Тој го има тоа право. Како повереници, му го враќаме она што е Негово. Десетокот е наменет за Бога поради посебна задача. Да го задржуваме од која било друга причина е нечесно. Постапката на давање на светиот десеток никогаш не треба да се прекине.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 7,2-10. Како разговорот на Павле за десетокот кој Аврам му го дал на Мелхиседек го открива длабокото значење на десетокот? Кому Аврам, всушност му го дал десетокот?**

____________________________________________________________

Значи, како што саботата е света, така и десетокот е свет. Зборот „свет“ значи „издвоен за света употреба“. Саботата и десетокот се поврзани на овој начин. Ние го издвојуваме седмиот ден, саботата, како посветена, како света; и го издвојуваме десетокот како Божја посветена своина, како она што е свето.

„Бог го посветил седмиот ден. Тој одреден дел од времето, кој Бог лично го одвоил за богослужение, подеднакво е свет и денес како кога за прв пат го посветил нашиот Создател. На сличен начин и десетокот од нашите приходи е ’свет за Господа’. Новиот завет не го донесува повторно законот за десетокот, како ни за саботата, бидејќи нивната веродостојност се подразбира и нивното длабоко духовно значење веќе е објаснето... Додека, ние како народ тежнееме верно да му го дадеме времето на Бога кое Тој го прогласил за свое, зар исто така нема да Му дадеме и дел од нашите средства кои Му припаѓаат“? (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба*, стр. 66 оригинал).

**Како во своето срце и во својот ум можете да ја сочувате мислата дека вашиот десеток е навистина „свет“?**

## БУДЕЊЕТО, РЕФОРМАЦИЈАТА И ДЕСЕТОКОТ

Племето на Јуда, својот процут го доживеало за време на долгото владеење на царот Езекил. Израел, уште од времето на владеењето на Давид и Соломон, не ги уживал Божјите благослови во таква мера. Во 2. Дневникот од 29. до 31. глава забележан е извештајот за будењето на Езекил и обновувањето: „Правеше што е право во Господовите очи“ (2. Дневникот 29,2). „Така, пак беше обновена службата во Господовиот Дом“ (2. Дневникот 29,35). Пасха почнала да се слави (2. Дневникот 30,5). „И стана голема веселба во Ерусалим“ (2. Дневникот 30,26). Незнабожечките идоли, олтари и висови биле уништени (2. Дневникот 31,1). Како последица на ненадејното будење на срцата и реформацијата на животните навики, дошло до носење на прилози и десеток во изобилство (2. Дневникот 31,4.5.12).

**Немија дава уште еден пример на будење, реформација и давање на десеток. Прочитајте го текстот во Книгата на пророк Немија 9,2.3. Што значело будење на срцето: прочитајте ја 13-тата глава од Книгата на пророк Немија. Кога Немија ги спровел реформите во „домот на нашиот Бог“ (Немија 13,4) и што донеле Јудејците (Немија 13,12)?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Будењето и рефомацијата се два различни поими. Будењето значи обновување на духовниот живот, оживување на силата на умот и срцето, воскреснување од духовната смрт. Реформацијата означува реорганизација, промена во идеите и ставовите, навиките и праксата“ (Елена Вајт, *Christian Service*, стр. 42).

Будењето, реформацијата и давањето десеток меѓусебно се тесно поврзани. Без прилагодување на десетокот, будењето и реформацијата се млаки, ако тоа воопшто и може да се нарече будење. Премногу често, ние како христијани стоиме на страна не правејќи ништо, иако би требало активно да се вклучиме во Господовото дело. Будењето и реформацијата бараат посветеност, а давањето десеток е дел од тоа посветување. Ако го задржиме за себе она што Бог го бара од нас, не можеме да очекуваме Тој да одговори на она што ние го бараме од Него.

Будењето и реформацијата се јавуваат во црквата, не надвор од неа (Псалм 85,6). Мораме да бараме од Бога за да доживееме будење (Псалм 80,19) и реформација на „првите дела“ (Откр. 2,5). Реформацијата мора да се случи во врска со она што го задржуваме и што му враќаме на Бога.

Не се само делата важни, туку и намерите на срцето и чувствата кои ги откриваат побудите и посветеноста. Резултатите ќе се огледаат во посилна вера, поизострен духовен вид и обновена чесност.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Бог ги покренал сите завети забележани во Библијата и ја презел улогата да го привлече својот народ кон тие завети (Евреите 8,10). Заветните ветувања ја одразуваат Неговата благодат, љубов и желба да нѐ спаси.

Заветот со Бога опфаќа многу подробности; Бог, примател, услови на заветот, посветеност на условите од двете страни, изрекување на казни за кршење на заветот, предвидени последици или сакани резултати. Поимот десеток во Книгата на пророкот Малахија 3,9.10 ги одразува сите овие елементи. Во овој текст е повторен посебен завет меѓу Бога и неговите повереници во врска со давањето десеток. Кога ќе влеземе во таков завет, тоа е видлив знак дека се противиме на материјалистичките начела на консумеризмот, и докажуваме дека нешто добро може да произлезе од обратеното, грешно срце.

„Затворениот и себичен дух е причината поради која луѓето не му го даваат на Бога она што е Негово. Господ направил посебен сојуз со луѓето кои, ако редовно го одвојуваат делот одреден за напредокот на Христовото царство, обилно ќе ги благослови, толку, што повеќе нема да има место за примање на Неговите дарови. Меѓутоа, ако луѓето го скусуваат она што му припаѓа на Бога, Господ јасно изјавува: ‘ Удрени сте со проклетство, зашто Ми задржувате’“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба,* стр. 77 оригинал).

Кога човек е во заветен однос со Бога, неговиот живот опфаќа и одредени одговорности. Ние уживаме во ветувањата на заветот, но често не ни се допаѓаат заповедите на одговорност. Сепак, во овој контекст, заветот претставува договор на двете страни, а давањето десеток е една област од нашиот живот во рамките на тој завет.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто приложувањето на десетокот е толку важен чин на верата?**

**2. Што би му рекле на оној кој вели: „Не можам себеси да си дозволам да давам десеток“. Како можете да ѝ помогнете на личноста која смета дека се наоѓа во таква положба? Според упатените зборови, како уште можете да ѝ помогнете?**

**3. Последното прашање од одделот за среда зборува за тоа што можеме да направиме за постојано да бидеме свесни дека десетокот е свет. Какви одговори дадовте? Како влијае овој факт, дека десетокот е свет, на вашиот однос кон давањето?**

**Поука 8**
**Од 17. до 23. февруари 2018**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕСЕТОКОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 16,15; 1. Петрово 3,8.9; 1. Коринќаните 9,14; Римјаните 3,19-24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не знаете ли дека се хранат од храмот оние, кои исполнуваат света служба, и дека служителите на жртвеникот добиваат дел од жртвеникот? Така, Господ им нареди на оние, кои го проповедаат Евангелието, да живеат од Евангелието“ (1. Коринќаните 9,13.14).**

Како што видовме минатата седмица, десетокот е важен израз на верата. Тоа е еден од начините да ја откриеме или да ја испитаме стварноста на исповедањето на нашата вера. „Испитајте се сами себе: дали сте во верата, проверете се сами себе! Или не се познавате себеси, дека е Христос во вас? Инаку не сте потврдени“ (2. Коринќаните 13,5).

Десетокот во Библијата за прв пат се споменува кога Аврам му дава десеток на Мелхиседек (1. Мојсеева 14, 18-20; Евреите 7,4). Левитите исто така земале десеток за својата служба во храмот (2. Дневникот 31,4-10). Денес, десетокот е наменет за проповедање на Евангелието. Кога правилно ќе се сфати, служи како духовна мера на нашиот меѓусебен однос со Бога.

Влијанието, употребата, важноста и методот на распределба на десетокот е осмислен за нашиот духовен раст додека го поддржуваме Божјото дело и го зацврстуваме паричниот темел за проповедање на Евангелието. Ова е Божји план и претставува прв чекор што го прави верниот повереник.

Оваа седмица ќе продолжиме да проучуваме за десетокот: за неговата распределба, што значи тој за другите и какво влијание врши на нашиот духовен живот.

## ЗАЕДНИЧКА ПОДДРШКА НА МИСИЈАТА СО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Исус ни ги упатил следните заповеди: „Проповедајте го Евангелието“ (Марко 16,15), „направете ги сите народи мои ученици“, „учејќи ги да пазат сè“ (Матеј 28,19.20). Значи, Бог сака да бидеме вклучени во најважната работа на Земјата: да ги доведуваме луѓето кај Христа. Паричното помагање на оваа мисија, од изворите коишто Бог ни ги доверил, е одговорност на повереницитe. Со нашето учество во ова дело ја продлабочуваме личната посветеност на другите да им го претставиме Христа. Секој ученик, повереник и работник треба да донесе цел износ на десеток за оваа света работа. Мораме да се молиме за единство, да бидеме верни во паричното помагање на мисијата, како што успешната мисија го јакне нашето единство во верата.

**Каков е Божјот план, кога се во прашање паричните средства, за остварување на оваа мисија? Што значи изразот „сите десетоци“? (Малахија 3,10) Што значи изразот „за да има храна во мојот дом“ (Малахија 3,10).**

___

Како што видовме, луѓето даваат десеток уште од времето на Аврам и Јаков (1. Мојсеева 14,20; 28,22), а сигурно тоа го правеле и порано. Десетокот е дел од системот со кој парично се потпомага Божјата црква. Тој претставува најголем извор на парични средства и најчесен метод за остварувањето на Неговата мисија.

Во денешната култура, повеќето христијани издвојуваат прилично малку средства за Божјата мисија. Ако секој христијанин чесно го дава десетокот, резултат би бил „речиси незамислив, едноставно восхитувачки, и би ја надминувал нашата моќ на сфаќање“ (Kristian Smit i Majkl O. Emerson, *Passing the Plate* [New York: Oxford University Press, 2008], стр. 27).

Во секој период Бог имал народ кој бил подготвен да ја поддржи Неговата мисија. Сите ние имаме одговорност да стекнеме вистинско разбирање на ова прашање и да работиме заедно на поддржувањето на оваа општа задача. Не можеме да си дозволиме да бидеме неорганизирани, немарни или непромислени кога станува збор за паричната поддршка на мисијата. Нашиот предизвик е многу поголем отколку кога народот и Левитите му рекле на Немија: „Нема веќе да го оставаме Домот на својот Бог“ (Немија 10,39), и потежок во однос на она со што се соочувале верниците во 19 век. Денес верниците и свештенството мора да бидат духовно обединети и заедно да се залагаат, во финансиски поглед, за да одговорат на општите цели и да ја поддржат мисијата

**Размислете за раширеноста на адвентистичката мисија во светот (види: Откровение 14, 6.7). Како би требало секој од нас да ја сфати својата одговорност, кога станува збор за парично помагање на ова дело?**

## БОЖЈИТЕ БЛАГОСЛОВИ

Како што видовме во Книгата на пророкот Малахија 3,10, Бог им ветил голем благослов на оние кои се верни во давањето на десетокот. Сепак, Божјиот благослов не е едностран. Да се нагласува, на пример, дека стекнувањето на материјалните добра, на штета на сѐ останато, претставува благослов, тоа е мошне тесноград поглед на тоа што всушност се подразбира под Божји благослов.

Благословот кој се споменува во Книгата на пророкот Малахија има и духовен карактер, не само овоземен. Божјиот благослов ги опфаќа и спасението, среќата, мирот и фактот дека Бог секогаш го прави она што е најдобро за нас. Исто така, кога ќе ги примиме Божјите благослови, ние имаме обврска тие благослови да ги делиме со оние кои имаат помалку среќа од нас. Ние сме благословени за да ги благословуваме другите. Бог преку нас може да ги прошири своите благослови насекаде.

**Прочитајте го текстот во 1. Петрово 3.8.9. Што ни кажува Петар за односот меѓу фактот дека сме благословени и настојувањето да бидеме благослов на другите?**

____________________________________________________________

Од десетокот произлегува двоен благослов. Од една страна ние сме благословени, а воедно сме и благослов за другите, бидејќи можеме да го споделиме она што ни е дарувано. Божјите благослови упатени кон нас допираат и до останатите. „Давајте, и ќе ви се даде... зашто со каква мерка мерите, со таква ќе ви се одмери“ (Лука 6,38).

**Прочитајте Дела 20, 35. Што ни кажува овој текст за десетокот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Најголемиот благослов што го учиме преку давањето десеток е да имаме доверба во Бога (Еремија 17,7). „Системот на десетокот се темели на начелото кое е непроменливо, како што е непроменлив и Божјиот закон. Тој план, да се одвојува десетокот, бил вистински благослов за Евреите, зашто, да не било така, Бог не би им го дал. И таа уредба, за сите оние кои ја почитуваат, ќе остане благослов до крајот на времето. Нашиот небесен Татко не го вовел планот на систематско добродетелство за да се збогати од него, туку со своите благослови да го усреќи човекот. Видел дека токму тој план на добродетелство е она што му е потребно на човекот“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 3. книга, стр. 404.405).

**Сетете се на моментите кога Бог ве благословил преку нечија служба. Слично на ова, на кои сѐ начини и вие можете им служите на другите?**

## ЦЕЛТА НА ДЕСЕТОКОТ

Павле му ги упатува следните зборови на Тимотеј: „’Не заврзувај му ја устата на волот што врши!’ и ’Работникот ја заслужува својата плата’“ (1. Тимотеј 5,18). Тој ги навел Мојсеевите зборови од 5. Мојсеева 25,4 говорејќи за волот и Исусовите зборови од Евангелието според Лука 10,7 во врска со работникот. Дел од текстот кој зборува за волот, всушност е поговорка и значи дека е во ред волот да го јаде житото додека го врши. На ист начин, другата поговорка значи дека посветените работници, кои го проповедаат Евангелието, треба да бидат наградени со плата.

Бог создава и дејствува преку системи. Тој го создал соларниот систем, екосистем, системот на органи за варење, нервниот систем и многу други. Системот на десеток го користеле Левитите и со него се издржувале (4. Мојсеева 18,26) бидејќи служеле во Шаторот за состаноци. Соодветни на нив, во денешното современо време, се оние кои својот живот го посветиле на проповедање на Евангелието. Бог го одредил системот на десетокот како средство за поддршка на службата и се користи низ целата историја на спасението. Поддржувањето на таквите работници со десеток е важно и суштинско за Божјото дело.

**Што има Павле на ум кога ја дал следната изјава и кои се нејзините морални импликации; „Така, Господ им нареди на оние, кои го проповедаат Евангелието, да живеат од Евангелието“ (1. Коринќаните 9,14)? Каква поука ни дава текстот од 2. Коринќаните 11,7-10 за потребата да ги поддржиме оние кои го шират Евангелието?**

______________________________________________________________

Кога Павле рекол: „Други цркви оштетив, добивајќи од нив издршка, да ви служам вам“ (2. Коринќаните 11,8), тој иронично одговорил на примањето плата од страна на сиромашната македонска црква додека служел во богатата коринтска црква. Суштината на која сакал да ѝ укаже на коринтската црква се состоела во тоа - оние кои го проповедаат Евангелието заслужуваат да бидат платени за таа работа.

Десетокот треба да биде употребен за посебна цел и така мора да остане. „Десетокот е одвоен за посебна намена, тој не смее да се смета како фонд за сиромашни. Тој во потполност мора да биде посветен за поддршка на оние кои ја носат Божјата порака на светот и не би смеел да биде пренасочуван во други цели“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба,* стр. 103 оригинал).

**Прочитајте го текстот во 3. Мојсеева 27,30. На кои сè начини начелото кое го воочуваме во овој стих можеме да го примениме на нас денес?**

______________________________________________________________

## РИЗНИЦИ

Бог има ризница за ветар (Еремија 10,13), вода (Псалм 33,7), снег и град (За Јов 38,22), над кои има потполна контрола. Меѓутоа, Божјата најскапоцена ризница е врзана за десетокот. „А на Левиевите синови, ете, Јас им дадов како дел десеток од сè, што има Израел, за службата нивна, што ја вршат во скинијата на собранието“ (4. Мојсеева 18,21). Во овој стих за прв пат се споменува местото на кое се чува десетокот и денес е познато како „принцип на ризницата“. Бог подоцна им дал налог на Израелците да го донесат десетокот на местото кое Тој ќе го избере (5. Мојсеева 12,5.6). Во времето на Соломон, десетокот бил враќан во ерусалимскиот Храм. Израелците лесно сфатиле што е „ризница“ и каде се наоѓа кога пророкот Малахија рекол: „Донесете ги сите десетоци во ризницата“ (Малахија 3,10). Ризницата била место на кое се одржувале верските служби и каде што Левитите ги примале потребните средства.

**Кои други називи се употребувани во Светото писмо за ризница? 1. Дневникот 26,20; 2. Дневникот 31, 11-13; Немија 10,38.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Донесувањето на светиот десеток во ризницата е единствениот образец прикажан во Писмото. При секое давање Бог ја имал главната ризница за ракување со десетокот. Христијаните адвентисти се дел од религија/Црква од светски размери, во која се прифаќа и се применува принципот на ризница. Верниците се охрабруваат да го вратат десетокот во областа или во мисијата преку месните цркви чии верници се. Од благајникот на областа или мисијата проповедниците примаат плата.

„Божјето дело сè поинтензивно се шири, а со тоа сè почести ќе бидат и повиците за давање на помош. За да се одговори на тие повици, христијаните треба да го послушаат налогот: ’Донесете го сиот десеток во мојата благајна за да има храна во мојот дом. Тогаш испитајте ме и видете - вели Господ над војските - дали ќе ги отворам небесните брани и дали ќе излеам врз вас обилни благослови’ (Малахија 3,10). Кога сите кои тврдат дека се христијани би му ги принесувале на Бога своите десетоци и дарови, неговата благајна би била полна. Тогаш не би морало да се прибегнува кон организирање на лотарија и приредби за да се обезбедат средства за ширење на евангелието“ (Е. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 232).

**Размислете што би било кога луѓето би ги испраќале своите десетоци каде што сакаат. Кога сите би правеле така, што би се случило со Божјето дело? Оттука, зошто е важно да го приложуваме својот десеток таму каде што припаѓа?**

## ДЕСЕТОКОТ И СПАСЕНИЕТО СО ВЕРА

**Прочитајте Послание до Римјаните 3,19-24. На која клучна вистина ни се укажува овде, а која се наоѓа во центарот на нашата вера? Зошто учењето секогаш мора да биде во основата на нашите верувања?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Суштината на библиската порака е дека никој од нас не заслужува да биде откупен (Римјаните 3,23). Кога откупот би го заслужувале, тоа би било благодарение на на нашите заслуги или дела, а таа мисла е спротивна на учењето на Писмото.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 4,1-5. Што учат овие стихови за благодатта која стои наспроти заслугите?**

________________________________________________

________________________________________________

Според тоа, спасението е дар (Ефесјаните 2,8.9) наменет за оние кои не го заслужуваат. Спасението е можно затоа што заслугите на Христовата совршена жртва ни се препишуваат нам. Кога станува збор за десетокот, Бог не ни припишува никакви заслуги за тоа што го даваме. Всушност, ако десетокот е Божји, какви заслуги можеме да имаме ако му го враќаме Нему?

Давањето на десетокот не е чин кој нè спасува, како што не се ни другите добри дела за кои сме создадени да ги правиме како христијани. „Имено, Негово дело сме, создадени во Христа Исуса, за добри дела, кои Бог ги подготви однапред, за да живееме во нив“ (Ефесјаните 2,10).

Сепак, враќањето на десетокот го открива нашиот став кој или е понизен и покорен, или своеволен и пркосен кога станува збор за тоа што Бог бара од нас да правиме. Ако го сакаме Бога, ќе го послушаме. Давањето на десетокот е надворешен израз на нашето сфаќање дека сме само повереници на оваа Земја и дека сè му должиме на Бога. Како што саботата е седмичен потсетник дека Бог е Создател и Откупител, враќањето на десетокот има слична улога: нè потсетува дека не сме свои и дека нашиот живот и спасение се дар од Бога. Како резултат на препознавањето на тој факт, ќе живееме живот исполнет со вера, потврдувајќи дека давањето на десетокот е многу опиплив израз на таа вера.

**Што ни кажува текстот во Евангелието според Лука 21,1-4 за тоа што значи да се живее со вера?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Многу лесно можеме да заборавиме дека секој наш здив, отчукување на срцето, секој момент на нашето постоење потекнува само од Бога. Во 17 глава на Дела апостолски Павле им зборува на атињаните за вистинскиот Бог, кој не е само Создател („Бог, кој го создаде светот и сè што е во него", Дела 17,24) туку и „Оној кој го одржува нашиот живот" („Зашто во Него живееме, се движиме и постоиме", Дела 17,28). Атињаните не го познавале вистинскиот Бог. Како христијани, ние Го познаваме и тоа сфаќање мора да биде во центарот на нашиот начин на живот. Бог има одредени барања за нас и ние мораме да живееме во согласност со тие барања:

„Исто е и со Божјите барања кон нас. Тој го предава своето богатство во рацете на луѓето, но бара од тоа верно да се одвојува десеток за Неговото дело. Тој бара овој дел да се донесе во Неговата ризница. Тоа треба да му се предаде Нему како Негова своина; тоа е свето и треба да се користи за свети цели - за издржување на оние кои ја носат веста за спасението во сите делови на светот. Тој го задржува овој дел за себе за да можат средствата постојано да пристигнуваат во Неговата ризница и за да може светлината на вистината да им се однесе на оние кои се близу и на оние кои се далеку. Извршувајќи го верно ова барање, ние признаваме дека сè му припаѓа на Бога" (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 6 книга, стр. 386).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Времето бргу поминува и заминува во невратот на вечноста. Не смееме да го закинуваме Бога, да не му го дадеме она што му припаѓа, да го лишиме од она што, иако не можеме да му го дадеме сами, без Христовите заслуги, не можеме ниту да му го откажеме, без да предизвикаме со тоа сопствена пропаст. Тој го бара целото ваше срце - дајте му го - зашто тоа му припаѓа нему и според создавањето и според откупувањето. Тој го бара вашиот ум - дајте му го - зашто му припаѓа нему. Тој ги бара вашите пари - дајте му ги - зашто тие се негова своина. 'Не сте свои, зашто сте купени скапо" (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 394). Што мисли Елена Вајт кога вели: „Не смееме да го закинуваме Бога, да не му го дадеме она што му припаѓа... иако не можеме да му го дадеме сами, без Христовите заслуги, не можеме ниту да се откажеме, без да предизвикаме со тоа сопствена пропаст"? Што себеси си ускратуваме кога не даваме десеток?**

**2. Размислувајте повеќе за идејата сите верници да прават со десетокот што сакаат; односно, да го насочуваат кон цели за кои тие сметаат дека се вредни, наспроти „начелото на ризницата". Зошто е ова лоша идеја? Што би се случило со нашата Црква? Зошто таквото постапување би предизвикало страшни последици меѓу нас?**

**3. Во 21. глава во Евангелието според Лука, Исус ја пофалил вдовицата што ги приложила своите пари во Храмот, и покрај расипаноста која таму владеела. Што им кажува тоа на оние кои сметаат дека можат да го пренасочат својот десеток бидејќи го доведуваат во прашање располагањето со него?**

**Поука 9**
**Од 24. февруари до 2. март 2018**

# ДАРОВИ НА БЛАГОДАРНОСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 6,19-21; Ефесјаните 2,8; 1. Петрово 4,10; Лука 7,37-47; 2. Коринќаните 8,8-15; 2. Коринќаните 9,6.7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).**

Нашиот Бог е дарежлив Бог. Оваа возвишена вистина најсилно можеме да ја воочиме во Исусовата жртва.

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16). Или во следниот стих: „И така, ако вие, кои сте зли, можете да им давате добри дарови на своите деца, колку повеќе небесниот Татко ќе им даде Свети Дух на оние, кои го молат?“ (Лука 11,13)

Бог дава постојано; тоа е особина на неговиот карактер. Затоа ние, кои настојуваме да го одразуваме таквиот карактер, исто така треба да даваме. Тешко е да се замисли израз кој би укажувал на поголема спротивност на таквото постапување од изразот „себичен христијанин“.

Еден од начините да го вратиме она што ни е дарувано е преку даровите, прилозите. Нашите дарови претставуваат можност да ја изразиме нашата благодарност и љубов. Оној ден, кога Исус ќе им посака добредојде на откупените на Небото, ќе ги видиме оние кои ја прифатиле Неговата благодат и ќе сфатиме дека нивното прифаќање било овозможено благодарение на нашите дарови.

Оваа седмица ќе разгледаме некои од важните аспекти на даровите. Великодушното давање, било средства, време или таленти, претставува силен начин да ја покажеме својата вера и да го откриеме во нашиот живот карактерот на Бога кому му служиме.

## „КАДЕ Е ТВОЕТО БОГАТСТВО...“

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 6,19-21. Иако овие стихови ни се многу познати, сепак, како можеме да се ослободиме од силното влијание кои овоземните богатства можат да ги вршат на нас? Види: Колошаните 3,1.2.**

___

Зборовите „каде е твоето богатство, таму ќе биде и твоето срце“ (Матеј 6,21) е повик кој ни го упатува Исус. Полното значење на оваа изјава може да се воочи врз основа на претходните два стиха, во кои собирањето на богатството на Земјата е споредено со собирањето на богатство на Небото. Трите збора кои ја опишуваат Земјата: молец, рѓа и крадци (види Матеј 6,19) укажуваат колку овоземните богатства се минливи и привремени. Има ли некој кој сѐ уште не сфатил колку бргу поминуваат овоземните добра? „На земјата сѐ е непостојано, неизвесно и несигурно; подложно е на пропаѓање, уништување, крадење и губиток. Небото е сосем поинакво: сѐ е вечно, трајно, сигурно и неуништливо. На Небото нема губиток“ (Аделина Алекс, *Beyond Blessings* [Nampa, Idaho: Pacific Press Publishing Association, 2013], стр. 22).

Погледнете го својот имот. Дури и ако имате малку, порано или подоцна повеќето од тоа ќе го отфрлите. Исклучок може да биде семејното наследство. Меѓутоа, мудриот повереник треба да се погрижи своето богатство да го чува на Небото. Таму, за разлика од приликите овде на Земјата, не морате да се грижите дека би можеле да изгубите сѐ, ниту за крадци или пљачкосувачи.

Во текстот од Евангелието според Матеј 6,19-21 се наоѓа една од најважните мисли на повереничката служба. Вашето богатство го влече, принудува, привлекува и мами вашето срце, му поставува барања, и управува со него. Во материјалистичкиот свет вашето срце оди по вашето богатство, така што е од суштинско значење каде се наоѓа тоа богатство. Колку повеќе сме сосредоточени на овоземните потреби и ползувања, потешко ни е да размислуваме за она што е небесно.

Да ја исповедаме верата во Бога, а да го чуваме своето богатство овде на Земјата, претставува лицемерство. Нашите дела мораат да бидат во согласност со нашите зборови. Своите овоземни богатства ги гледаме „според гледањето“, но нашите прилози мораме „според верата“ да ги гледаме како богатство на Небото (2. Коринќаните 5,7). Секако, иако треба да обезбедиме средства за своите потреби (дури и пензија), многу е важно секогаш да ја имаме на ум поширокота слика, вечноста.

**Прочитајте го текстот во Посланието според Евреите 10,34. Што истакнува Павле во овој стих за спротивноста меѓу богатството на Земјата и богатството на Небото?**

# ПОВЕРЕНИЦИ НА БОЖЈАТА БЛАГОДАТ

**Според текстот од Посланието до Ефесјаните 2,8 што уште ни дал Бог?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Благодатта е „незаслужена наклонетост“. Тоа е дар што не го заслужуваме. Бог ја излеал својата благодат на оваа планета и, ако не ја отфрлиме, таа ќе го допре и ќе го промени нашиот живот, сега и во вечноста. Сето небесно богатство и сила отелотворени се во дарот на благодатта (2. Коринќаните 8,9). Дури и ангелите се восхитени од овој конечен дар (1. Петрово 1,12).

Нема сомнение: од сè што ни дава Бог, благодатта дарувана во Исуса Христа е најскапоцениот дар од сите. Без благодатта, не би имале надеж. Жалното влијание на гревот врз човечкиот род е преголем за да може луѓето некогаш да се ослободат од него. Дури ни послушноста кон Божјиот закон не можела да ни донесе живот. „Па така, Законот противен ли е на Божјите ветувања? Никако! Зашто, ако беше даден закон, што ќе можеше да животвори, тогаш навистина оправданието ќе произлегуваше од Законот“ (Галатјаните 3,21).

Впрочем, ако некој закон би можел да нè спаси, тоа би бил Божјиот закон. Меѓутоа, Павле вели дека и тој закон не може да го направи тоа. Ако бидеме спасени, тогаш ќе бидеме спасени преку благодатта.

**Прочитајте го текстот во 1. Петрово 4,10. На кои начини повереничката служба е поврзана со благодатта? Објаснете како преку служењето на Бога и на другите се покажува Неговата благодат?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Петар рекол дека бидејќи сме го примиле дарот на Божјата благодат, за возврат да бидеме „добри управители на разнообразната Божја благодат“ (1. Петрово 4,10). Со други зборови, бидејќи Бог ни дава дарови, ние треба да вратиме од она што ни е дадено. Тоа што сме го примиле со благодатта не ни е дадено само за наше задоволство и корист, туку за унапредување на Евангелието. Бесплатно ни е дадено (а благодатта е тоа); и затоа бесплатно треба да даваме на секој можен начин.

**Размислете за сè што ви дал Бог. На кои начини можете да бидете повереник на благодатта која ви е бесплатно дадена?**

## НАШИОТ НАЈДОБАР ДАР

**Прочитајте Лука 7,37-47. Што можеме да научиме од овој извештај за одредени побуди кога на Бога му принесуваме дарови?**

___

Марија влегла во собата и го здогледала Исуса крај масата. Го скршила алабастерското шише со скапо масло од калинка и го излеала на Него. Некои сметале дека нејзината постапка била несоодветна, со оглед на тоа дека живеела на начин кој не можел да се одобри.

Меѓутоа, Марија била ослободена од злите духови (Лука 8,2). Исто така, откако присуствувала на воскреснувањето на Лазар, нејзиното срце се исполнило со благодарност. Бидејќи мирисот бил најскапоцениот предмет што го имала, со оваа своја постапка таа сакала да му ја покаже својата благодарност на Исуса.

Овој извештај укажува од какви побуди треба да ги даваме своите дарови: од благодарност. Всушност, како инаку треба да одговориме на непроценливиот дар на Божјата благодат? Неговата великодушност исто така нè поттикнува да даваме, а кога ќе се здружи со нашата благодарност, обете влијаат на тоа да приложуваме значајни дарови, вклучувајќи ги тука и нашето време, талентите, богатството и силата.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 34,26; 3. Мојсеева 22,19-24; 4. Мојсеева 18,29. Иако рамката потполно се разликува од денешната, кој принцип треба да го издвоиме од овие текстови во врска со нашите дарови?**

___

Нашите најдобри дарови можат да изгледаат недоволни во нашите очи, но тие се значајни во Божјите. Кога му го даваме најдоброто на Бога, тоа покажува дека го ставаме на прво место во својот живот. Ние не даваме дарови за да стекнеме наклонетост, туку даваме што имаме од благодарност за она што ни е дадено во Исуса Христа.

„Целосната посветеност и добродетелство, поттикнати од благодарност и љубов, му даваат и на најмалиот дар на доброволната жртва на Бога благопријатен мирис, правејќи го прилогот непроценливо вреден. Меѓутоа, кога доброволно ќе му предадеме на нашиот Откупител сè што можеме да му дадеме, колку и да е тоа драгоцено за нас, кога својот долг на благодарност кон Бога ќе го сфатиме реално таков каков што е, тогаш сè што даваме ќе ни изгледа недоволно и сиромашно. Но кога тие наши прилози, кои и на нас самите ни изгледаат толку незначителни, ангелите ќе ги принесат пред престолот на милоста како мирисен темјан, тие ќе бидат прифатени“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 3. книга, стр. 397).

## ПОБУДИТЕ НА СРЦЕТО

Во претходната лекција го спомнавме извештајот за великодушниот дар на вдовицата. Иако мал во споредба со другите дарови, нејзиниот дар бил великодушен бидејќи ја покажувал вистинската природа на нејзиниот карактер и на нејзиното срце, наведувајќи го Исуса да каже: „Оваа бедна вдовица од сите повеќе приложи“ (Лука 21,3).

Само Бог (Јаков 4,12) ги знае нашите вистински побуди (Мудри изреки 16,2; види: 1. Коринќаните 4,5). Може да се случи добри дела да се прават од погрешни побуди. Да се даде од изобилството, тоа не бара голема вера, но да се поднесе жртва давајќи им на другите, навистина може да пренесе силна порака за тоа какво е нашето срце.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 8,8-15. Што кажува Павле овде за давањето и за побудите од кои даваме? Какво начело може да се извлече од овој текст во врска со поверетничката служба?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Од какви побуди и да давате, тие се наоѓаат во распон од егото до алтруизмот. Борбата во оваа област меѓу себичноста и давањето се води почесто од која било друга духовна борба. Себичноста ќе го олади срцето кое некогаш горело за Бога. Проблемите настануваат кога ќе ја пуштиме себичноста во своето христијанско искуство. Односно, пронаоѓаме начини да ја оправдаме својата себичност и тоа го правиме во Христово име.

Крајниот резултат се сведува на еден збор: љубов. А љубовта не може да се покажува без самооткажување, подготвеност да се даваме себеси, дури и да поднесеме одредена жртва за доброто на другите.

Доколку Божјата љубов не се гледа во нашиот живот, нашите давања нема да ја одразуваат Божјата љубов. Себичното срце е склоно да се сака само себеси. Мораме да го молиме Бога да го обреже нашето срце (види: 5. Мојсеева 10,16) за да научиме да сакаме како што сме сакани.

Љубовта, која е основа на секое вистинско добротворство, го опфаќа целокупното христијанско добродетелство. Божјата љубов која се излева на нас, нè инспирира за возврат да покажеме љубов, која навистина е највозвишена побуда за давање.

**Што е погрешно, ако има нешто погрешно, во доброволните прилози кои се дадени повеќе од чувство на должност, отколку од љубов?**

________________________________________________________________

## ИСКУСТВОТО НА ДАВАЊЕ

Ако Христос дошол да ни го открие Божјиот карактер, една подробност до сега би требало да биде јасна: Бог нè сака и ни го посакува само најдоброто. Тој бара од нас да го правиме само она што ќе биде за наше добро, не она што ќе ни нанесе штета. Тоа, исто така, го вклучува и Неговиот повик да бидеме великодушни и радосни даватели на она што нам ни е дарувано. Доброволните и великодушните прилози кои ги даваме претставуваат исто толку добро за нас, давателите, колку и за оние кои ги примаат. Само оние кои даваат на овој начин можат да знаат колку е поблагословено да се дава отколку да се прима.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 9,6.7. Како овој текст концизно го прикажува давањето?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Давањето великодушни прилози може да биде и треба да биде мошне личен, духовен чин. Тоа е дело на верата, израз на благодарност за она што ни е дарувано во Христа.

Како и во случајот на секој друг чин на верата, давањето само ја зајакнува верата, бидејќи „верата без дела е мртва“ (Јаков 2,20). Нема подобар начин да ја зајакнете верата освен да живеете во согласност со неа, што значи да го правите она што произлегува од верата, што извира од неа. Кога даваме, драговолно и великодушно, ние на свој начин го прикажуваме Христовиот карактер. Учиме повеќе за тоа каков е Бог стекнувајќи искуства со Него во она што го правиме. Според тоа, ваквото давање само ја изградува довербата во Бога и пружа прилика да испитаме и да видиме „колку е добар Господ: блажен е човекот, кој се надева на Него“ (Псалм 34,8).

„Ќе видат дека славата што блескоти од Христовото лице е славата на самопожртвуваната љубов. Во светлината од Голгота ќе се види дека законот на таа љубов, полна со самооткажување, е закон на животот за Земјата и за небото; дека љубовта која ’не го бара своето’ има свој извор во Божјето срце; дека во Оној, кој бил кроток и понизен, се открил карактерот на Оној кој живее во светлина кон која ниеден човек не може да пристапи“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 20 оригинал).

**На кои начини сте доживеале раст во својата вера благодарение на доброволното и несебично давање на она што ви е дарувано?**

__________________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Духот на великодушноста е дух кој владее на Небото. Духот на себичноста е дух на сатаната. Христовата пожртвувана љубов се открила на крстот. За да може човекот да биде спасен, Бог дал сè што имал, а потоа се предал и Себеси . Христовиот крст повикува на добродетелство на секој следбеник на нашиот милостив Спасител. На него јасно е прикажано начелото на давање. Кога се спроведува со вистинска дарежливост и со добри дела, тоа е вистински плод на христијанскиот живот. Начелото што го следат луѓето на овој свет е земање и тие сметаат дека на тој начин ќе си обезбедат среќа, но каде и да одат, плод е беда и смрт“ (Елена Вајт, *Advent Review and Sabbath Herald,* 17 октомври 1882).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што е тоа што ја прави себичноста толку спротивна на Христовиот дух? Што можеме да направиме за да се заштитиме од тој вроден став на паднатото човечко суштество?**

**2. „Секој нека даде како што одлучил во срцето, а не со жал и не од принуда, зашто Бог го љуби радосниот дарител“ (2. Коринќаните 9,7). Грчкиот збор овде преведен како „радосниот“ (во преводот на МПЦ „од срце“; заб. прев), се јавува само еднаш во Новиот завет и претставува збор од кој настанал англискиот збор „весел“. Што ни кажува тоа за личниот став при давањето?**

**3. Наведете сè што ни е дарувано во Христа. Молете се за она што сте го забележале. Што учи оваа листа за тоа каков одговор треба да дадеме поради сè она што ни е дадено? Во исто време, што можеме да научиме од нашата листа за тоа како дури и нашите најдобри дарови, дадени од најдобри побуди, можат да изгледаат безначајно во споредба со она што сме го примиле?**

**4. Зошто себичноста претставува пат на кој сигурно ќе бидеме несреќни?**

**5. Сетете се на некој од вашето црковно семејство кој има одредени потреби. Што би можеле да направите уште сега, што би помогнало во служба на оваа личност или на повеќе личности? Што можете да направите, дури и ако тоа предизвика болно поднесување на жртва од ваша страна?**

**Поука 10**
**Од 3. до 9. март 2018**

# УЛОГАТА НА ПОВЕРНИЧКАТА СЛУЖБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 1,16-18; Евреите 4,14-16; 3. Јованово 3; 1. Мојсеева 6,13-18; Откровение 14,6-12; 1. Петрово 1,15.16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Имено, Бог не нè призва на нечистота, туку на осветување“** (1. Солуњаните 4,7).

Поради сеопфатноста на повереничката служба, лесно можеме да се збуниме гледајќи ја таа голема слика. Повереничката служба е едноставна, а сепак едновремено и сложена, и затоа лесно може да биде погрешно сфатена. Меѓутоа, ниту христијанинот, ниту Црквата не можат да постојат или да дејствуваат без неа. Да се биде христијанин, значи да се биде добар повереник.

„Повереничката служба не е теорија ниту идеја, туку работна програма. Таа навистина е христијански закон на живеење... Неопходна е за соодветно да се разбере животот, и важна за вистинското, суштинското верско искуство. Таа не е само прашање на интелектуално одобрување, туку чин на волјата и одредено решително дејствување кое ја допира секоја област на животот“ (Liroj E. From, *Stewardship in Its Larger Aspects* [Mountain View: Calif., Pacific Press Publishing Association, 1929], стр. 5).

Кои суштински начела ни покажуваат што значи да се биде христијански повереник? Оваа седмица ќе проучуваме повеќе за улогите кои ги има повереничката служба во христијанскиот живот. Тоа ќе го направиме со помош на интересна аналогија: тркало на кола.

## ХРИСТОС КАКО СРЕДИШТЕ

Исус е централна личност во целата Библија (Јован 5,39), и затоа ние треба да согледаме каква е нашата поврзаност со Него. Тој ја платил казната за гревот и „за откуп на мнозина" (Марко 10,45). Исус ја има сета власт на Небото и на Земјата (Матеј 28,18) и сè е во Негови раце (Јован 13,3). Неговото име е повозвишено од сите останати и еден ден секое колено ќе се поклони пред Него (Филипјаните 2,9-11).

„Исус е живо средиште на сè" (Елена Вајт, *Евангелизам,* стр. 186. ориг.).

Христос е сржта на нашата повереничка служба и извор на нашата сила. Благодарение на него, ние водиме живот кој вреди да се живее, покажувајќи им на сите дека Тој е главниот центар на нашиот живот. Павле доживеал многу неволји, но без оглед на тоа каде се наоѓал или што му се случувало, неговата највисока животна вредност била следната: „Зашто за мене живот е Христос, а умирањето - придобивка" (Филипјаните 1,21).

**Прочитајте ги следните текстови: Колошаните 1,16-18; Римјаните 8,21; 2. Коринќаните 5,17. Што кажуваат овие текстови за централната Исусова улога во сè што се однесува на нас?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Нема искрена повереничка служба ако Христос не е во нас (Галатјаните 2,20). Тој е центар „на блажената надеж" (Тит 2,13), „И Тој е пред сè и сè во Него има свое сплотување" (Колошаните 1,17). Како што осовината е центар на тркалото и ја носи тежината на автомобилот, така и Христос е центар на животот на секој повереник. Како што цврстата осовина дава стабилност, овозможувајќи им на тркалата да се движат, така и Исус е цврст и постојан центар на нашето христијанско искуство (Евреите 13,8). Неговото влијание треба да дејствува на сите наши мисли и постапки. Сите облици на повереничка служба се вртат околу Христа и во него наоѓаат своја потпора.

„Зашто без мене не можете да правите ништо" (Јован 15,5). Во центарот на повереничката служба не се наоѓа безначајна празнина туку живиот Христос, кој дејствува во нас за да го обликува нашиот карактер сега и за цела вечност.

**Едно е да кажеме дека Исус е суштината на нашиот живот, а друго да живееме во согласност со тоа. Како можете да бидете сигурни дека Исус навистина живее во вас како што ветил дека ќе живее ако Му го дозволите тоа?**

## УЧЕЊЕ ЗА СВЕТИЛИШТЕТО

Обично не размислуваме за Светилиштето во рамките на поверееничката служба. Сепак, врската постои, бидејќи Светилиштето е мошне важен елемент на нашиот систем на верување, а повереничката служба е дел од тој систем. „Темел на нашата вера е правилното разбирање на Христовата служба во небесното Светилиште“ (Елена Вајт, *Еванѓелизам*, стр. 221 оригинал). Од најголемо значење е да ја сфатиме улогата на повереничката служба во светлината на овој библиски поим.

Во 1. Царевите 7,33 опишано е тркалото кај запрежните коли. Ќе го прикажеме учењето за Светилиштето како главина на тркалото. Главината се спојува со оската и му дава поголема цврстина на тркалото додека тоа се движи. Кога ја искусил смртта и победоносното воскресение (2. Тимотеј 1,10), Христос, благодарение на својата смрт, станал темел на службата во Светилиштето (Евреите 6,19.20) и обезбедува цврстина на нашата вера. Тој од Светилиштето служи во наша полза овде на Земјата (види: Евреите 8,1.2).

„Потпирајќи се на принципот *Sola Scriptura* (само Библијата), библискиот адвентизам го гради свој доктринален систем од општото гледиште на учењето за Светилиштето“ (Fernando Kanale, *Secular Adventism? Exploring the Link Between Lifestyle and Salvation* [Lima: Peru, Peruvian Union University, 2013), стр. 104.105).

**Што ни кажуваат следните стихови за Исусовата служба во Светилиштето? 1. Јованово 2,1; Евреите 4,14-16; Откровение 14,7.**

Учењето за Светилиштето ни помага да ја откриеме возвишената вистина за спасението и откупувањето, која се наоѓа во центарот на целокупната христијанска теологија. Во Светилиштето не ја забележуваме само Христовата смрт поднесена за нас, туку и Неговата служба во Небесното Светилиште. Исто така, во Светињата над светињите можеме да ја видиме важноста на Божјиот закон и стварноста на конечниот суд. Главно во сето тоа е ветувањето за откупувањето кое ни е овозможено со пролевањето на Исусовата крв.

Улогата на повереничката служба е да го одразува животот кој се држи до возвишената вистина за спасението, откриена во учењето за Светилиштето. Колку подлабоко го сфаќаме она што Христос го направил за нас, и што сега го прави во нас, толку повеќе се приближуваме до Христа, Неговата служба, мисијата, учењето и плановите кои ги има за оние кои во својот живот ги применуваат начелата на повереничката служба.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 4,14-16. Што пронаоѓаме во овој текст врзано за нашата борба со гревот, со себеси и себичноста? Како примаме сила и надеж од овие дадени ветувања?**

## ХРИСТОЦЕНТРИЧНИ ВЕРУВАЊА

Учењето за Светилиштето е важно бидејќи во него е прикажана возвишената вистина за спасението и значењето на крстот. Сите наши учења, на овој или на оној начин, мораат да бидат поврзани со ветувањето на Евангелието и спасението. Исто како и жиците на тркалото, и другите учења произлегуваат од возвишената вистина за спасението со вера во Христа.

„Христовата жртва како помирување за гревот е голема вистина околу која се ројат сите останати вистини... Оние што ја проучуваат возвишената жртва на Откупителот, растат во благодатта и знаењето" (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 5 книга, стр. 1137).

**Што мислел Исус да каже кога себеси се нарекол „вистина" во Евангелието според Јован 14,6? Споредете го овој стих со текстот од Евангелието според Јован 17,17. Како ние треба да се однесуваме кон вистината? 3. Јованово 3.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Нашите доктринални верувања влијаат на тоа кои сме и во кој правец одиме. Доктрините не се само апстрактни теолошки идеи; секоја вистинска доктрина е втемелена во Христа и секоја на различни начини треба да влијае на нашиот начин на живот. Всушност, оправдано би можеле да кажеме дека нашиот идентитет како христијани адвентисти е вкоренет во нашите доктринални учења повеќе отколку во што било друго. Токму учењата кои произлегуваат од Библијата прават да бидеме она што сме како христијани адвентисти.

Улогата на повереничката служба е да ни помогне да живееме во согласност со вистината каква што е во Исуса, и позитивно да влијае на нашиот квалитет на живеење. „Ако сте чуле за Него и ако сте во Него поучени онака, како што е вистината во Исуса; во однос на својот поранешен живот, вие треба да го соблечете од себе стариот човек, кој тлее заради измамливите страсни желби, и да се обновувате во духот на својот ум, и да се облечете во новиот човек, кој е создаден според Бога во правдата и светоста на вистината" (Ефесјаните 4,21-24).

Во овој текст, не само што откриваме што значи да се познава вистината туку и како да се живее во согласност со неа. Да се биде повереник не значи само да се верува во одредени учења, колку и да се тие вистинити; да се биде повереник значи да се примени таа вистина во животот и во нашиот меѓусебен однос со другите луѓе.

## ТРОЈНАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ

Бог само двапати го предупредил светот за катастрофата која се наближува: еднаш таа опомена ја упатил на Ное (1. Мојсеева 6,13-18; Матеј 24,37), а вториот пат опомената ја упатил преку Тројната ангелска вест (Откровение 14,6-12). Овие пораки ја повлекуваат завесата и го откриваат единственото согледување на идните настани во светот. Нашето разбирање на овие пораки се продлабочувало со текот на времето, но пораката и налогот и понатаму гласат дека се оправдуваме преку верата во Христа, а тоа е 'непобитна порака на третиот ангел'" (Елена Вајт, *Евенѓелизам*, стр. 190. оригинал). Со други зборови, во центарот на нашата сегашна порака, пораката која сме повикани да му ја објавуваме на светот, се наоѓа Исус и Неговата голема жртва принесена за нас.

**Прочитајте Откровение 14,6-12. Која е суштината на овие пораки? Што тие му порачуваат на светот? Каква одговорност лежи на нас во врска со овие пораки и како повереничката служба се вклопува во тоа?**

__________________________________________________________________

Нашата мисија како христијани адвентисти е да ја изложиме вистината за Тројната ангелска вест во рамките на второто Христово доаѓање. Луѓето мораат да имаат прилика да донесат одлука во врска со вечноста. Улогата на повереничката служба е соработка со Бога во мисијата (2. Коринќаните 5,20; 6,1-4).

„Во посебна смисла, христијаните адвентисти поставени се во светот да бидат стражари и носители на светлината. Ним им е доверено да го објавуваат последното предупредување на светот кој пропаѓа. Нив ги осветлува прекрасната светлина од Божјата реч. Доделена им е најсвечена задача – објавувањето на пораката на првиот, вториот и третиот ангел. Не постои друго дело кое би било толку значајно. Тие не треба да дозволат ништо друго да го окупира нивното внимание" (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 9. книга, стр. 19).

Обрачот на тркалото е близу до точката на допирање со земјата и ја претставува мисијата на Тројната ангелска вест. Нејзина задача е, во теолошка смисла, да не скршнеме од вистинскиот пат и да ја утврди нашата одговорност во настаните од последните денови. Ние треба да бидеме повереници на оваа порака, објавувајќи му ја на светот.

**Додека размислуваме за настаните на последните денови, многу лесно можеме да паднеме во стапица околу одредувањето на датумот. Тие имаат своја улога, но како, додека настојуваме да му ја проповедаме оваа порака на светот, можеме да бидеме сигурни дека Исус и жртвата што ја поднел го заземаат вистинското место во нашиот живот?**

## ПОВЕРЕНИЧКАТА СЛУЖБА

Христос сака да живееме свет живот. Неговиот живот е олицетворение на светоста и како треба да изгледа суштинската повереничка служба (Евреите 9,14). Со својот живот и со сѐ она што ни е доверено треба да управуваме според Божјата волја. Повереничката служба е израз на таа светост.

**Споредете ги следните текстови: 1. Петрово 1,15.16. и Евреите 12,14. Што значи да „се биде свет“ и „светост“? Како сето тоа се однесува на нашата повереничка служба?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Римјаните откриле дека тркалото на колата ќе трае подолго ако еден слој железо се излее околу обрачот на тркалото. Мајсторите го загревале металот за да се рашири доволно и да се излее долж обрачот. Под влијание на студената вода, се собирал и цврсто се прилепувал. Така, железниот обрач бил во допир со земјата додека тркалото се вртело.

Железниот слој на обрачот може да го претставува поимот за повереничка служба. Ова е момент на вистината, кога нашиот духовен живот доаѓа во допир со секојдневниот живот, кога нашата вера се соочува со животните подеми и падови преку успесите и неуспесите, кога нашите верувања стануваат вистински во жестоките борби во секојдневниот живот. Повереничката служба е надворешна обвивка, показател кои сме и што правиме. Таа сведочи за нашето однесување и за тоа колку добро управуваме со својот живот. Нашите секојдневни дела, кои го откриваат Христа, се како железото на тркалото кое го допира патот.

Делата имаат силно влијание и мораат да бидат под управа на посветеноста на Христа. Треба да живееме со следното уверување и ветување: „Сѐ можам преку Христа, кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13).

„Всушност Светиот Дух ја всадува Христовата природа во човечката душа со што таа се посветува. Евангелската Христова религија е живот - живо, активно начело. Таа ја претставува Христовата милост откриена во карактерот и покажана со добри дела. Начелата на евангелието не можат да се изделат од кој било дел на практичниот живот. Секое подрачје од христијанското искуство и работа мора да биде слика на Христовиот живот“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 384. ориг.).

**Обрнете внимание на својот секојдневен живот, на секојдневното искуство. Кои нешта во вашиот живот го откриваат фактот дека Христос е во вас, дека дејствува во вас, создавајќи од вас нов човек? Какви одлуки треба да донесете за да се открие Неговата светост во вас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Понекогаш од тркалото на колата морал да се отстрани железниот слој поради ширењето кое настанало при удирање на металот од патот. Ова отстранување на железото барало макотрпно и долго удирање со чеканот по железниот обрач. Таквото отстранување на железниот обрач ја претставува повереничката служба како практично посветување. Тоа значи да го имаме Христовиот ум кога реагираме во сите аспекти на животот, дури и тогаш кога процесот е тежок и болен. Било овој процес да се однесува на нашата употреба на парите, семејните односи, вработувањето, да именуваме само неколку, треба да одговориме во согласност со Христовата волја. Понекогаш, како што сите добро знаеме, оваа поука можеме да ја научиме само ако доживееме одредени тешки удари.

Не е лесно да се отстрани железниот слој. Не е лесно да се исчисти човечкиот карактер. Размислете за искуството на Петар. Секаде одел со Исуса, но не очекувал дека овие зборови ќе излезат од Исусовите усни: „но Јас се молев за тебе, за да не се намали твојата вера. А ти, кога еднаш ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа“ (Лука 22,32). Набргу, откако се откажал од Исуса, Петар доживеал промена во својот живот, но дури по многу болното и тешко искуство. Во одредена смисла, неговата повереничка служба била исчистена. Петар повторно се обратил и неговиот живот тргнал во нов правец, но дури по доживеаниот удар.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како практичната посветеност е поврзана со Исусовиот налог „нека се одрече од себеси и нека го земе својот крст секој ден, и нека Ме следи“ (Лука 9,23)? Што е распнато? (Галатјаните 6,14). Како овој стих го прикажува процесот на посветување? Како практичното посветување ни помага да го познаеме Божјиот ум? (1. Коринќаните 2,16)**

**2. Што можете да кажете од свое лично искуство за тоа колку болните искушенија ви даваат силни поуки за христијанскиот живот и следбеништво? Учениците во класата, на кои не им е непријатно, нека разговараат за тие искуства и што научиле од нив. Исто така, што можеме да научиме од искуствата на другите?**

**3. Размислете за другите верувања кои ние, како христијани адвентисти, ги држиме - за саботата, состојбата на мртвите, создавањето, Второто доаѓање, итн. На кои начини овие различни верувања треба да влијаат на нашето однесување?**

**Поука 11**
**Од 10. до 16. март 2018**

# ДОЛГ – СЕКОЈДНЕВНА ОДЛУКА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 37,21; Матеј 4,3-10; Матеј 6,33; 5. Мојсеева 28,12; Мудри изреки 13,11; Мудри изреки 21,5; 2. Коринќаните 4,18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Дајте му секому она што сте му должни: кому данок - данок; кому царина - царина; кому страв - страв; кому чест - чест! Не должете му никому ништо, освен да се љубите еден друг, зашто кој го љуби другиот, го исполнува Законот“ (Римјаните 13,7.8).**

Понекогаш може да имате доволно среќа да пронајдете некој кој е расположен да ви позајми пари. Можеби таа личност тоа го прави од чисти побуди, односно, навистина сака да ви помогне да излезете од финансиските проблеми. Меѓутоа, во повеќето случаи, луѓето не позајмуваат пари поттикнати од добрина, туку затоа што, за возврат, сакаат да заработат повеќе (од вашите) пари.

Треба да правиме сѐ што можеме за да го избегнеме долгот. Секако, во одредени прилики, како што е купување куќа или автомобил, изградба на црква, треба да се позајмат пари. Но тоа мора да го направиме мудро, со цел да го отплатиме долгот колку што е можно побрзо.

Мораме да бидеме внимателни. Трошењето пари кои ги немаме претставува отворена врата за Божјиот народ „желбата и љубовта кон овоземното богатство да ги направат владејачки особини на својот карактер. Сѐ додека овие особини владеат, спасението и благодатта се на страна“ (Елена Вајт, *Early Writings*, стр. 267).

Треба да ги унапредиме своите вештини и способности за да бидеме дисциплинирани и да правиме сѐ што можеме за да ги избегнеме долговите. Оваа седмица ќе проучуваме за тоа што ни кажува Библијата за долгот.

## ПОЗАЈМУВАЊЕ

Пророците и Елисеј сечеле дрва покрај реката Јордан „а додека еден од нив ја делкаше гредата, секирата му падна во водата, и тој викна: 'Ах, господару! И уште беше позајмена!'" (2. Царевите 6,5). Глаголот „позајмува" значи да се користи со дозвола нешто што му припаѓа на друг. Оваа дозвола со себе носи ризик и одговорност. Позајмените пари ниту малку не се разликуваат од позајмената секира, освен што може да дојде до сериозни последици ако погрешно се употреби.

Единствена причина зошто позајмуваме пари е да ги потрошиме. На себе преземаме паричен ризик сметајќи дека можеме да го вратиме долгот и дека нема да има никакви финансиски изненадувања во иднина. Меѓутоа, ние не знаеме што нè чека во иднина (Проповедник 8,7), оттука позајмувањето на парите секогаш вклучува одреден ризик.

**Што ни кажуваат текстовите за задолжувањето?**

**Псалм 37,21.** ____________________________________________

____________________________________________

**Проповедник 5,5.** ____________________________________________

____________________________________________

**5. Мојсеева 28,44.45.** ____________________________________________

____________________________________________

Ние можеме да позајмиме пари со желба мудро да го употребиме, но искушението да ги потрошиме парите што ги имаме, вклучувајќи ги и позајмените пари, може да нè доведе до големи потешкотии. Трошењето на позајмените пари им овозможува на многумина да живеат на начин кој не можат себеси да си го дозволат. Искушението да позајмиме и да ги потрошиме тие пари е карактеристика на потрошувачката култура која влијае и на богатите и на сиромашните. Кога сме во искушение, треба да побараме помош од Бога (1. Коринќаните 10,13), затоа што позајмувањето може да стане проклетство (5. Мојсеева 28,43-45).

Не ја негувајте лошата навика да позајмувате пари. Ако веќе имате позајмени пари, вратете ги колку што е можно побрзо. Треба да научиме мудро да трошиме и да бидеме господари на Божјите пари, а не парите да управуваат со нас.

Повторно да нагласиме, постојат околности во кои е потребно да позајмиме пари. Но, тоа мора да го направиме внимателно, и со намера сите пари да ги вратиме штом ќе бидеме во можност.

**Какви духовни опасности ја демнат личноста која ќе западне во преголем долг?**

## ПОВЕРЕНИЧКАТА СЛУЖБА И МОМЕНТАЛНОТО ЗАДОВОЛСТВО

„Тогаш Јаков му даде на Исава леб и варило од леќа. Јадеше и пиеше, па се крена и си отиде. Така Исав го презре своето првородство" (1. Мојсеева 25,34). Исав, груб човек кој поголемиот дел од своето време го поминувал надвор, се поведувал по своите желби. Кога го намирисал готвеното јадење на брата си, веднаш посакал да го проба, иако сигурно не умирал од глад. Воден од сопствените чувства и емоции, дозволувајќи налетот на тој еден момент да го надвладее разумот, го заменил своето првенство за моменталното задоволство. Кога посакал да го врати, „иако го бараше со солзи" (Евреите 12,17), не го примил назад.

Наспроти ова, го имаме Исусовиот пример. По 40 дена пост и изгладнетост, сатаната трипати го искушал Исуса (Матеј 4,3-10). Меѓутоа, согледувајќи ги искушенијата во нивната вистинска светлина, дури и во својата слаба телесна состојба, не му попуштил на задоволството. Целиот свој живот Исус го живеел откажувајќи се од грешните задоволства и уживања, покажувајќи на тој начин дека и ние можеме да имаме сила над гревот. Исус не го продал ниту го изгубил своето првенство и Тој сите нѐ повикува да бидеме Негови сонаследници (Римјаните 8,17; Тит 3,7). Ние го чуваме своето првенство следејќи го примерот којшто Исус ни го дал кога бил искушуван (1. Коринќаните 10,13).

Најдоброто што светот може да го понуди е да стекнеме одредено искуство овде и сега, затоа што не може да ни понуди искуство во иднина. Животот свртен кон себеси е спротивен на животот посветен на Бога.

**Што ни кажуваат следните текстови за можните опасности на моменталните задоволства, дури и кога се во прашање верни луѓе? 2. Самоилова 11,2-4; 1. Мојсеева 3,6; Филипјаните 3,19; 1. Јованово 2,16; Римјаните 8,8.**

---

Желбата за моменталното задоволство укажува на незауздан ум; тој е непријател на трпението кој ги поткопува долгорочните цели; ја исмева и омаловажува одговорноста. Одложувањето на задоволството е начело кое се стекнува; тоа е животна вештина која ни помага да се избориме со одредени прилики и притисоци, посебно со искушенијата што ни ги нуди овој свет, како што е безумното позајмување пари од други луѓе. Оваа мисла, меѓутоа, не е општо прифатена во светот изграден на попуштање поради моментална награда, со привремени решениа и брзо богатење. Кога еднаш ќе доживееме моментално задоволство, поголема е веројатноста дека постојано одново ќе ја бираме краткорочната награда. Повереништите на Божјите дарови не смеат да паднат во таква стапица.

## ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО СРЕДСТВАТА ШТО ГИ ИМАМЕ

„Драгоцено е благото и маслото во станот на мудриот, а безумниот човек ги растура“ (Мудри изреки 21,20). Овој текст ја споредува службата на повереникот, кој е штедлив и одговорен, со расипното и неумерено трошење. Безумните луѓе не прават никакви планови за да живеат во согласност со своите примања. Тие лакомо ги трошат средствата што им стојат на располагање, дури и позајмените, сметајќи дека мудроста во управувањето со парите или штедливиот начин на живот е товар, како и несаканата диета. Дури и кога е потребно да позајмиме пари, за купување куќа, на пример, мораме тоа да го направиме откако внимателно ќе разгледаме и согледаме дека треба да живееме во согласност со средствата што ги имаме.

Благодарение на своето богатство, богатите луѓе можат да живеат во согласност со она што го имаат. Нивниот проблем се гледа во тоа што тие секогаш се грижат за своето богатство и за тоа како да го задржат. Кога луѓето имаат многу малку и живеат само од месечните примања, тие се грижат за тоа како да се издржуваат, а не за богатството. Сепак, Библијата советува како да живееме во согласност со средствата што ги имаме, без оглед на тоа колкави се тие. Павле вели да ја разгледаме крајната едноставност: „А кога имаме храна и облека, (може да го опфаќа и домот) да бидеме задоволни со тоа“ (1. Тимотеј 6,8). Павле не смета дека овоземните добра се толку важни бидејќи за него „живот е Христос“ и тоа му е доволно (Филипјаните 1,21).

**Кое начело мораме да го запомниме пред сè? Матеј 6,33. Како можеме да бидеме сигурни дека нашиот живот го живееме на овој начин?**

Не треба за своите средства да размислуваме како приходи, туку како извори со кои треба одговорно да управуваме. Планирањето на буџетот е метод кој може да ни помогне да ја извршиме оваа задача. Планирањето на буџетот е вештина која се учи и која треба внимателно да се проучува. Потребна е дисциплина и труд за да бидеме успешни во изготувањето на урамнотежен финансиски план (Мудри изреки 14,15). Ако се посветиме на тоа да постигнеме успех во остварувањето на плановите поврзани со располагањето со парите, ќе избегнеме многу грешки на финансиско поле.

Ако имате проблеми со управувањето со паричните средства, направете буџет. Тоа не мора да биде сложено. Едноставно можете да го утврдите вкупниот износ на трошоци за неколку месеци, а потоа подеднакво да ги распределите во своите месечни трошоци. Суштината е во тоа да живееме во согласност со своите средства и дека, без оглед на сè, правиме сè што е во наша моќ да го избегнеме долгот.

**Прочитајте го текстот во Евангелие според Лука 14,27-30. Исус во овие стихови ја прикажува цената на ученништвото давајќи пример на градител кој проценува колку ќе го чини изградбата на кулата и што ќе се случи ако не може да ја заврши. Каква поука за повереничката служба можеме да извлечеме одовде?**

## ДА КАЖЕМЕ „НЕ“ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

**Прочитајте го текстот во 5. Мојсеева 28,12. Каква поука ни дава овој текст за преголемото задолжување? Кое начело го забележуваме овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Паметно е да го избегнуваме долгот колку што е тоа можно. Писмото, исто така, нè одвраќа од тоа да гарантираме за туѓите долгови (Изреки 17,18; 22,26). Долгот влијае на иднината и нè обврзува да му се покориме на неговите барања, иако сме во слаба финансиска положба. Долгот не мора да биде развратен, но тој не го зајакнува нашиот духовен живот.

„Мора строго да се внимава на економичноста или ќе настане голем долг. Држете се до границите. Треба да го избегнуваме задолжувањето како што знаеме да се накострешиме од лепрата“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба*, стр. 272 оригинал).

Долгот може да ни донесе финансиско ропство кое ќе нè направи „слуга на позајмувачот“ (Мудри изреки 22,7). Бидејќи долгот е толку вткаен во уредувањето на нашиот економски свет, ние го сметаме за вообичаен. Всушност, цели народи се задолжени; зошто не би биле и поединци? Меѓутоа, погрешно е да се заземе таков став.

„Направи свечен завет со Бога дека со Негов благослов ќе ги отплатиш своите долгови и потоа нема никому да должиш ништо, макар и да живееш на каша и на леб. Едноставно е да ја наполниш масата така што од својот џеб ќе извадиш уште пари. Води грижа за дените, а денарите ќе се грижат за себе. Паричка овде и паричка онде кои ќе потрошиш за ова или за она, наскоро ќе станат голема сума. Откажувај се барем додека не излезеш од долговите... Немој да се откажеш, немој да се обесхрабруваш и не се враќај на старото. Откажи се од вкусот, спротивстави му се на задоволувањето на апетитот, заштеди пари и отплати ги своите долгови. Врати ги најбрзо што можеш. Кога ќе можеш повторно да стоиш исправено како слободен човек кој ништо не должи, ќе постигнеш голема победа“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба*, стр. 257 ориг.).

Долгот е слаб темел за да можат христијаните да се потпрат на него. Тој може да му наштети на нашето духовно искуство и да влијае на нашата способност парично да го потпираме Божјото дело. Ни оневозможува да им даваме на другите со доверба и ја краде приликата да ги примаме Божјите благослови.

**Какви одлуки токму сега можат да ви помогнат да избегнете некој непотребен долг? Од што треба да се откажете за да не се задолжувате?**

## ЧУВАЊЕ И ВЛОЖУВАЊЕ

Мравките работат за да соберат храна за зима (Мудри изреки 6,6-8) Ние постапуваме мудро како нив, кога по навика штедиме пари за одредена намена. Целта на штедењето е да имаме достапни средства за животните трошоци или потреби наспроти трошењето или натрупувањето на она што го заработуваме. Ако само штедиме за себе, ние ги присвојуваме Божјите добра наместо да управуваме со нив.

„Непотребно потрошените пари претставуваат двојна загуба. Не само што повеќе ги немаме, туку и можноста да ги заработиме повеќе не постои. Ако сме ставиле пари настрана, тие со давање би можеле да се намножат на Земјата или на Небото... Штедењето е дисциплина која го развива управувањето со парите. Наместо да дозволиме парите да нѐ одведат некаде каде што нашите желби навалуваат, ние ја преземаме контролата" (Ренди Ц. Алкорн, *Money, Possessions and Eternity* [Carol Stream: Illinois, Tyndale House Publishers, 2003], стр. 328).

**Прочитајте ги следните текстови: Мудри изреки 13,11: 21,5; 13,18. Кои практични совети во овие стихови можат да ни помогнат подобро да се соочиме со финансиските прашања?**

Повереницитe штедат за семејните потреби и вложуваат во Небото кога управуваат со Божјиот имот. Не е важно колку имаме, туку дали постапуваме според библискиот план на управување, какви и да се нашите парични можности. За семејните потреби треба мудро да се штеди. Намалувањето на секој можен губиток понекош може да го прошири ризикот (Проповедник 11,1.2). Настојувањето да ги намалиме загубите пред исполнувањето на своите потреби (Мудри изреки 24,27), а потоа да бараме стручен совет од другите (Мудри изреки 15,22) - и двете се успешни орудија во ваквиот модел на постапување. Кога потребите се задоволени а богатството расте, мораме да се сеќаваме на „Господа, својот Бог! Па Тој ти даде сила да го спечалиш богатството" (5. Мојсеева 8,18).

Најсигурен облик на вложување за Божјиот повереник е вложувањето во „царството небесно" (Матеј 13,44). Таму нема губитоци, опасности, крадачи или пазарни кризи. Тоа е како да имате паричник кој никогаш нема да се искине (Лука 12,33). Со прифаќањето на Христа ви се отвора сметка, а давањето десеток и дарови претставува депозит. Односно, колку и да мораме да водиме сметка за своите овоземни работи, како што е плаќањето сметки, секогаш мораме да бидеме сосредоточени на вечната вистина.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 4,18. Како оваа вистина можеме секогаш да ја имаме пред себе, додека едновремено живееме како одговорни повереници?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Секоја способност, вештина или дар доаѓаат од Бога, било да сме родени со тоа или нашето опкружување нѐ научило на така, или и едно и друго. Важна подробност во обете ситуации е - како ги користиме способностите и вештините кои ги имаме. Бог очекува од поверениците да бидат господари на своите вештини и способности преку воспитување и практично искуство (Проповедник 10,10).

Веселеило бил исполнет „со Божји Дух, мудрост, му даде (Бог) разум и секаква вештина" (2. Мојсеева 35,31). Тој и Елијав (2. Мојсеева 35,34) имале способност да ги поучуваат другите.

Ние можеме да научиме да бидеме добри повереници, а посебно како да ги отстрануваме долговите, иако живееме во материјалистички свет. Секогаш треба да ги развиваме своите вештини со читање, семинари, официјално образование или да го применуваме она што сме го научиле. Негувањето на вештините ни овозможува да дадеме за Бога најмногу што можеме и да бидеме добри повереници. Параболата за талантите укажува дека секој слуга примил таланти, „според неговата способност" (Матеј 25,15). Двајца од поверениците двојно го умножиле своето богатство; а третиот го закопал во земјата. Секогаш треба да се трудиме да го унапредиме она што го имаме. Со закопувањето на талантите, слугата не покажал никаква способност или вештина. Со управувањето со парите, излегувањето од долгот, негувањето на дисциплината и практичното искуство развиваат способности кои Бог ги благословува. За да станеме успешни и добри во нешто, мораме постојано одново да го повторуваме.

„Поуките од Библијата оставаат длабок и траен впечаток на карактерот, кога ќе влезат во секојдневниот живот. Тие поуки Тимотеј ги учел и применувал. Не се одликувал со некои посебни блескави способности, но неговата работа била скапоцена, бидејќи со своите од Бога дадени способности работел во служба на Учителот" (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 205 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Иако самоконтролата секогаш е важна во животот на христијаните, посебно е важна кога недостатокот на самоконтрола може да доведе до финансиски проблеми или пропаст. Што можеме да направиме ние како Црква за да им помогнеме на оние на кои им се заканува ваква опасност?**

**2. Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 13,7.8. како можеме да ги примениме овие зборови на нашиот секојдневен живот и во својот меѓусебен однос со другите?**

**3. Некои тврдат дека не треба да се грижиме за тоа дали ќе западнеме во долгови, затоа што Исус наскоро доаѓа. Како би одговориле на таквото тврдење?**

Поука 12
Од 17. до 23. март 2018

# НАВИКИ НА ПОВЕРЕНИЦИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 5,15-17; Колошаните 3,23; Лука 12,35-48; Јаков 4,14, Дела 3,21; 1. Коринќаните 9,24-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Како ќе го запази младиот човек чист својот пат? чувајќи ги Твоите зборови. Те барам Тебе со целото свое срце; не оставај да скршнам настрана од Твоите заповеди. Во срцето го запазив Твојот збор, за да не згрешам против Тебе“ (Псалм 119,9-11).**

Вашите навики ја откриваат целта и правецот на вашиот живот. Повереницитe кои развиваат добри навики се највeрни повереници. Даниел имал навика да се моли секој ден (Даниел 6,10). Павловиот обичај бил да оди во синагога (Дела 17, 1.2). Тој исто така запишал: „Не измамувајте се, ’лошите друштва ги расипуваат добрите навики!’“ (1. Коринќаните15,33). Треба да негуваме добри навики за да ги замениме лошите.

„Ние лично, и за овој живот и за вечноста, ќе бидеме она што ќе го направат нашите навики од нас. Животот на оние кои стекнуваат добри навики и кои се верни во извршувањето на своите секојдневни должности ќе бидат како запалени светилки, кои со своите зраци ќе го осветлуваат патот и пред другите“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 4. книга, стр. 452).

Патеката што ја создава навиката е најбрзиот пат по кој можете да тргнете за да ја добиете наградата што ја посакувате. Навиката е вкоренета одлука. Со други зборови, не мора да размислувате за тоа, едноставно тоа го правите. Таа навика може да биде многу добра или многу лоша, во зависност од тоа што го правите. Оваа седмица ќе обрнеме внимание на силните навики кои им помагаат на повереницитe да го извршат Божјото дело.

## НАВИКА: НАЈПРВО БАРАЈ ГО БОГА

Сите ние имаме навики. Прашањето гласи: Какви се? Добри или лоши? Од сите добри навики кои христијанинот може да ги има, но најважна од сите е секој ден најпрво да го бараме Бога.

„Секое утро посветувајте се на Бога себеси, својата душа, тело и дух. Создавајте навика да имате сè поголема преданост и доверба во својот Спасител“ (Елена Вајт, *Mind, Character and Personality*, 1. книга, стр. 15).

Бог рекол: „Немој да имаш други богови освен Мене“ (2. Мојсеева 20,3). Исус изјавил, во рамките на нашите основни потреби: „Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда“ (Матеј 6,33) Исто така, кажано ни е: „Ќе ме побарате, и ќе ме најдете, ако ме побарате од сè срце“ (Еремија 29,13).

**Прочитајте Матеј 22,37.38; Дела 17,28; Ефесјаните 5,15-17; Колошаните 3,23. Што се кажува во овие стихови а може да ни помогне да го ставиме Бога на прво место во нашиот живот?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Од сите примери во кои најпрво го бараме Господа, секако, ниеден не е подобар од Исусовиот пример. Исус го ставил својот татко на прво место во сè. Таа Исусова највисока вредност почнуваме да ја увидуваме уште од времето кога како дете во текот на празникот Пасха го посетил Ерусалим. Кога се соочил со мајка си, која го пронашла „во црквата“, рекол: „Јас треба да бидам во она коешто е на Мојот Татко“ (Лука 2,46.49).

Исус во својот живот копнеел за заедницата со Татка си, а за тоа сведочи Неговиот постојан молитвен живот. Учениците оваа навика не ја разбрале целосно. Ниту сите сили на темнината не можеле да го одвојат Исуса од Таткото, затоа што имал навика да одржува потполна заедница со Него.

Ние можеме да го следиме Исусовиот пример донесувајќи одлука да го сакаме Бога „со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум“ (Матеј 22,37). Преку молитва, проучување на Божјата реч и настојување да се угледаме на Исусовиот карактер во сè што правиме, ќе создадеме навика да го ставаме Бога на прво место во својот живот. Дали за христијаните постои подобра навика?

**Запрашајте се: Дали навистина го ставив Бога на прво место во својот живот? Како знаете?**

## НАВИКА: ОЧЕКУВАЈТЕ ГО ИСУСОВОТО ДОАЃАЊЕ

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 12,35-48. Што можеме да научиме од оваа парабола за тоа како треба да се однесуваме кон Второто доаѓање на Исус. Зошто сè што правиме секогаш мора да биде во рамките на вистината за Второто доаѓање?**

---

Повереничката служба по навика треба да се извршува во светлината на Исусовото доаѓање.

Карактерот на неверните повереници, кои постапуваат како верните, на крајот ќе се познае по нивните дела; верните повереници ги извршуваат своите одговорности стражарејќи и работејќи како нивниот господар да е овде присутен. Тие живеат за иднината и верно работат од ден на ден. „А нашето жителство е на небесата, од каде што го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос" (Филипјаните 3,20).

Аврам го чекал вечниот град (Евреите 11,10), Павле го чекал Христовото доаѓање (Евреите 10, 25). Тие размислувале за иднината, очекувајќи, планирајќи, подготвени да го сретнат Исуса во секој момент. Ние, исто така, мораме да ја развиеме оваа навика да гледаме во иднината постојано очекувајќи да се исполни целта на Евангелието (Тит 2,13). Наместо да ѕиркаме тука и таму или случајно да фрлиме поглед на пророштвото, треба постојано да истражуваме, да набљудуваме, да работиме, секогаш свесни за вечноста која нè чека кога Исус ќе дојде. Во исто време треба да ги избегнуваме бесмислените и измислени тврдења за настаните на последните денови. Ветувањето за Второто доаѓање го насочува нашиот живот, ни дава соодветно гледиште за сегашноста и ни помага да запаметиме што е важно во животот. Навиката на повереникот да го чека Исусовото доаѓање му пружа насоки и смисла.

Крстот го поплочил патот за да можеме да се состануваме со својот Откупител. Ние бараме патокази откриени во Писмото кои нè насочуваат кон Христовото доаѓање во славата на Таткото и ангелите (Марко 8,38) „Зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото - вечно" (2. Коринќаните 4,18).

Реалноста на смртта, секогаш присутна, треба да ни помогне да сфатиме колку е ограничено и минливо нашето време. Меѓутоа, ветувањето за Второто доаѓање исто така ни покажува дека и смртта е привремена и минлива. Затоа не треба да нè чуди што треба да живееме во светлината на ветувањето за Христовото доаѓање, ветување кое треба да влијае на животот на секој христијански повереник. Сега нека стане наша навика секогаш да живееме очекувајќи го Христовото доаѓање. Самото наше име, христијани адвентисти, го открива фактот за тоа очекување.

## НАВИКА: МУДРО ИСКОРИСТЕТЕ ГО ВРЕМЕТО

**„Ние сме вчерашни и ништо не знаеме, нашите дни се како сенка на земјата“ (За Јов 8,9).**

Можете да го запрете часовникот, но не и времето. Времето не стои; тоа се движи дури и ако не стоиме и ништо не правиме.

**Што ни кажуваат следните текстови за времето овде на Земјата, во овој живот? Јаков 4,14; Псалм 90,10.12; Псалм 39,4.5; Проповедник 3,6-8. Која основна порака можеме да ја извлечеме од обие текстови за тоа колку времето е скапоцено?**

Кога нешто е толку ограничено и необновливо, како времето, важно е христијаните да бидат добри повереници. Затоа треба да развиеме навика мудро да го користиме времето сосредоточени на она што е важно за овој и за вечниот живот. Мораме да управуваме со времето врз основа на она што ни го открива Божјата реч како важно, бидејќи, кога времето еднаш ќе помине, не може да се врати. Ако изгубиме пари, можеме на крај да ги вратиме, можеби и повеќе отколку што првично сме изгубиле. Но, со времето не е така. Изгубениот момент е изгубен засекогаш. Значи, времето е едно од најскапоцените предности коишто Бог ни ги дал. Тогаш, колку е важно да развиваме навика секој даден момент да го ползуваме колку што можеме повеќе.

„Вредноста на времето не може да се пресмета. Секој миг Христос го сметал за драгоцен, па истото се бара и од нас. Животот е премногу краток за да го проиграме. Ние имаме само кусо време на милост да се приготвиме за вечноста; затоа немаме време за фрлање, немаме време за себични уживања, немаме време да му попуштаме на гревот“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 342 оригинал).

**„Па така, внимавајте добро како живеете! Не како безумни, туку како мудри; ползувајте го времето, зашто дните се лукави“ (Ефесјаните 5,15.16). Што ни зборува овде Павле и како можеме да ги примениме овие зборови на нашите сегашни прилики?**

## НАВИКА: ОДРЖУВАЈ ГИ ЗДРАВИ УМОТ, ТЕЛОТО И ДУШАТА

Ние во почетокот сме биле создадени совршено – умствено, физички и духовно. Секако, гревот уништил сѐ. Радосната вест на Евангелието, меѓу останатото, гласи дека Бог работи на тоа да нѐ обнови онака какви што сме биле на почетокот.

**Прочитајте ги текстовите во Дела 3,21 и Откровение 21,1-5. Каква надеж пронаоѓаме во овие стихови? Како треба да живееме додека чекаме на ова конечно обновување?**

---

Христос неуморно работел додека бил на Земјата за да го воздигне човечкиот род духовно, умствено и физички, што му претходи на конечното обновување на крајот на времето. Исусовата служба на исцелување покажува дека Бог сака да бидеме здрави колку што е можно додека не дојде крајот. Затоа поверениците развиваат навики врзани за својот ум, за телото и душата која поттикнува здрав начин на живот.

Како прво, колку повеќе умот се користи, толку повеќе ќе јакне. Имајте навика да мислите „на она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете!" (Филипјаните 4,8). Таквите мисли внесуваат мир (Исаија 26,3), „кроткото срце е живот за телото" (Мудри изреки 14,30). Здравите навики на умот и овозможуваат на тврдината на силата да дејствува во најдобри можни услови.

Второ, добрите здравствени навики, како што се физичката активност и соодветниот начин на исхрана, укажуват дека се грижиме за себе. Вежбите, на пример, го намалуваат стресот и крвниот притисок, поправајќи го расположението и претставуваат еликсир кој веројатно во голема мера го спречува стареењето отколку било кој друг препарат кој е достапен на полиците.

Трето, повереникот ќе развие добри навики со кои ќе ја поткрепува душата. Издигнете ја душата кон Бога (Псалм 86,4.5) и чекајте (Псалм 62,5). Вашата душа ќе напредува додека „одиш во вистината" (3. Јованово 3) и ќе биде сочувана „ беспрекорно при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос" (1. Солуњаните 5,23).

**Размислете за своите навики и како тие влијаат на вашето духовно, физичко и ментално здравје. Дали треба да внесете извесни промени кои ќе ви помогнат да подобрите некоја или сите области? Какви одлуки можете да донесете и на кои библиски ветувања можете да се повикате, кои ќе ви помогнат да го подобрите квалитетот на својот живот сега, додека чекате на конечно обновување?**

## НАВИКА: САМОДИСЦИПЛИНА

Самодисциплината е една од најважните карактерни особини кои поверениот може да ги поседува. „Зашто Бог не ни даде дух на страшливост, туку дух на сила, љубов и себевладеење (самодисциплина)" (2. Тимотеј 1,7). Грчкиот збор за дисциплина, *sophronismos*, се јавува само во овој стих во Новиот завет и се однесува на способноста да го правиме она што мора да биде направено со урамнотежен, здрав ум кој нема да отстапи од Божјите начела. Самодисциплината може да ни помогне да разликуваме она што е „добро и зло" (Евреите 5,14), да ги сфатиме приликите околу себе, а сепак мирно и кротко да ги поднесеме притисоците и пречките, без оглед на резултатот. Даниел издржал во она што е правилно и покрај лавовите, за разлика од Самсон, кој бил склон да си угодува себеси и кој покажал малку воздржаност и здраво расудување. Јосиф во Петфриевиот дом бил истраен во она што било правилно, за разлика од Соломон, кој обожавал туѓи богови (1. Царевите 11,4.5).

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 9,24-27. Што вели овде Павле за самодисциплината?**

---

„Светот потонал во задоволување на своите желби. Заблудите и лагите вријат. Се умножуваат стапиците на сатаната за уништување на душите. Сите што сакаат совршена светост, во Божји страв мора да ја научат поуката на умереност и самосовладување. Повисоките сили на умот мора да ги потчинат желбите и страстите. Основа за стекнување на умни сили и духовна проникливост е таа самодисциплина што ќе ни овозможи да ги разбереме и вживот да ги спроведеме светите вистини на Божјата реч. Поради тоа, умереноста наоѓа свое место во делото на подготовката за второто Христово доаѓање" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 101 оригинал).

Самодисциплината се усовршува преку навиките. Бог ве повикува да „бидете и самите свети во целото свое држење" (1. Петрово 1,15) и да се обучуваме „во побожност" (1. Тимотеј 4,7). Поверениците мораат да се поучуваат на самодисциплина, како што тоа го прават и најталентираните спортисти или музичари. Ние мораме, со Божја сила и со своите внимателни напори, да се дисциплинираме себеси во поединечните работи кои навистина се важни.

**Како можеме да научиме да му се предадеме на Бога и на Неговата сила, кој единствено може да ни помогне да ја стекнеме самодисциплината која ни е потребна за да живееме како верни и побожни повереници во паднатиот и расипан свет?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Енох и Ное имале навика да одат со Бога во време кога само неколку луѓе останале верни среде неумереноста, материјализмот и насилството (1. Мојсеева 5,24; 6,9). Тие ја сфатиле и ја прифатиле Божјата благодат, и затоа биле добри повереници на имотот и задачите што им биле доверени.

Низ векови луѓето одат со Бога, како што правеле Енох и Ное. На пример, Даниел и неговите пријатели „сфатиле дека мораат да стекнат бистрина на умот и да го усовршат својот христијански карактер, и како претставници на вистинската вера да се одржат среде лажните и незнабожечки религии. Бог бил нивен Учител. Постојано на молитва, учејќи совесно, одржувајќи непрекината врска со Невидливиот, оделе со Бога како Енох" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 486 оригинал).

Повереникот „чекори со Бога", односно, тој од ден на ден живее со Бога на оваа земја. Мудриот повереник ќе стекне навика да чекори со Бога среде расипаниот свет, бидејќи само благодарение на оваа заедница со Бога можеме да бидеме сочувани да не попуштиме пред злото кое владее насекаде.

Животот на верниот повереник е сеопфатен живот кој започнува со средбата со Бога (Амос 3,3). Мораме цврсто да веруваме во Христа (Колошаните 2,6), да чекориме со Христа во нов живот (Римјаните 6,4), во љубов (Ефесјаните 5,2), мудрост (Колошаните 4,5), вистина (Псалм 86,11), во светлина (1. Јованово 1,7), непорочност (Мудри изреки 19,1), со Неговиот закон (2. Мојсеева 16,4) и добри дела (Ефесјани 2,10) по вистинската патека (Мудри изреки 4,26).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Одредете што е понизноста и објаснете ја нејзината улога во животот на повереникот (Матеј 11-29; Ефесјаните 4,2; Филипјаните 2,3; Јаков 4,10). Зошто понизноста е важна во нашето одење со Бога? (Михеј 6,8)**

**2. Разговарајте во класата за начините на кои можеме да им помогнеме на оние меѓу нас кои се фатени во стапицата на лошите, дури и разорни навики. Што можете да направите како месна црква за да им помогнете на тие луѓе?**

**3. Кои други добри навики треба да ги имаат повереницитe? Види, на пример: Тит 2,7; Псалм 119,172; Матеј 5,8.**

**4. Во класата разговарајте за времето и за тајните на времето. Зошто се чини дека толку бргу поминува? Како воопшто да сфатиме што е времето? И, што е најважно, зошто е неопходно да бидеме добри повереници во овој навистина краток временски период додека сме овде на Земјата?**

**Поука 13**
**Од 24 до 30 март 2018**

# РЕЗУЛТАТИ НА ПОВЕРЕНИЧКАТА СЛУЖБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Тимотеј 3,1-9; Езекил 14, 14; Филипјаните 4,4-13; Мудри изреки 3,5; 1. Петрово 2,11.12; Матеј 7,23; 25,21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Однесувајте се добро меѓу народите, така што токму во она за што ве клеветат како злосторници; врз основа на вашите добри дела, кога ќе ги видат, да го прослават Бога во денот на посетата“ (1. Петрово 2,12).**

Секој повереник треба да живее како сведок за Бога на кого му служи, што значи дека треба да врши силно влијание околу себе, влијание на добро.

Нашиот живот не треба да биде одвоен од светот. Наместо тоа, имаме предност да покажеме подобар начин на живот на оние кои не го познаваат она што ни е дадено. Повереничката служба претставува постојано напредување додека одговараме на Божјиот повик да живееме побожен живот. Бог нѐ оспособува да водиме живот кој се разликува од животот на останатите луѓе на Земјата (2. Коринќаните 6,17), и тоа треба да го забележат, дури и да нѐ прашаат во врска со тоа. Затоа ни е кажано: „Туку осветувајте го во своите срца Христа како Господа, секогаш подготвени за одговор на секого, кој ја бара причината на надежта, која е во вас, но со кротост и со страв“ (1. Петрово 3,15).

Во оваа последна поука ќе се осврнеме на личната предност, на духовните резултати, успешните исходи, на нашето влијание и на тоа што претставува клуч на задоволство во животот на повереницsmåте, знаејќи дека е „Христос во вас, надеж на славата“ (Колошаните 1,27).

## ПОВЕРЕНИЧКАТА СЛУЖБА И ПОБОЖНОСТА

Побожноста е широка тема. Побожните луѓе живеат свет живот (Тит 1,1), станувајќи слични на Христа со својата преданост во делата кои се по Негова волја (Псалм 4,3; Тит 2,12). Побожноста е доказ за вистинската вера и прима ветување за вечен живот. Ниту една филозофија, богатство, слава, моќ или права кои ги стекнуваме со раѓањето не нудат такво ветување.

**Прочитајте го текстот во 2. Тимотеј 3,1-9. Какво предупредување, непосредно поврзано со животот на верниот повереник, ни упатува Павле овде?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Во Книгата за Јов е опишан карактерот на Јов и неговите дела. Прикажано е како побожниот живот се открива дури и преку страдањето. Исто така, покажува и колку сатаната го презира. Дури и Бог признава дека немало човек како Јов според квалитетот на верата и начинот на живот (За Јов 2,3). „Беше некогаш во земјата Уз човек по име Јов. Тоа беше непорочен и праведен човек: се боеше од Бога и се отстрануваше од злото“ (За Јов 1,1). Значи, гледаме човек кој својата вера не ја изразувал само со збор или верски обреди, иако тоа било дел од неговиот живот (За Јов 1,5). Божјиот страв се откривал во неговиот целокупен побожен живот, дури и среде страшните искушенија. Да бидеме побожни, тоа не значи дека сме совршени, туку дека го одразуваме совршенството во својата сфера на дејствување.

**Прочитајте го текстот во Книгата на пророкот Езекил 14,14. Што ни сведочи овој текст за карактерот на овие луѓе? Што имаат заедничко што треба да се воочи и кај сите нас?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Повереничката служба е навистина израз на побожниот живот. Верните повереници немаат само изглед на побожност. Тие се навистина побожни, а таа побожност се открива преку начинот на нивното живеење, како управуваат со она што Бог им го доверил. Нивната вера не се изразува само преку она што го прават, туку и преку она што не го прават.

# ДА СЕ БИДЕ ЗАДОВОЛЕН

**„Не го зборувам тоа заради скудност, зашто научив да бидам задоволен со она во што сум“ (Филипјаните 4,11). Ако треба да бидеме задоволни во каква положба и да се наоѓаме, од каде треба да потекнува тоа задоволство?**

Пишувајќи му на Тимотеј, Павле опишува група неблагодарни луѓе „кои мислат дека побожноста е средство за печалба“ (1. Тимотеј 6,5). Дали можеме да опишеме некои телевизиски трговци на подобар начин од овој? Тие заработуваат многу пари уверувајќи ги слушателите дека, ако се верни (а таа „верност“ подразбира поддржување на нивната служба), тогаш и тие ќе станат богати. Изедначувањето на богатството со верноста е само уште еден начин на искажување на материјализмот, но под наметката на христијанството.

Факт е дека побожноста нема никаква врска со богатството. Ако е така, тогаш некои од најомразените луѓе би требало да се сметаат за побожни, затоа што воедно се и едни од најбогатите. Павле го тврди спротивното: „Побожноста и е голема печалба кога е здружена со чувство на задоволство“ (1. Тимотеј 6,6). Побожноста со задоволство во сите пригоди е највозвишен облик на богатство бидејќи Божјата благодат е многу повредна од паричната придобивка. Според тоа, треба да бидеме задоволни кога имаме „храна и облека“ (1. Тимотеј 6,8). На крај, колку и да имаме, секогаш можеме да имаме повеќе, ако сме склони така да размислуваме.

„Да чувствуваме задоволство во сите околности, тоа е голема уметност, духовна тајна. Потребно е тоа да го научиме, да се научи таа тајна... Христијанското задоволство е нежен, внатрешен, тивок, љубезен склоп на духот, кој слободно се покорува на Божјото мудро и татково водство во сите услови и ужива да го прави тоа... Тоа е кутија со скапоцено масло, мошне утешно и корисно за загриженото срце во тешко време и мачни услови“ (Јеремија Бароус, *The Rare Jewel of Christian Contentment*, стр. 1,3).

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 8,28; Евреите 13,5; Филипјаните 4,4-13. Што можеме да пронајдеме во овие стихови што може да ни помогне да живееме задоволен живот?**

## ДОВЕРБА

**Прочитајте Мудри изреки 3,5. Каква клучна порака за себе пронаоѓаме во тој стих, посебно во последниот дел, за тоа дека не треба да се потпираме на својот разум? (Види: Исаија 55,9; 1. Коринќаните 4,5; 13,12)**

---

Мислата водилка и целта на Божјите повереници е „надевај се на Господа со сето свое срце и не се потпирај врз сопствениот разум“ (Мудри изреки 3,5).

Секако, тоа најчесто е многу полесно да се каже отколку да се направи. Колку често можеме интелектуално да веруваме во Бога и во Неговата љубов и грижа кон нас, а сепак да се грижиме поради нешто со што се соочуваме? Понекогаш иднината ни изгледа застрашувачки, макар и во нашите мисли.

Како тогаш, ние како повереници учиме да стекнеме доверба во Бога? Така што ќе направиме чекор напред во својата вера и ќе бидеме послушни на Господа во сè што правиме. Довербата е дејствување на умот кое не може да се истроши со употреба; напротив, колку повеќе се потпираме на Господа, нашата доверба сè повеќе ќе расте. Да живееме како верни повереници - тоа е начинот на кој можеме да ја изразиме својата доверба во Бога. Оваа доверба е темел и движечка сила во животот на повереникот која станува видлива преку делата што ги правиме.

Имај доверба во Господа „со сето свое срце“. Изразот „свое срце“ секогаш се користи со преносно значење во Писмото. Значи дека нашите одлуки потекнуваат од внатрешното јас, кое претставува кои сме всушност ние (Матеј 22,37). Тоа го вклучува нашиот карактер, побудите и намерите – суштината на нашето битие.

Полесно е да се потпираме на Бога во врска со она со што не можеме да управуваме. Во тој случај немаме избор, освен да се потпреме на Него. Вистинската доверба „од срце“ се јавува кога мораме да донесеме одлука во врска со нешто со што можеме да управуваме, и кога од нашата доверба во Бога ќе зависи кој пат ќе го избереме.

Апостолите покажале што значи да се има доверба во Бога со целото свое срце: „Тие по својата природа биле исто така слаби и беспомошни како кој било од оние кои сега работат во делото, но сета своја доверба му ја подариле на Бога. Имале богатство, но тоа се состоело од умствената и душевната култура, а тоа може да го има секој на кого Бог му е на прво место, последен и најдобар во сè“ (Е. В., *Еванѓелски работници*, стр. 25 ориг.).

**Вистина е дека лесно можеме да се потпреме на Бога во врска со она што не можеме да го контролираме. Но, што е со она што можеме? Какви одлуки треба да донесете во кои вашата доверба во Бога ќе влијае на тоа кој пат ќе го изберете?**

## НАШЕТО ВЛИЈАНИЕ

„Зашто некогаш бевте темнина, но сега сте светлина во Господа“ (Ефесјаните 5,8). Павле ја опишува промената на срцето како нешто што сите можат да го видат: Додека „одиме во светлина“ (1. Јованово 1,7; Исаија 30,21), нашето секојдневно сведоштво преку повереничката служба која ја извршуваме, ќе биде светлина која што ќе врши влијание на мрачниот свет.

Исус рекол: „Јас сум светлината на светот“ (Јован 8,12) Ние ја одразуваме Божјата светлина со својот цврст карактер во секојдневното однесување кое не е скриено од очите на јавноста.

**Како го претставува Бога нашата повереничка служба? Какво влијание имаат нашите дела врз другите? Матеј 5,16; Тит 2,7; 1. Петрово 2,11.12.**

---

---

Повереничката служба се однесува на управувањето со Божјето сопственииштво, но таа ја надминува оваа одговорност. Нашата повереничка служба е изложена на погледот на нашето семејство, на заедницата на светот и универзумот (1. Коринќаните 4,9). Повереничката служба, исто така, прикажува какво влијание имаат начелата на Царството на нашиот живот. Оттука можеме да вршиме влијание на другите. Ние го откриваме Христа преку љубезноста и моралноста, кои носат одобрување од Создателот.

И нашата работна етика мора да биде во согласност со вредностите на повереничката служба. Нашето занимање претставува едно поле во кое се воочува повреничката служба на праведната личност. „Твојата правда ќе блесне како светлина и твојот суд како пладне“ (Псалм 37,6). Влијанието на повереникот, дури и на работното место или додека се занимава со својата дејност не е ставен „во сокриено место или под вршник“ (Лука 11,33), туку се гледа како град изграден на гора (Матеј 5,14). Ако на овој начин живеете дома и на работа, ќе влијаете на умот и срцето на луѓето во својата околина.

„Сè во природата има своја одредена работа и никој не се противи поради својата положба. Во духовниот живот секој човек и секоја жена имаат свој посебен позив и круг на влијание. Дејствувањето, кое Бог го бара, ќе биде во согласност со она што ни е доверено според мерата на Христовиот дар... Сега е вашето време и сега имате предност да... ја покажете цврстината на својот карактер, кој претставува вистинска морална вредност. Христос има право на вашата служба. Предајте му се со целото свое срце“ (Елена Вајт, *This Day With God*, стр. 243).

**Какво влијание врши вашата работна етика на оние со кои работите или кои ве гледаат во домот? Каква порака им испраќате за својата вера?**

## ЗБОРОВИ КОИ САКАМЕ (И КОИ НЕ САКАМЕ) ДА ГИ СЛУШНЕМЕ

Ние сме странци и патници на Земјата, а небото – совршено, убаво и мирно – наша конечна цел (Евреите 11,13.14). До тогаш, мораме да живееме на оваа Земја. Според христијанскиот поглед на свет, посебно како што е откриено во рамките на големата борба, не постои неутрална страна. Или живееме за Бога или за непријателот. „Кој не е со Мене, тој е против Мене; и кој не собира со Мене, растура“ (Матеј 12,30). На чија страна сме, ќе биде јасно и недвосмислено откриено тогаш кога Исус ќе се врати.

**Во еден момент по Исусовото доаѓање, оние кои тврделе дека го следат ќе слушнат една од двете изјави. Кои се тие изјави и што значи секоја од нив?**

**Матеј 25,21.** ______________________________________________

______________________________________________________________

**Матеј 7,23.** ______________________________________________

______________________________________________________________

Христовите зборови „добро, слуго“ се најпријатните и најубавите зборови кои повереникот некогаш ќе ги слушне. Божественото одобрување на нашите обиди да управуваме со Неговиот имот ќе ни донесе неискажлива радост бидејќи сме дале сè од себе, во согласност со своите способности, постојано свесни дека нашето спасение не е втемелено на нашите дела за Христа, туку на Неговите дела за нас (види: Римјаните 3,21; 4,6).

Животот на верниот повереник е одраз на верата што ја има. Обидот спасението да се стекне со дела го гледаме во зборовите на оние кои настојуваат со своите дела да се оправдаат пред Бога (види: Матеј 7,21.22). Текстот во Евангелието според Матеј 7,23 покажува дека самооправдувањето е бескорисно. „Кога Христовите следбеници ќе му го вратат на Господа она што е негово, тогаш собираат богатство кога ќе ги чујат зборовите: ’Добро, слуго добар и верен... влези во радоста на својот господар’“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 523. оригинал).

На крај, повереничката служба е живот во кој се наоѓаат двете најголеми заповеди, љуби го Бога и љуби го својот ближен, главни поттици и движечка сила во сè она што повереникот го прави.

**Како вашиот живот и повереничката служба ги одразуваат овие две најголеми заповеди?**

______________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос дошол на овој свет да ја открие Божјата љубов. Неговите следбеници треба да го продолжат делото што Тој го започнал. Да се потрудиме да си помогнеме и да се зајакнеме едни со други. Да го бараме доброто во другите е начин на кој може да се најде вистинската среќа. Човекот не работи против личното напредување љубејќи го Бога и своите ближни. Колку е неговиот дух понесебичен, толку тој е посреќен бидејќи ја исполнува Божјата цел“ (*Совети за повереничка служба,* стр. 24.25 ориг.).

„Каде што има живот во црквата, тука има напредок и раст. Тука има и постојана размена, земање и давање, примање и враќање на Господа она што е Негово. На секој вистински верник Бог му дава светлина и благослов, а верникот тоа го дели со другите во работата што ја извршува за Господа. Додека дава од она што го примил, неговиот капацитет за примање се зголемува. Се добива простор за свежи резерви на милоста и вистината. Тој добива појасна светлина, поголемо знаење. Од тоа давање и примање зависи животот и растот на црквата. Оној што прима а никогаш не дава, наскоро ќе престане и да прима. Ако вистината не тече од него кон другите, тој ја губи својата способност да прима. Ако сакаме да примаме свежи благослови, мораме да ги делиме небесните дарови“ (Елена Вајт, *Совети за повереничка служба*, стр. 36 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како довербата во Господа води кон задоволство? Што е потребно за да верувате во Бога со целото свое срце на интелектуално ниво? (2. Коринќаните 10,5) Зошто лесно може да се каже дека „сите работи содејствуваат за добро“ (Римјаните 8,28) но тешко да се поверува во тоа? Односно, зошто велиме дека имаме доверба во Бога, и навистина Му веруваме на интелектуално ниво, а сепак се плашиме од иднината?**

**2. Поставете го следното прашање во класата и споредете ги одговорите: „Која е вашата дефиниција за повереничката служба во 25 зборови или помалку? Потоа прашајте: „Зошто вашата повереничка служба е важен дел од христијанскиот живот“?**

**3. Прочитајте го повторно текстот во Евангелието според Матеј 7,21-23. Што се случува овде? Зошто луѓето ги изговараат тие зборови? Што откриваат нивните зборови за нив? Како можеме да бидеме сигурни дека, дури и ако настојуваме да бидеме добри повереници, дури и ако настојуваме да живееме живот во вера и послушност, дури и ако тежнееме да правиме добри дела во Божјо име, нема да паднеме во истиот вид на самозалажување?**

**4. Склони сме да размислуваме за христијанското влијание само на личен план. Меѓутоа, што е со влијанието на ниво на месна црква? Какво влијание врши на заедницата вашата црква како целина.**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈАНУАРИ

## ЖИВОТ БЕЗ ГРЕВ

### ХРИСТОС - ВЕЧНА РЕЧ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | ***Ефесјаните 3,8.*** | *Отклучете ја ризницата!* |
| *2. Вторник* | ***Мудри изреки 9,10.*** | *Таму каде што е почеток на мудроста* |
| *3. Среда* | ***За Јов 11,7.*** | *Кој може да го запознае Бога?* |
| *4. Четврток* | ***Колошаните 1, 27.*** | *Површното знаење не е доволно* |
| *5. Петок* | ***Јован 1,1-3.*** | *Христос - вечна Реч* |
| *6. Сабота* | ***Јован 8,58.*** | *Возвишениот Јас Сум* |

### ЅВЕЗДА НА НАДЕЖТА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | ***1. Мојсеева 1,26.27.*** | *Соработници во создавањето* |
| *8. Понеделник* | ***Римјаните 5,12.*** | *Тажен ден за вселената* |
| *9. Вторник* | ***Езекил 28, 14.15.*** | *Тајната на гревот* |
| *10. Среда* | ***1. Мојсеева 3,15.*** | *Непријателство во душата* |
| *11. Четврток* | ***Јован 1,29.*** | *Ѕвезда на надежта* |
| *12. Петок* | ***Римјаните 5,8.*** | *Откриен Божјиот карактер* |
| *13. Сабота* | ***Јован 3,16.*** | *Толку чудесна љубов!* |

### БОГ ВО ЧОВЕЧКО ТЕЛО

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | ***Евреите 11,17.18.*** | *Исак - Христова слика* |
| *15. Понеделник* | ***1. Мојсеева 28,12.*** | *Христос - таинствените скали* |
| *16. Вторник* | ***Евреите 11,24.25.*** | *Најавено првото Христово доаѓање* |
| *17. Среда* | ***2. Мојсеева 17,6.*** | *Удар во карпата* |
| *18. Четврток* | ***1. Коринќаните 10,4 .*** | *Жива вода* |
| *19. Петок* | ***Јован 1,14.*** | *Бог во човечко тело* |
| *20. Сабота* | ***Лука 2,11.12.*** | *Бебето од Витлеем* |

### ЖИВОТ БЕЗ ГРЕВ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | ***Лука 2,40.*** | *Светлина на младите* |
| *22. Понеделник* | ***Лука 2,49.*** | *Дете во храмот* |
| *23. Вторник* | ***Лука 2,43.*** | *Чувајте го Спасителот близу!* |
| *24. Среда* | ***Лука 2,52.*** | *Идеал за целото човештво* |
| *25. Четврток* | ***Матеј 3,13.*** | *Значење на Христовото крштавање* |
| *26. Петок* | ***Матеј 4,1.*** | *Искушението во пустината* |
| *27. Сабота* | ***Евреите 4,15.*** | *Живот без грев* |

### ГОЛЕМИНАТА НА ПОНИЗНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | ***Евреите 2,16.*** | *Христос страдал, бил искушуван* |
| *29. Понеделник* | ***Филипјаните 2,6.*** | *Нашиот божествен Искупител* |
| *30. Вторник* | ***Филипјаните 2,7.*** | *Небесната војска зачудена* |
| *31. Среда* | ***Филипјаните 2,8.*** | *Големината на понизноста* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ФЕВРУАРИ

# КРСТОТ НА ГОЛГОТА

### ХРИСТОС ВО ДОМОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Јован 1,18.** | *Христос Божје откровение* |
| *2. Петок* | **Јован 2,1.2.** | *Христос во домот* |
| *3. Сабота* | **Матеј 19,13-15.** | *Тој ги сака малите дечиња* |

### ИСЦЕЛИТЕЛ КОЈ СОЧУВСТВУВА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Псалм 34,11.** | *Порака за момчињата и девојчињата* |
| *5. Понеделник* | **Мудри изреки 20,11.** | *Армија на деца-мисионери* |
| *6. Вторник* | **Лука 4,18.** | *Мисионер за сиромашните* |
| *7. Среда* | **2. Коринќаните 8,9.** | *Пример* |
| *8. Четврток* | **Псалм 86,15.** | *Нежен, полн со љубов и сочувство* |
| *9. Петок* | **Лука 6,36.** | *Особина што и ние можеме да ја имаме* |
| *10. Сабота* | **Матеј 14,14.** | *Исцелител кој сочувствува* |

### НАЈДОБАР УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Матеј 8,17.** | *Тој ги понесе нашите слабости* |
| *12. Понеделник* | **Матеј 10,8.** | *Делење на небесното богатство* |
| *13. Вторник* | **1. Јованово 5,20.** | *Најдобар Учител* |
| *14. Среда* | **Јован 7,46.** | *Длабоки поуки* |
| *15. Четврток* | **Јован 10,14.15.** | *Христос - добариот Пастир* |
| *16. Петок* | **Исаија 40,11.** | *Во прегратките на Пастирот* |
| *17. Сабота* | **Јован 1,12.** | *Божји синови* |

### СВЕТИОТ ДУХ Е НАШ ПОМОШНИК

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Филипјаните 2,13.** | *Кога човекот соработува* |
| *19. Понеделник* | **Еремија 31,3.** | *Ќе го пуштиш ли внатре?* |
| *20. Вторник* | **Римјаните 8,14.** | *Светиот Дух е наш Помошник* |
| *21. Среда* | **Матеј 13,44.** | *Скриено богатство* |
| *22. Четврток* | **Мудри изреки 23,26.** | *Дали сте се придружиле?* |
| *23. Петок* | **1. Јованово 3,1.** | *»Каква љубов«!* |
| *24. Сабота* | **1. Јованово 3,2.** | *»Ќе бидеме како што е Тој«* |

### КРСТОТ НА ГОЛГОТА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **2. Коринќаните 5,17.** | *Со Големиот Учител* |
| *26. Понеделник* | **1. Петрово 1,18.19.** | *Откупени со Христовата крв* |
| *27. Вторник* | **Исаија 53,6.** | *Тежината на Божјиот гнев* |
| *28. Среда* | **Лука 23, 33.** | *Крстот на Голгота* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАРТ
# ХРИСТОВОТО ДРАГОЦЕНО БОГАТСТВО

## ГОЛГОТА – КРУНА НА БОЖЈЕТО ДЕЛО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Исаија 53,3.** | *»Беше презрен, отфрлен од луѓето«* |
| *2. Петок* | **Исаија 53,4.5.** | *»За нашите престапи беше прободен«* |
| *3. Сабота* | **Евреите 2,14.** | *Длабочината на понижувањето* |

## ВОСКРЕСЕНИЕ ЗА НОВ ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **1. Јованово 4,10.** | *Голгота – круна на Божјето дело* |
| *5. Понеделник* | **1. Петрово 1,3.4.** | *Христос - нашиот божествен Откупител* |
| *6. Вторник* | **Римјаните 6,4.** | *Воскресение за нов живот* |
| *7. Среда* | **Псалм 27,7-10.** | *Величествен собир на небото* |
| *8. Четврток* | **Римјаните 5,11.** | *Совршен откуп* |
| *9. Петок* | **Евреите 2,17.** | *Освојувач кој ја презема својата победа* |
| *10. Сабота* | **Римјаните 8,34.** | *Моментално принесување на жртва* |

## ДРАГОЦЕН БИСЕР

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **1. Јованово 2,1.** | *Посредник наметнат со нашата природа* |
| *12. Понеделник* | **Евреите 9,24.** | *Кога Исус посредува пред Бога за нас* |
| *13. Вторник* | **Евреите 7,25.** | *Целосно спасение* |
| *14. Среда* | **Евреите 6,19.20.** | *Сигурни во секоја бура* |
| *15. Четврток* | **Јован 10,27.28.** | *Исус цврсто нè држи!* |
| *16. Петок* | **Римјаните 8,32.** | *Тајната на побожноста* |
| *17. Сабота* | **Јован 14,6.** | *Мост над бездната* |

## ХРИСТОВОТО ДРАГОЦЕНО БОГАТСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Матеј 13,45.46.** | *Драгоцен бисер* |
| *19. Понеделник* | **Малахија 3,17.** | *Христовото драгоцено богатство* |
| *20. Вторник* | **Јован 10,10.** | *Најдобрата работа во животот* |
| *21. Среда* | **Псалм 139,14.** | *Најисплатливо вложување* |
| *22. Четврток* | **Јован 12,35.** | *Доверен капитал* |
| *23. Петок* | **Исаија 43,7.** | *Живот кој Бог го користи* |
| *24. Сабота* | **5. Мојсеева 32,7.** | *Водич и пријател* |

## СЕТВА И ЖЕТВА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Римјаните 14,7.** | *Исполнување на животните обврски* |
| *26. Понеделник* | **Јован 6,27.** | *Најголема цел* |
| *27. Вторник* | **Галатите 6,7.8.** | *Сеење и жетва* |
| *28. Среда* | **Римјаните 14,12.** | *Живот со кој не треба да си играме* |
| *29. Четврток* | **2. Коринќаните 3,18.** | *Обликувани според неговиот карактер* |
| *30. Петок* | **2. Петрово 1,4.** | *Како да уживаме во ветувањата* |
| *31. Сабота* | **Евреите 2,3.** | *Решение за секоја криза* |

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| **6.** | 16-20 |
| | |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 26-31 |
| 10. | 32-34 |
| 11. | 35-38 |
| 12. | 39-41 |
| **13.** | 42-44 |
| | |
| 14. | 45-47 |
| 15. | 48-50 |
| 16. | 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| **20.** | 13-15 |
| | |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-32 |
| 26. | 33-35 |
| **27.** | 36-38 |
| | |
| 28. | 39-40 |
| 29. | 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-9 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 10-12 |
| 2. | 13-15 |
| **3.** | 16-20 |
| | |
| 4. | 21-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-4 |
| 7. | 5-7 |
| 8. | 8-10 |
| 9. | 11-13 |
| **10.** | 14-16 |
| | |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 3-36 |
| **17.** | 5. Мој. 1-3 |
| | |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| **24.** | 23-25 |
| | |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 7-9 |
| 2. | 10-12 |
| **3.** | 13-15 |
| | |
| 4. | 16-19 |
| 5. | 20-24 |
| 6. | Судии 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-12 |
| **10.** | 13-15 |
| | |
| 11. | 16-18 |
| 12. | 19-21 |
| 13. | За Рута 1 и 2 |
| 14. | 3 и 4 |
| 15. | 1. Сам. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| **17.** | 7-9 |
| | |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-31 |
| **24.** | 2. Сам. 1-3 |
| | |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-11 |
| 27. | 12-14 |
| 28. | 15-17 |
| 29. | 18-20 |
| **30.** | 21-24 |
| | |
| 31. | 1. Царевите 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
3. Псалм 3
4. Псалм 4
5. Псалм 5
**6.** Псалм 6
7. Псалм 7
8. Псалм 8
9. Псалм 9
10. Псалм 10
11. Псалм 11
12. Псалм 12
**13.** Псалм 13
14. Псалм 14
15. Псалм 15
16. Псалм 16
17. Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
**20.** Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
22. Псалм 20
23. Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
**27.** Псалм 24
28. Псалм 25
29. Псалм 26
30. Псалм 27
31. Псалм 28

## *Февруари*

1. Псалм 29
2. Псалм 30
**3.** Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
6. Псалм 33
7. Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
**10.** Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
14. Псалм 39
15. Псалм 40
16. Псалм 41
**17.** Псалм 42
18. Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
22. Псалм 46
23. Псалм 47
**24.** Псалм 48
25. Псалм 49
26. Псалм 50,1-15
27. Псалм 50,16-23
28. Псалм 51
29. Псалм 52

## *Март*

1. Псалм 53
2. Псалм 54
**3.** Псалм 55
4. Псалм 56
5. Псалм 57
6. Псалм 58
7. Псалм 59
8. Псалм 60
9. Псалм 61
**10.** Псалм 62
11. Псалм 63
12. Псалм 64
13. Псалм 65
14. Псалм 66
15. Псалм 67
16. Псалм 68
**17.** Псалм 69,1-16
18. Псалм 69,17-36
19. Псалм 70
20. Псалм 71,1-15
21. Псалм 71,15-24
22. Псалм 72
23. Псалм 73,1-15
**24.** Псалм 73,16-28
25. Псалм 74
26. Псалм 75
27. Псалм 76
28. Псалм 77
29. Псалм 78,1-14
**30.** Псалм 78,15-28
31. Псалм 78,29-42

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | ДАТУМ | | | |
| | ***5.*** | ***12.*** | ***19.*** | ***26.*** |
| **Виница** | **16:13** | **16:20** | **16:28** | **16:37** |
| **Колешино** | **16:13** | **16:21** | **16:29** | **16:37** |
| **Стар Дојран** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:38** |
| **Куманово** | **16:15** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Неготино** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Струмица** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:38** |
| **Кочани** | **16:13** | **16:21** | **16:29** | **16:37** |
| **Велес** | **16:16** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Кавадарци** | **16:16** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Дебар** | **16:22** | **16:29** | **16:37** | **16:46** |
| **Скопје** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:41** |
| **Битола** | **16:20** | **16:27** | **16:35** | **16:44** |
| **Кичево** | **16:20** | **16:28** | **16:36** | **16:44** |
| **Лаки** | **16:13** | **16:20** | **16:28** | **16:37** |
| **Чифлик** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:39** |
| **Штип** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Тетово** | **16:19** | **16:26** | **16:34** | **16:43** |
| **Јегуновце** | **16:18** | **16:25** | **16:33** | **16:42** |
| **Росоман** | **16:16** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Гевгелија** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Свети Николе** | **16:15** | **16:23** | **16:31** | **16:39** |
| **Делчево** | **16:12** | **16:19** | **16:27** | **16:36** |
| **Валандово** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:38** |
| **Охрид** | **16:22** | **16:29** | **16:37** | **16:46** |
| **Радовиш** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:38** |
| **Прилеп** | **16:18** | **16:26** | **16:34** | **16:42** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ФЕВРУАРИ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 2. | 9. | 16. | 23. |
| Виница | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:13 |
| Колешино | 16:46 | 16:55 | 17:03 | 17:12 |
| Стар Дојран | 16:47 | 16:55 | 17:04 | 17:13 |
| Куманово | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Неготино | 16:49 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Струмица | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:13 |
| Кочани | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:13 |
| Велес | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:16 |
| Кавадарци | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Дебар | 16:55 | 17:04 | 17:12 | 17:21 |
| Скопје | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:17 |
| Битола | 16:53 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Кичево | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Лаки | 16:46 | 16:55 | 17:03 | 17:12 |
| Чифлик | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:14 |
| Штип | 16:48 | 16:57 | 17:05 | 17:14 |
| Тетово | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Јегуновце | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:18 |
| Росоман | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Гевгелија | 16:48 | 16:56 | 17:05 | 17:13 |
| Свети Николе | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Делчево | 16:45 | 16:54 | 17:03 | 17:11 |
| Валандово | 16:47 | 16:56 | 17:05 | 17:13 |
| Охрид | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Радовиш | 16:47 | 16:56 | 17:04 | 17:13 |
| Прилеп | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:17 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 2 | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 18:53 |
| Колешино | 17:20 | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 18:51 |
| Стар Дојран | 17:21 | 17:29 | 17:36 | 17:44 | 18:52 |
| Куманово | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:48 | 18:56 |
| Неготино | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 18:54 |
| Струмица | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:44 | 18:52 |
| Кочани | 17:21 | 17:30 | 17:38 | 17:45 | 18:53 |
| Велес | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:48 | 18:56 |
| Кавадарци | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 18:55 |
| Дебар | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 | 19:01 |
| Скопје | 17:25 | 17:33 | 17:42 | 17:49 | 18:57 |
| Битола | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:50 | 18:57 |
| Кичево | 17:27 | 17:36 | 17:43 | 17:51 | 18:59 |
| Лаки | 17:20 | 17:29 | 17:37 | 17:44 | 18:52 |
| Чифлик | 17:23 | 17:31 | 17:38 | 17:46 | 18:54 |
| Штип | 17:22 | 17:31 | 17:38 | 17:46 | 18:54 |
| Тетово | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 | 18:59 |
| Јегуновце | 17:26 | 17:35 | 17:43 | 17:51 | 18:58 |
| Росоман | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:47 | 18:55 |
| Гевгелија | 17:22 | 17:30 | 17:37 | 17:45 | 18:52 |
| Свети Николе | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 18:55 |
| Делчево | 17:20 | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 18:52 |
| Валандово | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 18:52 |
| Охрид | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:52 | 18:59 |
| Радовиш | 17:21 | 17:30 | 17:37 | 17:45 | 18:53 |
| Прилеп | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:49 | 18:56 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).**

# ОД РИЗНИЦАТА НА ДУХОВНА ЛИТЕРАТУРА НА АИК




























www.znacinavremeto.mk

www.adventisti.org.mk

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# ИНТЕРАМЕРИКАНСКА
## ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Дивизија | 1 | 144 | 0 |
| Атлантско-карипска | 85 | 32,344 | 482,000 |
| Белизе | 91 | 42,814 | 378,000 |
| Кариби | 620 | 236,257 | 3,768,000 |
| Централно-мексиканска | 227 | 80,179 | 44,802,526 |
| Чијапас | 1,113 | 217,729 | 6,611,685 |
| Кубанска | 325 | 33,158 | 11,208,000 |
| Доминиканска | 792 | 313,245 | 10,630,000 |
| Холандско-карибиска | 38 | 8,970 | 291,000 |
| Источна Венецуела | 559 | 160,639 | 15,787,555 |
| Ел Салвадор | 754 | 198,124 | 6,408,000 |
| Француски Антили Гвајана | 147 | 31,763 | 1,085,000 |
| Гватемала | 896 | 247,997 | 16,554,000 |
| Хаиќанска | 573 | 442,913 | 11,093,000 |
| Хондурас | 459 | 172,123 | 8,200,000 |
| Интерокеанско мексиканска | 1,509 | 200,872 | 30,022,709 |
| Јамајка | 677 | 296,793 | 2,732,000 |
| Северно-колумбиска | 886 | 100,015 | 20,811,622 |
| Севено-мексиканска | 632 | 148,877 | 41,393,778 |
| Панамска | 324 | 73,459 | 4,041,000 |
| Порториканска | 310 | 32,875 | 3,415,000 |
| Југоцентрална американска | 511 | 215,942 | 11,218,000 |
| Јужно-колумбиска | 716 | 158,597 | 27,950,378 |
| Југоисточно-мексиканска | 516 | 92,151 | 5,801,303 |
| Западна Венецуела | 599 | 153,970 | 15,241,445 |
| ВКУПНО: | 13,360 | 3,691,950 | 299,926,000 |

ПРОЕКТИ:

1. Антилски адвентистички Универзитет, Центар на влијание и евангелски центар, Мајагез, Порторико.
2. Јужнокарипски Универзитет, Друштвен мисионски центар, Маракас, Тринидад.
3. Југоисточна унија, Меѓукултурен мисионски центар на влијание, Табаско, Мексико.